# НОТАРИУ

СТРУЧНО СПИСАНИЕ НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА

**Година 6 Бр. 6 декември 2005**

**Нотарот во законот за трговските друштва ................................ 2**

**Статусот на нотарот во Европската и во Светската реалност ......................................... 48**

**Модерни технологии и правна безбедност ................................ 52**

**Заклучоци од стручно советување одржано на 18 и 19 јуни 2005 во Струга во врска со примената на законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело .......................... 56**

**Заклучоци од стручно советување одржано на 18 и 19 јуни 2005 во Струга во врска со примената на законот за договорен залог .................................................................... 57**

**Именик на нотарите во РМ ........................................................ 28**

*Нотарската Комора на Република Македонија и Редакцијата на стручното списание “Нотариус“, им ја честита Новата 2006 година и Божикните празници на сите свои членови, читатели и соработници на Нотарската Комора и “Нотариус“ и им посакува добро здравје, лична и семејна срека, со желби за понатамошна успешна соработка и остварување на стремежот за подобро утре.*

Нотарската Комора на Република Македонија во соработка со УСАИД - Проект за корпоративно управување и Закон за трговски друштва, организира стручно советување на нотарите, кое се одржа по апелациони подрачја и тоа: на Апелационо подрачје Штип - 10. Ноември, 2005 година; на Апелационо подрачје Битола - 11. Ноември, 2005 и Апелационо подрачје Скопје - 12. Ноември, 2005 година, на Тема:
*УЛОГАТА НА НОТАРОТ ВО ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИ ДРУШТВА, на кое советување голем придонес со своето учество и излагање дадоа- Проф. Др. Арсен Јаневски и Сениор на правниот советник на проектот на УСАИД за корпоративно управување и Закон за трговски друштва, Господин Самир Латив.*
Активно учество и свој придонес дадоа и Нотарите по апелациони подрачја и тоа: Нотар Чедо Иванов - Кочани, Виолета Ангеловска - Битола; Васил Кузмановски - Охрид; Нада Палиќ - Скопје и Нотар Зорица Пулејкова - Скопје, кои со своите излагања дадоа свои размислувања, идеи и отворија многу прашања по однос на практичната примена на одредбите од Законот за трговски друштва, кои во контекст на темата која беше на Советувањето, подготвија Записници во форма на Нотарски акти за статусни промени на трговските друштва како и Записници во форма на Нотарски акти од Основачки Собранија на акционерски друштва и Собранија на содружници, Собранија на акционери, со кои се потврдуваат одлуките за спојување, припојување или поделба на друштвата, кои Записници, како - обрасци, се објавени во овој број на "Нотариус".
Потребата од ова советување ја наметна самиот Закон за трговски друштва, кој е објавен во Сл. Весник на РМ бр. 28 од 30 април, 2004, каде за прв пат се дадени надлежности на нотарите да изготвуваат во форма на Нотарски акти - Записници, спогодби и план за поделба на друштвата, како потврдување на одлуките донесени на Собране на акционери при основање на Акцинерско друштво, како и при статусни промени на друштвата.
Целта на ова советување, пред се е едукација и унифицирана примена на одредбите од ЗТД, од страна на нотарите на Република Македонија.
Се надеваме дека со темите кои се опфатени, и овој број на "Нотариус" како стручно списание, ќе го привлече Вашето внимание и ќе придонесе за единствена примена на одредбите од ЗТД од страна на Нотарите на Република Македонија.

*Од Главниот и одговорен уредник*
*на "Нотариус"*
*Виолета Ангеловска*

# НОТАРОТ ВО ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

**Нотар Чедо Иванов**

Собранието на Република Македонија на седница одржана на 30 април 2004 година го донесе Законот за трговските друштва. Законот е објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04 ?? 30 април 2004 година и истиот влезе во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" број 28/96, 7/97, 21/98, 37/98, 63/98, 39/99, 81/99, 37/2000, 31/2001, 50/2001, 6/2002, 61/2002, 4/2003 и 51/2003), како и Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" број 58/2002, 98/2002, 42/2003 и 85/2003).

Во овој труд се опфатени одредбите од Законот за трговските друштва со кои се дадени надлежности на нотарите да изготвуваат записници од основачко собрание на акционерски друштва, да водат записници на собрание на акционерски друштво, да изработуваат во форма на нотарски акт спогодби за стаусни промени (спојување, прупојување, поделба), план за поделба на друштва, записник за усвојување на спогодба за статусни промени како и за заверка на потписи на акти во постапка за основање и промени во трговските друштва.

---

**Значење на употребени поими**

Член 3

(1) Одделните изрази употребени во овој закон го имаат следно значење:

***17) "Изјава-заверена кај нотар" е изјава чијшто <u>потпис е заверен кај нотар;</u>***

- - - - - - - - - - - -

***Според Законот за трговски друштва кај нотар се заверуваат потписи на изјави, одлуки и сл. на основачи и управители на трговски друштва. Во чл.3 став 1 алинеја се дава појаснување дека изразот <u>"Изјава-заверена кај нотар"</u> кој се употребува во останатите членови од ЗТД значи потпис на основачите, управителите, членовите на органите на управување и други лица заверени кај нотар .***

---

чл.8

(1) За трговци, во смисла на овој закон, не се сметаат:

1) физичките лица кои вршат земјоделска и шумарска дејност (индивидуални земјоделци), освен ако нивната дејност може да се води како претпријатие, во смисла на членот 4 став 1 од овој закон;

2) занаетчиите и физичките лица кои вршат услуги, освен ако нивната дејност може да се определи како претпријатие, во смисла на членот 4 став (1) од овој закон и

3) физичките лица кои вршат угостителски услуги со издавање соби во своите живеалишта.

***<u>(2) Физичките лица кои се занимаваат со слободни занимања (адвокати, нотари, лекари и други), не се сметаат за трговци во смисла на овој закон.</u>***

- - - - - - - - - - - -

***За разлика од поранешниот ЗТД, согласно чл.8 став 2 од ЗТД нотарите повеќе не се сметаат за вршители на трговска дејност туку како физички лица кои се занимаваат со слободни занимања. Согласно одредбите од Законот за трговски друштва Нотарот како вршител на јавни овластувања има одредни овластувања и надлежности :***

---

Член 14

(1) Трговецот-поединец се запишува во трговскиот регистар кај судот според местото во коешто ја врши дејноста. Во пријавата за упис се наведуваат:

1) името и презимето, единствениот матичен број на граѓанинот (во натамошниот текст: ЕМБГ) и местото на живеење;

2) фирмата под којашто ќе се врши дејноста;

3) седиштето од каде што ќе се врши дејноста и

4) предметот на работење.

(2) Пријава за упис на трговец-поединец во трговскиот регистар поднесува физичкото лице, кое бара да биде запишано како трговец-поединец или негов полномошник со посебно полномошно во коешто се наведуваат податоците што се запишуваат во трговскиот регистар.

(3) Кон пријавата за упис се приложуваат:

***<u>1) заверен потпис на трговецот-поединец кај нотар;</u>***

2) изјава од физичкото лице дека не му е изречена забрана да врши некоја од дејностите определени со овој закон и

3) изјава од физичкото лице дека уредно ги платил даночните обврски и придонесите за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување, односно дека, во согласност со членот 29 од овој закон, не постои пречка да стекне својство на трговец-поединец.

(4) Едно физичко лице запишано како трговец-поединец не може, истовремено, по која било основа, да биде запишано како трговец-поединец под друга фирма.

- - - - - - - - -

***Во постапката при уписот на трговските друштва во трговскиот регистар се потребни дејствија од нотар за заверка на актите што се поднесуваат со пријавата за упис на друштвото во трговскиот регистар.***

***Пријава за упис на трговец-поединец во трговскиот регистар поднесува физичкото лице, кое бара да биде запишано како трговец-поединец или негов полномошник со посебно полномошно во коешто се наведуваат податоците што се запишуваат во трговскиот регистар.***

***Кон пријавата за упис на трговец - поединец се приложува акт за основање на ТП со заверен потпис на трговецот-поединец <u>кај нотар;</u>***

Член 16

(1) Фирмата на трговецот-поединец може да биде пренесена на трето лице само заедно со неговото претпријатие. Во пренесената фирма се додава личното име, татковото име и презиме на новиот трговец-поединец.

(2) Трговецот-поединец објавува најмалку во еден дневен весник и во деловните простории дека има намера да ја пренесе фирмата на друго лице. Ако во рок од 30 дена од денот на објавувањето на намерата за преносот на фирмата ниту еден доверител со под-

несок пред судот не се спротивстави на преносот на фирмата, се смета дека доверителите се согласиле со преносот. Поднесокот со којшто се спротивставува на преносот на фирмата, доверителот му го поднесува и на трговецот-поединец.

(3) Ако поранешниот сопственик или неговите законски наследници тоа го одобрат, лицето кое ја презема фирмата на трговец-поединец, покрај своето лично име, татковото име и презиме, може во фирмата да го задржи и личното име и презиме на поранешниот сопственик, како една од ознаките на фирмата.

(4) Пренесувањето на фирмата се запишува во трговскиот регистар.

(5) Кон пријавата за упис на пренесување на фирмата се приложува:

***1) договор за пренос на фирмата-заверен кај нотар*** и

2) доказ дека сите доверители се согласиле со пренесувањето на фирмата, освен ако во рокот од ставот (2) на овој член, ниту еден доверител со поднесок пред судот не се спротивставил на преносот на фирмата.

- - - - - - - - -

***ЗТД дава можност фирмата на трговец-поединец да биде пренесена на трето лице заедно со неговото претпријатие. За пренесување на фирмата на трговец-поединец на трето лице се склучува договор за пренос на фирмата помеѓу трговецот-поединец и трето лице. Согласно чл.16 став 5 од ЗТД кон пријавата за упис на пренесување на фирмата се приложува договор за пренос заверен кај нотар. Всушност се работи за заверка на потписите на трговец-поединец и на трето лице на договорот пренесување на фирмата на трговец-поединец на трето лице.***

---

Член 29

(1) Трговско друштво можат да основаат домашни и странски физички и правни лица.

(2) Трговско друштво не можат да основаат:

1) физичко лице за кое со правосилна одлука на судот е утврдено дека со умисла предизвикало стечај, поради што доверителите не можеле да ги наплатат своите побарувања, додека трае забраната утврдена со одлука на судот;

2) лица над кои е отворена стечајна постапка за време на траењето на стечајната постапка;

3) лица кои не ги платиле даноците и придонесите кои со закон биле обврзани да ги платат, односно членовите на органот на управување, односно управителот на овие лица, вклучувајќи ги и лицата во друштвата што престанале;

4) лица, односно содружници или акционери во друштва чијашто сметка е блокирана, односно членовите на органот на управување, односно управителот на овие лица, се додека трае блокадата на сметката и

5) во други случаи кога со закон е одредена забрана за основање трговско друштво.

(3) Секое лице може да биде основач на повеќе друштва, ако со овој закон тоа не е забранeто.

(4) Основачи на јавно трговско друштво, односно основачи како комплементари на командитно друштво или на командитно друштво со акции, не можат да бидат физички лица кои немаат деловна способност.

(5) Физичко лице може, во исто време, да биде содружник со неограничена одговорност само во едно друштво. Јавно трговско друштво, командитно друштво и командитно друштво со акции не можат да бидат содружник со неограничена одговорност во друго такво друштво.

***(6) Кон пријавата за упис на основање на друштво во трговскиот регистар, основачите поднесуваат лична писмена изјава, заверена кај нотар дека не постои некое од ограничувањата од овој член или друго ограничување, определено со овој закон, за да основаат друштво.***

- - - - - - - - -

***Чл.29 од ЗТД го регулира прашањето кои лица можат, односно неможат да основат трговско друштво. Во став 6 од овој член, при поднесувањето на пријавата за упис во трговскиот регистар, основачите на трговското друштво се должни да поднесат лична писмена изјава заверена кај нотар дека не постои некое од ограничувањата од овој член или друго ограничување, определено со овој закон, за да основаат друштво.***

---

**Изјава за основање, за статусни промени и за преобразба**

Член 32

(1) Основачите на трговското друштво, како и првите членови на органите на управување, односно управителот, освен првите членови на органите на управување кај симултаното основање на акционерското друштво, кон пријавата за упис на основањето на трговското друштво во трговскиот регистар, поднесуваат изјава во којашто ги наведуваат дејствијата извршени со цел правилно да се основа трговско друштво и со којашто тврдат дека друштвото го основале во согласност со закон и дека податоците содржани во прилозите (исправите и доказите) коишто ги поднесуваат кон пријавата за упис на основањето во трговскиот регистар се вистинити и се во согласност со закон.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член се применува и во случај на измена на договорот на друштвото, односно на статутот. Изјавата ја даваат членовите на органите на управување, односно на надзорниот одбор, односно контролорот, ако трговското друштво има орган на надзор, кои ја вршат оваа функција во времето на измените на договорот за друштвото, односно на статутот.

(3) Во случај на присоединување, спојување или поделба на трговско друштво, односно преобразба од една во друга форма на друштво, изјавата од ставот (1) на овој член, со содржина соодветна на присоединувањето, спојувањето, поделбата, односно на преобразбата од една во друга форма на друштво, ја поднесуваат членовите на органите на управување, управителот, односно на надзорниот одбор, односно контролорот, ако друштвото има орган на надзор, кои ја вршат оваа функција во друштвото што се присоединува и во друштвото кон коешто се врши присоединувањето, во друштвата коишто се спојуваат, во друштвото коешто се дели и во друштвото коешто го прима делот од имотот и од обврските на друштвото што се дели со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање, односно во друштвото што се преобразува.

***(4) Изјавата од ставовите (1), (2) и (3) на овој член се заверува кај нотар.***

(5) Ќе се одбие да се изврши упис во трговскиот регистар на основањето, на измената на договорот за друштвото, односно на статутот, на извршената ста-

тусна промена на трговското друштво, односно на преобразбата од една во друга форма на друштво ако не биде поднесена соодветна изјава од ставовите (1),(2) и (3) на овој член.

\- - - - - - - - -

***Согласно чл.32 став 1,2 и 3 од ЗТД <u>основачите на трговското друштво како и првите членови на органите на управување, односно управителот,</u> освен првите членови на органите на управување кај симултаното основање на акционерското друштво, <u>кон пријавата за упис на основањето на трговското друштво во трговскиот регистар, поднесуваат изјава во којашто ги наведуваат дејствијата извршени со цел правилно да се основа трговско друштво и со којашто тврдат дека друштвото го основале во согласност со закон и дека податоците содржани во прилозите (исправите и доказите) коишто ги поднесуваат кон пријавата за упис на основањето во трговскиот регистар се вистинити и се во согласност со закон.</u>***

***<u>Иста ваква изјава даваат членовите на органите на управување, односно на надзорниот одбор, односно контролорот, ако трговското друштво има орган на надзор во случај на измена на договорот на друштвото, односно на статутот како и во случај на присоединување, спојување или поделба на трговско друштво, односно преобразба од една во друга форма на друштво.</u>***

***<u>Напред наведените изјави задолжително се заверуваат кај нотар.</u>***

***При секоја измена на договорот за друштвото, односно на статутот, на извршената статусна промена на трговското друштво, односно на преобразбата од една во друга форма на друштво ако не биде поднесена соодветна изјава од ставовите 1, 2 и 3 од чл.32 ќе се одбие да се изврши упис во трговскиот регистар на основањето. Ова значи дека и при секоја измена на договорот за друштвото, односно на статутот, на извршената статусна промена на трговското друштво, односно на преобразбата од една во друга форма на друштво е потребно <u>изјавата на органите од став 1, 2 и 3 да биде заверена од нотар.</u>***

\-------------------------------------------------------

**Застапник по закон**

Член 65

(1) Застапник на трговско друштво по закон е физичкото лице коешто со одредбите на овој закон е определено да ја застапува одделната форма на друштвото (во натамошниот текст: застапник по закон).

***(2) Именувањето, престанувањето на мандатот и податоците за застапникот по закон, како и ограничувањата на неговите овластувања спрема трети лица се запишуваат во трговскиот регистар. <u>При уписот на застапникот по закон во трговскиот регистар се приложува потпис-заверен кај нотар.</u> Странските лица можат да приложат потпис-заверен кај надлежниот орган во земјата чиишто државјани се.***

(3) Потписот од ставот (2) на овој член, може да се даде и како електронски потпис на соодветниот образец за упис во електронска форма.

(4) Пропуштање во постапката или која било нерегуларност при давањето на овластување за застапување или при објавувањето податок којшто се однесува на застапникот по закон, не може да се употреби против трети лица, освен ако трговското друштво докаже дека третите лица знаеле за тоа.

(5) Застапникот по закон не може, без посебно овластување на трговското друштво, да настапува како договорна страна и со друштвото да склучува договори од свое име и за своја сметка, во свое име, а за сметка на други лица, или во име и за сметка на други лица.

\- - - - - - - - -

***Согласно чл.65 став 1 од ЗТД застапник на трговското друштво е физичко лице кое што со одредбите од ЗТЗ е определено да го застапува трговското друштво (застапник по закон). При основање на трговско друштво се именува застапник по закон. Во текот на постоењето на трговското друштво, основачот на друштвото може со одлука застапникот по закон да го отповика и место него да се именува друго физичко лице за застапник по закон. <u>Именувањето, престанувањето на мандатот и податоците за застапникот по закон, како и ограничувањата на неговите овластувања спрема трети лица се запишуваат во трговскиот регистар. При уписот на застапникот по закон во трговскиот регистар или престанување на неговиот мандат, задолжително се приложува одлука за именување или престанување на мандатот од основачот со потпис-заверен кај нотар.</u> Странските лица можат да приложат потпис-заверен кај надлежниот орган во земјата чиишто државјани се.***

\-------------------------------------------------------

**Прокура**

Член 78

(1) Трговското друштво, односно трговецот-поединец ги запишуваат давањето поединечна и групна прокура, сите ограничувања на прокурата и отповикот во трговскиот регистар.

(2) Во трговскиот регистар се запишува името и презимето на прокуристот и неговиот ЕМБГ.

***<u>(3) Кон пријавата за упис се приложува и одлуката за давање на прокурата, односно одлуката со којашто се ограничува, односно отповикува таа и доказ за заверен потпис (којшто го содржи полното име и презиме на прокуристот) кај нотар.</u>***

\- - - - - - - - -

***Прокурата е трговско полномошно чијашто содржина и обем се определени со ЗТД. Прокура може да даде само лице кое според овој закон, се смета дека е трговец. Прокурата се дава на начин определен со изјавата за основање на трговското друштво од едно лице, со договорот за друштвото, односно со статутот. Прокурата се дава во писмена форма. Прокурата може да се даде на секое деловно способно физичко лице. Прокурата не може да се даде на правно лице. Прокурата може да се даде на едно физичко лице (поединечна прокура), или на две или на повеќе физички лица заедно (групна прокура). Прокурата не може да се пренесе на друго физичко лице. Прокурата може да се отповика во секое време, без оглед на правната основа врз којашто е дадена. Трговец-поединец ја дава лично прокурата и овластувањето за давање прокура не може да се пренесе на друго физичко лице.***

***Прокурата што ја дал трговец-поединец не престанува во случај на смрт на давателот на прокурата, ниту ако на давателот на прокурата му е одземена или ограничена деловната способност. Трговското друштво, односно трговецот-поединец ги запишуваат давањето поединечна и групна***

***прокура, сите ограничувања на прокурата и отповикот во трговскиот регистар. Во трговскиот регистар се запишува името и презимето на прокуристот и неговиот ЕМБГ.***
***Кон пријавата за упис на прокурата во регистарскиот суд се приложува писмена одлука за давање на прокура, односно писмена одлука со којашто се ограничува, односно отповикува прокурата како и заверен потпис на прокуристот (којшто го содржи полното име и презиме на прокуристот) кај нотар.***

---

**Поим на трговски полномошник**

Член 79

(1) Трговски полномошник е вработено лице во трговското друштво или друго физичко лице кое, за награда, е овластена од застапниците по закон на друштвото да го води претпријатието или негов дел, во рамките на даденото полномошно.
***(2) Трговското полномоштво се дава во писмена форма со заверка на потписите кај нотар.***

- - - - - - - - -

***Застапниците по закон на друштвото можат согласно ЗТД да овластат лице вработено во трговското друштво или друго физичко лице како трговски полномошник за награда да го води претпријатието или негов дел, во рамките на даденото полномоштво. Врз основа на даденото полномоштво, Трговскиот полномошник е овластен да ги склучува сите договори и да ги презема сите правни дејствија што се вообичаени во прометот при водењето на претпријатието или на негов дел и тоа во рамките на даденото полномошно.***
***Трговското полномоштво задолжително се дава во писмена форма. Потписите од застапниците на полномоштвото се заверуваат кај нотар .***

---

**Поведување на постапката за упис во трговскиот регистар**

Член 92

(1) Постапката за упис во трговскиот регистар се поведува со поднесување писмена пријава на пропишан образец, поднесена од овластен подносител, во којашто е содржано барањето за упис.
(2) Пријава за упис на трговско друштво поднесува органот на управување, односно овластен член на органот на управување, освен ако со овој закон поинаку не е определено.
***(3) Пријавата од ставот (2) на овој член, може да ја поднесе и полномошник со полномошно дадено од овластениот подносител, заверено кај нотар, освен ако со овој закон поинаку не е определено.***
(4) За вистинитоста и за законитоста на податоците одговара овластениот подносител од ставот (1) на овој член, односно лицата определени со овој закон.

- - - - - - - - -

***Постапката за упис во трговскиот регистар се поведува со поднесување писмена пријава на пропишан образец, поднесена од овластен подносител, во којашто е содржано барањето за упис. Пријава за упис на трговско друштво поднесува органот на управување, односно овластен член на органот на управување, освен ако со ЗТД поинаку не е определено. Пријавата за упис на трговско друштво може да ја поднесе и полномошник со полномошно дадено од овластениот подносител. Полномошното треба да е дадено во писмена форма и потписите на давателот на полномошното треба да е заверено кај нотар, освен ако со овој закон поинаку не е определено.***

---

**Договор за друштвото**

Член 112

(1) Договорот за друштвото содржи одредби за:
1) името и презимето, ЕМБГ, занимањето, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта (ако содружник е странско физичко лице) или на друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја и неговото државјанство и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, МБС, ако содружникот е правно лице;
2) фирмата и седиштето на јавното друштво;
3) предметот на работењето на јавното друштво;
4) видот и износот на влогот на секој содружник;
5) начинот на личното учество на секој содружник во работата на јавното друштво;
6) начинот на водење на работењето и на застапувањето на јавното друштво и начинот на донесување на одлуките;
7) начинот на распределба на добивката и начинот на покривање на загубата и
8) други прашања определени со овој закон со коишто се уредуваат односите меѓу содружниците.
***(2) Потписите на содружниците на договорот за друштвото се заверуваат кај нотар.***

- - - - - - - - -

***Повеќе физички или правни лица како содружници можат да основаат трговско друштво. Содружниците склучуваат договор за основање на трговско друштво кој согласно чл.112 мора да содржи одредби за името и презимето, ЕМБГ, занимањето, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта (ако содружник е странско физичко лице) или на друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја и неговото државјанство и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, МБС, ако содружникот е правно лице; фирмата и седиштето на јавното друштво; предметот на работењето на јавното друштво; видот и износот на влогот на секој содружник; начинот на личното учество на секој содружник во работата на јавното друштво; начинот на водење на работењето и на застапувањето на јавното друштво и начинот на донесување на одлуките; начинот на распределба на добивката и начинот на покривање на загубата и други прашања определени со овој закон со коишто се уредуваат односите меѓу содружниците. Потписите на содружниците на договорот за друштвото се заверуваат кај нотар.***

---

**Податоци што се запишуваат и прилози кон пријавата за упис во трговскиот регистар**

Член 115

(1) Во трговскиот регистар се запишуваат:
1) фирмата и седиштето на јавното друштво;
2) името и презимето, ЕМБГ, занимањето, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта (ако содружникот е странско физичко лице) или на друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја и неговото државјанство како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, МБС, ако содружникот е правно лице;
3) предметот на работењето на јавното друштво;
4) видот и износот на влогот на секој содружник и
5) начинот на застапувањето на јавното друштво.

(2) Кон пријавата се приложуваат:
1) договорот за друштвото;
2) копија од пасош или од лична карта за странски физички лица или од друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во нивната земја, односно доказ за регистрација ако основач е правно лице;
3) дозвола или друг акт на државен орган или на друг надлежен орган ако таа обврска е определена со закон за упис на јавното друштво во трговскиот регистар;
4) доказ за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари, а ако се внесува подвижна ствар за којашто со закон е определена обврска за евиденција (регистар)-доказ за сопственост над подвижната ствар;
***5) изјава од застапникот по закон на правно лице, односно изјава од физичко лице, заверена кај нотар,** односно приложување доказ дека не постои пречка да биде основач на јавното друштво во согласност со членот 29 од овој закон и*
***6) изјавата во согласност со членот 32 од овој закон.***
***(3) Содружниците, односно лицата кои според договорот за друштвото, се овластени за застапување приложуваат потписи-заверени, приложени и дадени во согласност со членот 65 ставови (2) и (3) од овој закон.***
(4) Секоја промена на податоците од ставот (1) на овој член, како и пристапувањето на содружник во јавното друштво, односно истапувањето на содружник од јавното друштво се запишуваат во трговскиот регистар со одлука за измена на договорот за друштвото.

- - - - - - - - -

***Во чл.115 од ЗТД е пропишано кои податоци за трговското друштво се запишуваат во трговскиот регистар и кои прилози кон пријавата за упис се доставуваат до регистарскиот суд. Кон пријавата за упис застапникот по закон на правното лице односно физичкото лице, согласно чл.115, став 2, точка 5 е должен да даде писмена изјава заверена кај нотар, односно да приложи доказ дека не постои пречка да биде основач на јавното друштво во согласност со членот 29 од ЗТД. Изјавите од ставовите 2 точка 5 и 6 и став 3 на чл.115 се заверуваат кај нотар.***

---

Член 150

***Командитното друштво се основа со договор за друштво. Заверката на потписите на договорот за друштвото се врши кај нотар.***

Член 153

(1) Во трговскиот регистар се запишуваат:
1) името и презимето, ЕМБГ, занимањето, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта ако содружникот е странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во неговата земја и неговото државјанство како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, МБС, ако содружникот е правно лице;
2) фирмата и седиштето на командитното друштво;
3) предметот на работењето на командитното друштво и
4) застапувањето на командитното друштво.
(2) Пријавата за упис на основањето на командитното друштво во трговскиот регистар ја поднесуваат комплементарите.
(3) Кон пријавата за упис се приложуваат:
1) договор за друштвото;
2) копија од пасош или од лична карта за странски физички лица или од друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во нивната земја, односно доказ за регистрација, ако основач е правно лице;
3) доказ за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари, а ако се внесува подвижна ствар за којашто со закон е определена обврска за евиденција (регистар)-доказ за сопственост над подвижната ствар;
***4) изјава од застапникот по закон, односно изјава од физичко лице, заверена кај нотар, односно приложување доказ дека не постои пречка да биде основач на друштвото, во согласност со членот 29 од овој закон;***
***5) изјавата во согласност со членот 32 од овој закон и***
6) дозвола или друг акт на државен орган или на друг надлежен орган, ако таа обврска е определена со закон за упис на командитното друштво во трговскиот регистар.
***(4) Содружниците, односно лицата кои, според договорот за друштвото, се овластени за застапување на командитното друштво приложуваат потписи-заверени, приложени и дадени во согласност со членот 65 ставови (2) и (3) од овој закон.***
(5) Секоја промена на податоците од ставот (1) на овој член, како и пристапувањето на содружник во командитното друштво, односно истапувањето на содружник од командитното друштво се запишува во трговскиот регистар.
(6) Објавувањето на уписот на основањето на командитното друштво во трговскиот регистар, освен пропишаните податоци, може да го опфати само назначувањето на бројот на командиторите и на вкупниот износ на нивните влогови. Името и презимето, односно фирмата на командиторот не може да се објави без негова согласност.
(7) Одредбата од ставот (6) на овој член се применува и кога командиторот пристапува кон постоечко командитно друштво, односно истапува од командитното друштво, како и кога се менува видот на влогот или износот до кој командиторот одговара.

- - - - - - - - -

***Повеќе физички и правни лица како содружници можат да основаат командитно друштво. Командитно друштво се основа со договор за друштво. Потписите на основачите на командитното друштво на договорот за основање се заверуваат кај нотар.***
***Во чл.153 од ЗТД е определено кои податоци за командитното друштво се запишуваат во трговскиот регистар и кои прилози кон пријавата за упис се доставуваат до регистарскиот суд. Кон пријавата за упис согласно чл.153, став 3, точка 4, застапникот по закон на правното лице односно физичкото лице е должен да даде писмена изјава заверена кај нотар, односно да приложи доказ дека не постои пречка да биде основач на јавното друштво во согласност со членот 29 од ЗТД како и изјава во согласност со став 1, 2 и 3 од чл.32 од овој закон заверена кај нотар.***
***Исто така содружниците, односно лицата кои, според договорот за друштвото, се овластени за застапување на командитното друштво приложуваат потписи-заверени, приложени и дадени во согласност со членот 65 ставови (2) и (3) од овој закон*** *(чл. 65 став 2 Именувањето, престанувањето*

*на мандатот и податоците за застапникот по закон, како и ограничувањата на неговите овластувања спрема трети лица се запишуваат во трговскиот регистар. При уписот на застапникот по закон во трговскиот регистар се приложува потпис-заверен кај нотар. Странските лица можат да приложат потпис-заверен кај надлежниот орган во земјата чиишто државјани се и чл.65 став 3. Потписот од ставот (2) на овој член, може да се даде и како електронски потпис на соодветниот образец за упис во електронска форма.)*

---

Член 159

***(1) Уделите во командитното друштво можат да бидат пренесени на трето лице само со согласност на сите содружници (комплементари и командитори) на командитното друштво, дадена во писмена форма и заверена кај нотар.***

(2) Со договорот за друштвото може да се определи:

1) уделите на командиторите слободно да се пренесуваат меѓу содружниците;

2) уделите на командиторите да бидат отстапени на трети лица со согласност на сите комплементари и со согласност на мнозинството командитори според големината на нивниот влог и

3) комплементарот да отстапи еден дел од својот удел на командитор или на трето лице со согласност на сите комплементари, со согласност на мнозинството командитори и според големината на нивниот влог.

- - - - - - - - -

***Со чл.159 се уредуваат правните односи меѓу содружниците на командитното друштво при пренесување на нивните удели на трето лице. Содружниците на командитното друштво согласно ЗТД можат да ги пренесат своите удели на трето лице само со согласност на сите содружници (комплементари и командитори) на командитното друштво. Согласноста за пренесување на уделите на трето лице мора да биде дадена во писмена форма и потписите на содружниците на согласноста мораат да бидат заверени кај нотар.***

---

Член 170

(1) Друштвото со ограничена одговорност (во натамошниот текст во глава трета од петтиот дел: друштвото), се основа со договор за друштвото што го склучуваат сите основачи.

(2) Ако друштвото го основа едно лице, договорот за друштвото се заменува со изјава на основачот за основање на друштвото со ограничена одговорност (во натамошниот текст: изјава за основање на друштвото).

***(3) Потписите на основачите на договорот за друштвото, односно потписот на основачот на изјавата за основање на друштвото се заверуваат кај нотар.***

***(4) Основачите го склучуваат договорот за друштвото лично или преку полномошник, кој мора да има полномошно-заверено кај нотар. Полномошно не е потребно ако застапникот на основачот врз основа на закон е овластен за него да го склучи договорот за друштвото, односно да даде изјава за основање на друштвото.***

(5) Основање на друштво со собирање содружници, односно со запишување влогови преку јавен повик не е допуштено.

- - - - - - - - -

***Друштвото со ограничена одговорност, се основа со договор за друштвото што го склучуваат сите основачи. Ако друштвото го основа едно лице, договорот за друштвото се заменува со изјава на основачот за основање на друштвото со ограничена одговорност. Потписите на основачите на договорот за друштвото, односно потписот на основачот на изјавата за основање на друштвото се заверуваат кај нотар.***

***Основачите го склучуваат договорот за друштвото лично или преку полномошник. Полномошникот мора да има полномошно-заверено кај нотар. Полномошно не е потребно ако застапникот на основачот врз основа на закон е овластен за него да го склучи договорот за друштвото, односно да даде изјава за основање на друштвото.***

---

Член 183

(1) Кон пријавата за упис на основањето на друштвото се приложуваат:

***1) договорот за друштвото, односно изјавата за основање на друштвото, со сите прилози вклучувајќи го и полномошното за полномошникот, заверени од нотар;***

2) копија од пасош или од лична карта ако основач е физичко лице или од друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја, односно доказ за регистрација ако основач е правно лице;

3) доказ од банка овластена за вршење платен промет дека секој основач уплатил најмалку една третина од паричниот влог;

4) доказ дека е уплатена најмалку половина од основната главнина, но не помалку од 2.500 ЕВРА во денарска противвредност;

5) ако се внесуваат непарични влогови-договорите со коишто тие се утврдуваат и спроведуваат, извештајот на проценувачот, освен кога во согласност со членот 177 од овој закон, не се врши процена и доказ за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари, а ако се внесува подвижна ствар за којашто со закон е определена обврска за евиденција (регистар)-доказ за сопственост над подвижната ствар;

6) одлуката за избор на управител, ако не е назначен со договорот за друштвото, во којашто се наведуваат името и презимето, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта за странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење;

***7) изјава на секој управител на друштвото дека го прифаќа изборот-заверена кај нотар, а ако со договорот за друштвото е определено дека друштво коешто има повеќе од еден управител ќе го застапува само еден од управителите, заедно или без прокурист, и изјава дека се прифаќа застапувањето на друштвото на начинот определен во договорот за друштвото;***

8) одлуката за избор на членовите на надзорниот одбор, односно на контролорот, ако друштвото има орган на надзор, во којашто се наведени името и презимето, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта за странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење;

9) доказ за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари, а ако се внесува подвижна ствар за којашто со закон е определена обврска за евиденција (регис-

тар)-доказ за сопственост над подвижната ствар;

10) дозвола или друг акт на државен орган или на друг надлежен орган ако таа обврска е определена со закон за упис на друштвото во трговскиот регистар;

***11) изјава од застапникот по закон на правно лице, односно изјава од физичко лице, заверена кај нотар,*** ***односно приложување доказ дека не постои пречка за да биде основач на друштвото, во согласност со членот 29 од овој закон и***

***12) изјава, во согласност со членот 32 од овој закон.***

***(2) Управителот, односно лицата кои според договорот за друштвото, се овластени за застапување приложуваат-потписи заверени, приложени и дадени во согласност со членот 65, ставови (2) и (3) од овој закон.***

\- - - - - - - - -

***Во чл.183 од ЗТД е регулирано што с основачите при основање на друштво со ограничена одговорност, кон пријавата за упис на основањето на друштвото треба да приложат. Меѓу другото, согласно став 1 точка 1, содружниците - основачи треба да приложат: Договор за друштвото, односно изјава за основање на друштвото, со сите прилози вклучувајќи го и полномошното за полномошникот заверени од нотар и согласно став 1, точка 7 од овој член треба да поднесат изјава на секој управител на друштвото дека го прифаќа изборот-заверена кај нотар, а ако со договорот за друштвото е определено дека друштво коешто има повеќе од еден управител ќе го застапува само еден од управителите, заедно или без прокурист, и изјава дека се прифаќа да го застапува друштвото на начинот определен во договорот за друштвото; согласно став 1 точка 11 се поднесува и изјава од застапникот по закон на правно лице, односно изјава од физичко лице, заверена кај нотар, односно приложување доказ дека не постои пречка за да биде основач на друштвото, во согласност со членот 29 од овој закон ; изјава, во согласност со членот 32 од овој закон заверена кај нотар и Управителот, односно лицата кои според договорот за друштвото, се овластени за застапување приложуваат-потписи заверени, приложени и дадени во согласност со членот 65, ставови (2) и (3) од овој закон а тоа значи кај нотар.***

\-------------------------------------------------------

Член 197

(1) Содружниците располагаат со уделите под условите-утврдени во договорот за друштвото.

(2) Уделите во друштвото можат да се пренесуваат на начин и постапка определени со договорот за друштвото.

(3) Содружникот на друштвото може да го пренесе својот удел, во целост или само дел од уделот.

***(4) Уделот се пренесува со договор за пренос на удел заверен кај нотар.***

(5) Секој пренос на удел што се врши на начин и според услови што се во спротивност со овој закон или со договорот за друштвото е ништовен.

(6) Содружникот на друштвото може да го заложи својот удел според услови определени со договорот на друштвото. На залогот на удел не се применуваат одредбите од членот 200 став (1) на овој закон.

\- - - - - - - - -

***Содружниците на друштвото со ограничена одговорност можат да располагаат со своите удели под условите, на начин и постапка определени со договорот за друштвото. Содружникот на друштвото може да го пренесе својот удел, во целост или само дел од уделот. Уделот се пренесува со договор за пренос на удел. Потписите на договорот за пренос на удел се заверуваат кај нотар.***

\-------------------------------------------------------

**Застапување на содружник**

Член 221

(1) Ако друштвото има повеќе од двајца содружници, содружник може да биде застапуван од друг содружник или друго лице на собирот на содружниците.

***(2) Кога содружникот го остварува правото на глас преку друг содружник или друго лице тој мора да му издаде полномошно на тоа лице. Полномошното се издава во писмена форма и се заверува кај нотар. Во полномошното се наведува обемот на овластувањето на полномошникот.***

***(3) Намалувањето или отповикувањето на овластувањата во полномошното од ставот (2) на овој член, мора да се направи со изјава заверена кај нотар.***

(4) Законските застапници на физичко лице и застапниците по закон на правно лице, ги застапуваат содружниците на собир на содружниците без полномошно и се должни да приложат доказ дека се законски застапници, односно застапници по закон.

***(5) Дејствијата од името на содружник може да ги врши застапник со писмено овластување, заверено кај нотар, или кај друг соодветен орган кај којшто се врши заверување на овластување во земјата чијшто државјанин е странското физичко лице, односно во земјата во којашто има основано друштво.***

\- - - - - - - - -

***Содружниците одлучуваат на собир на содружници. На собир на содружници, содружник може да биде застапуван од друг содружник или друго лице. Кога содружникот го остварува правото на управување преку друг содружник или друго лице тој мора да му издаде полномошно на тоа лице. Полномошното се издава во писмена форма и се заверува кај нотар. Во полномошното се наведува обемот на овластувањето на полномошникот. Содружникот со изјава може да го намали или да го отповика овластувањето во полномошното. Изјавата за намалување или отповикување на овластувањата во полномошното се заверува кај нотар .***

***Дејствијата од името на содружник може да ги врши застапник со писмено овластување, заверено кај нотар, или кај друг соодветен орган кај којшто се врши заверување на овластување во земјата чијшто државјанин е странското физичко лице, односно во земјата во којашто има основано друштво.***

\-------------------------------------------------------

**Отповикување на управител и престанување на мандат поради оставка**

Член 242

(1) Управител може, во секое време, да биде отповикан со одлука на содружниците, на начин на којшто одлучувале за неговиот избор, со или без образложение. Секоја поинаква одредба во договорот за друштвото се смета за ништовна.

(2) На предлог на содружник судот може да донесе одлука за отповикување на управител кој е и содружник.

(3) Управител може да поднесе оставка во кое било

време со поднесување писмено известување до сите содружници, ако интересите на друштвото не наложуваат нешто друго.

***(4) Се смета дека на управител му престанал мандатот со денот што го назначил во оставката, поднесена во писмена форма до сите содружници. Управителот го заверува потписот на оставката кај нотар. По поднесената оставка не се одлучува за нејзиното прифаќање. Ако интересите на друштвото тоа го наложуваат, содружниците можат да го обврзат управителот да ја врши функцијата до избор на нов управител, но не подолго од 30 дена. До трговскиот регистар се поднесува оставката во писмена форма за да се изврши бришење на уписот на управителот во трговскиот регистар. Ако друштвото е со еден управител, а друштвото нема избрано управител, судот поставува привремен управител, на начин определен со овој закон.***

(5) Отповиканиот управител има право на надомест на штетата ако тоа е определено со договорот за уредување на односите меѓу управителот и друштвото.

\- - - - - - - - -

***Со друштвото со ограничена одговорност управува управител на друштвото. Мандатот на управител може да престане:***

***- Со одлука на содружниците, на начин на којшто одлучувале за избор на управител, со или без образложение.***

***-Содружникот кој е и управител може до регистарскиот суд да поднесе предлог за отповикување од управител, а судот врз основа на предлогот од содружникот-управител може да донесе одлука за отповикување.***

***-Управителот може да поднесе оставка во кое било време и за оставката ги известува сите содружници. Оставката мора да биде поднесена во писмена форма, а потписот на управителот на оставката мора да биде заверен кај нотар.***

***За да се изврши бришење на уписот на управителот во трговскиот регистар, оставката во писмена форма заверена кај нотар се поднесува до трговскиот регистар.***

---

**Правно дејство на одлуката за измена на договорот за друштвото**

Член 253

***(1) Пријавата за упис на одлуката за измена на договорот за друштвото заради упис во трговскиот регистар ја поднесува управителот или од него овластено лице со полномошно, заверено кај нотар.***

(2) Кон пријавата за упис во трговскиот регистар се приложува одлуката за измена на договорот за друштвото и пречистен текст на договорот за друштвото.

(3) Уписот на одлуката за измена на договорот за друштвото во трговскиот регистар се објавува со посочување на бројот на одлуката и датумот кога е донесена.

(4) Одлуката за измена на договорот за друштвото има правно дејство спрема содружниците од денот на нејзиното донесување.

\- - - - - - - - -

***Во текот на постоењето на трговското друштво можат да настанат промени во дејноста, начинот на управување, начинот на распределба на добивката, статусни промени (присоединување, поделба) и сл. Содружниците за промените на договорот донесуваат одлука. Промените се запишуваат во трговскиот регистар. Пријавата за упис на одлуката за измена на договорот за друштвото заради упис во трговскиот регистар ја поднесува управителот или од него овластено лице со полномошно, заверено кај нотар.***

---

**Преземање нови влогови од страна на содружниците**

Член 256

(1) Новите влогови друштвото ги нуди на постојните содружници или на други лица кои не се содружници.

(2) Постојните содружници имаат право на првенствено преземање нови влогови сразмерно на дотогаш преземените влогови во основната главнина на друштвото, освен ако со договорот за друштвото, односно со одлуката за зголемување на основната главнина поинаку не е определено,

(3) Управителот, со препорачани писма, им нуди на содружниците преземање влогови во износ соодветен на зголемувањето на основната главнина, што им припаѓа според ставот (2) од овој член. Ако содружникот, во рок од 15 дена од денот на доставувањето на препорачаното писмото, не го преземе влогот, управителот, според истата постапка, ќе го понуди на другите содружници. Ако другите содружници не го преземат влогот за осум дена од денот на доставувањето на писмото, управителот, по свој избор, а во интерес на друштвото, ќе им го понуди на лица кои не се содружници, ако во договорот за друштвото или во одлуката за зголемување на основната главнина поинаку не е определено.

***(4) Влогот се презема со изјава за преземање влог којашто се дава во писмена форма. Изјавата, покрај износот на преземениот влог, содржи податоци за сите други обврски што произлегуваат од договорот за друштвото, односно од одлуката за зголемување на основната главнина. Ако лицето што презема влог не е содружник, изјавата ја содржи и неговата согласност дека станува содружник и дека ги презема правата и обврските определени со договорот за друштвото. Изјавата се заверува кај нотар.***

\- - - - - - - - -

***Зголемување на основната главнина на ДОО се врши со одлука на собирот на содружниците што има карактер на одлука со којашто се врши измена на договорот за друштвото. Зголемување на основната главнина може да се врши со преземање нови влогови или со внесување на резервите и на добивката на друштвото во основната главнина. Новите влогови друштвото ги нуди на постојните содружници или на други лица кои не се содружници. Постојните содружници имаат право на првенствено преземање нови влогови сразмерно на дотогаш преземените влогови во основната главнина на друштвото, освен ако со договорот за друштвото, односно со одлуката за зголемување на основната главнина поинаку не е определено. Управителот, со препорачани писма, им нуди на содружниците преземање влогови во износ соодветен на зголемувањето на основната главнина, што им припаѓа според ставот (2) од овој член. Ако содружникот, во рок од 15 дена од денот на доставувањето на препорачаното писмо, не го преземе влогот, управителот, според истата постапка, ќе го понуди на другите содружници. Ако другите***

***содружници не го преземат влогот за осум дена од денот на доставувањето на писмото, управителот, по свој избор, а во интерес на друштвото, ќе им го понуди на лица кои не се содружници, ако во договорот за друштвото или во одлуката за зголемување на основната главнина поинаку не е определено.***

***Влогот се презема со изјава за преземање влог којашто се дава во писмена форма. Изјавата, покрај износот на преземениот влог, содржи податоци за сите други обврски што произлегуваат од договорот за друштвото, односно од одлуката за зголемување на основната главнина. Ако лицето што презема влог не е содружник, изјавата ја содржи и неговата согласност дека станува содружник и дека ги презема правата и обврските определени со договорот за друштвото. <u>Изјавата на содружникот или трето лице за преземање на влог и изјавата на трето лице дека станува содружник и дека ги презема правата и обврските определени со договорот за друштвото се заверува кај нотар.</u>***

---

**Упис на зголемувањето на основната главнина со преземање нови влогови**

Член 257

(1) По уплатата на паричните влогови, односно внесувањето на непаричните влогови со коишто се зголемува основната главнина, во согласност со одлуката за зголемување на основната главнина,се поднесува пријава за упис на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

(2) Кон пријавата за упис се приложуваат:

1) одлуката за зголемување на основната главнина;

***<u>2) изјавите за преземање на влоговите заверени кај нотар;</u>***

3) список на лицата кои презеле нови влогови, потпишан од страна на подносителот на пријавата во којашто се наведуваат износите на преземените и уплатените влогови во што се уплатени, и докази дека се уплатени коишто се приложуваат кон списокот, а ако влоговите ги преземаат постојните содружници на друштвото-вкупниот износ на нивните влогови;

4) договор со којшто е извршено внесување на непаричните влогови ако основната главнина се зголемува со внесување непарични влогови и

5) доказ за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари, а ако се внесува подвижна ствар за којашто со закон, е определена обврска за евиденција (регистар)-доказ за сопственост над подвижната ствар.

***<u>(3) Пријавата за упис на зголемување на основната главнина во трговскиот регистар ја поднесува управителот, односно лицето коешто тој ќе го овласти со полномошно заверено кај нотар.</u>***

(4) Пред да се објави уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар, друштвото не смее во своите деловни објави и преписки да го спомнува зголемувањето на основната главнина.

(5) Во објавата на уписот дека е зголемена основната главнина на друштвото, се наведува содржината на уписот, а ако во друштвото се внесени непарични влогови се наведуваат и договорите со коишто е извршено внесувањето на непаричните влогови. Во објавата на уписот е доволно само да се упати на исправите што се приложени кон пријавата за упис.

- - - - - - - - -

***По уплатата на паричните влогови, односно внесувањето на непаричните влогови со коишто се зголемува основната главнина се поднесува пријава за упис на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар. Пријавата за упис меѓу другите поднесоци ја содржи и изјавата на содружникот или трето лице заверени кај нотар за преземање на влог и изјавата на трето лице дека станува содружник и дека ги презема правата и обврските определени со договорот за друштвото. Пријавата за упис на зголемување на основната главнина во трговскиот регистар ја поднесува управителот, а може да ја поднесе и друго лице овластено од управителот со полномошно. <u>Полномошното дадено на трето лице се заверува кај нотар .</u>***

---

**Упис на зголемувањето на основната главнина од резервите**

Член 259

(1) Пријавата за упис во трговскиот регистар на зголемувањето на основната главнина од средствата на резерви на друштвото мора да се поднесе без одлагање.

(2) Кон пријавата за упис се приложуваат:

1) одлуката за зголемување на основната главнина со претворање на резервите во основна главнина;

2) усвоената годишна сметка или билансот на состојбата врз основа на кои е донесена одлуката за зголемување на основната главнина, потврдени од страна на овластен ревизор и

***<u>3) изјава од управителот, заверена кај нотар, дека од денот на којшто се однесува годишната сметка или билансот на состојбата до денот на поднесувањето на пријавата не настанале измени во имотот на друштвото што би го попречиле донесувањето на одлуката за зголемување на основната главнина.</u>***

(3) Ќе биде извршен упис на одлуката за зголемување на основната главнина во трговскиот регистар ако поднесената годишна сметка не е постара од осум месеца од последниот ден на којшто се однесува до денот на поднесувањето на пријавата за упис на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

(4) При уписот не се проверува и не се испитува дали поднесената годишна сметка е вистинита и составена во согласност со законот.

(5) При уписот, се наведува дека основната главнина е зголемена од средства на друштвото.

- - - - - - - - -

***Зголемување на основната главнина може да се врши со преземање нови влогови или со внесување на резервите и на добивката на друштвото во основната главнина. Доколку зголемувањето на основната главнина се врши со внесување на резервите и на добивката, Пријавата за упис во трговскиот регистар на зголемувањето на основната главнина од средствата на резерви на друштвото мора да се поднесе без одлагање. Пријавата за упис меѓу другите поднесоци ја содржи и <u>изјавата од управителот, заверена кај нотар</u>, дека од денот на којшто се однесува годишната сметка или билансот на состојбата до денот на поднесувањето на пријавата не настанале измени во имотот на друштвото што би го попречиле донесувањето на одлуката за зголемување на основната главнина.***

**Основи за престанување на друштвото од едно лице**

Член 266

(1) Друштвото од едно лице, во кое сопственик на уделот е физичко лице, престанува со смртта на тоа лице ако по спроведената оставинска постапка наследниците не бараат друштвото да продолжи со работа.

***(2) За уделот на починатиот содружник, до завршувањето на оставинската постапка, правото на глас го остварува заедничкиот застапник определен од наследниците на починатиот содружник со писмено полномошно заверено кај нотар.***

(3) Ако сопственик на удел на друштво од едно лице е правно лице, друштвото престанува со престанувањето на правното лице, освен ако во постапката за стечај уделот го преземе друго лице.

- - - - - - - - -

***Друштвото со ограничена одговорност основано од физичко лице во кое сопственик на уделот е физичкото лице, престанува со смртта на тоа лице. Наследниците на физичкото лице, во оставинска постапка можат да побарат друштвото да продолжи да работи. За уделот на починатиот содружник, до завршувањето на оставинската постапка, правото на глас го остварува заедничкиот застапник определен од наследниците на починатиот содружник со писмено полномошно заверено кај нотар.***

---

**Акционерско друштво**
**Основачи на АД**

Член 285

(1) Друштвото може да биде основано од едно и од повеќе лица.

(2) Основачи на друштвото се лицата кои го потпишале статутот.

***(3) Основачите ги заверуваат потписите на статутот кај нотар.***

- - - - - - - - -

***Акционерското друштво е трговско друштво во кое акционерите учествуваат со влогови во основната главнина, којашто е поделена на акции.***

***Основачите го основаат друштвото симултано или сукцесивно.***

***Акционерско друштво се основа од едно и од повеќе физички или правни лица лица. За основачи на АД се сметаат лицата кои го потпишале статутот на друштвото. Основачи се лицата кои го потпишуваат статутот. Основачите на АД ги заверуваат потписите на статутот кај нотар.***

***Друштвото се смета за основано кога ќе биде запишано во трговскиот регистар.***

***Акционерите имаат право на глас. Секоја акција која дава право на глас дава право на еден глас во собранието на друштвото. Секоја обична акција дава право на глас во собранието. Приоритетните акции, во согласност со одредбите на овој закон, можат да бидат издадени како акции со право на глас и како акции без право на глас.***

***За акционер се смета секое лице запишано во акционерската книга на начин определен со закон.***

---

**Податоци за упис**

Член 298

(1) Во трговскиот регистар се запишуваат:

1) фирмата и седиштето на друштвото;

2) предметот на работење на друштвото;

3) износот на основната главнина и бројот на издадените акции;

4) вкупниот број на уплатени акции;

5) името и презимето, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта, ако основачот е странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, МБС, ако е основач правно лице;

6) името и презимето на сите членови на органот на управување, односно на надзорниот одбор и нивниот ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта за странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето и МБС, ако член на овие органи е правно лице;

7) времето на траење на друштвото, ако друштвото е основано на определено време и

8) овластувањата за застапување на членовите на органот на управување и на други лица овластени за застапувањето на друштвото.

(2) Секоја промена на податоците од ставот (1) на овој член, освен податоците од ставот (1), точка 5 од овој член се запишува во трговскиот регистар.

(3) Кон пријавата за упис се приложуваат:

1) статутот;

2) копија од пасош или од лична карта за странско физичко лице или од друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во неговата земја и неговото државјанство, односно доказ за регистрација, ако е основач правно лице;

3) доказ за уплатениот износ од банката во којашто е вршена уплата на акциите;

4) ако се преземаат акции со внесување непарични влогови-договорите со коишто се утврдуваат и спроведуваат тие, извештајот на проценителот и доказ за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари, а ако се внесува подвижна ствар за којашто со закон е определена обврска за евиденција (регистар)-доказ за сопственост над подвижната ствар;

5) одлуките за избор на членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор, ако тие не се назначени со статутот;

6) ако во основањето се дадени посебни погодности, договорите со коишто тие се утврдуваат и спроведуваат;

7) пресметката на трошоците за основање на друштвото во којашто се искажуваат поединечните ставки и вкупните трошоци;

8) основачкиот извештај и извештајот за ревизија на основањето, ако таков извештај бил подготвен и

9) дозвола или друг акт на државен орган или на друг надлежен орган, ако таа обврска е определена со закон за упис на друштвото во трговскиот регистар;

***10) изјава од застапникот по закон на правно лице, односно изјава од физичко лице заверена кај нотар, односно приложување доказ дека не постои пречка за да биде основач на друштвото, во согласност со членот 29 од овој закон и***

***11) изјава, во согласност со членот 32 од овој закон.***

***(4) Извршните членови на одборот на директори, односно членовите на управниот одбор, како и другите лица кои, според статутот, се овластени за застапување поднесуваат потписи-заверени, приложени и дадени во согласност со членот 65 ставови (2) и (3) од овој закон.***

(5) Основачите на друштвото одговараат за веродостојноста, вистинитоста и точноста на податоците содржани во пријавата и за прилозите што со овој закон е определено дека се приложуваат кон пријавата за упис на основањето на друштвото во трговскиот регистар.

- - - - - - - - -

***Во чл.298 се наброени податоците за АД што се запишуваат во трговскиот регистар и поднесоците што се поднесуваат со пријавата за упис на АД во трговскиот регистар. Меѓу другите поднесоци, кон пријавата за упис во трговскиот регистар согласно став 3 точка 10 се приложува <u>изјава од застапникот по закон на правно лице, односно изјава од физичко лице заверена кај нотар, односно приложување доказ дека не постои пречка за да биде основач на друштвото, во согласност со членот 29 од овој закон и согласно точка 11 изјава во согласност со членот 32 од овој закон. Исто така согласно став 4 од овој член Извршните членови на одборот на директори, односно членовите на управниот одбор, како и другите лица кои, според статутот, се овластени за застапување поднесуваат потписи-заверени кај нотар, приложени и дадени во согласност со членот 65 ставови (2) и (3) од ЗТД.</u> Странските лица можат да приложат потпис-заверен кај надлежниот орган во земјата чиишто државјани се.***

---

**Услови за полноважно одлучување на основачко собрание**

Член 312

(1) Основачкото собрание се одржува во седиштето на друштвото, ако со повикот не биде определено некое друго место.

(2) На основачкото собрание мора да бидат присутни основачите и запишувачите на акции кои имаат во сопственост мнозинство од сите акции, а ако друштвото издало акции од повеќе родови, тогаш и мнозинство на акции од секој род на акции.

***<u>(3) Основачкото собрание го отвора нотар, претходно определен од основачите. Нотарот мора да состави список на присутните основачи и запишувачи, односно на нивните полномошници и да утврди дали се исполнети условите за одржување на основачкото собрание.</u>***

(4) Ако на основачкото собрание не се исполнети условите од ставот (2) на овој член и ако рокот за одржување на основачкото собрание судот не го продолжил, во согласност со членот 310 став (3) од овој закон, основачите можат повторно да го свикаат собранието и тоа најдоцна во рок од 15 дена од денот на кој требало да се одржи неодржаното основачко собрание. Од денот на повторното свикување на собранието до денот на неговото одржување мора да поминат најмалку осум, а најмногу 15 дена. Повторно свиканото собрание работи и одлучува со кворумот определен во ставот (2) од овој член.

- - - - - - - - -

***Најдоцна за 60 дена по истекот на рокот за запишување на акциите, се одржува Основачко собрание на АД. Основачите го свикуваат основачкото собрание со повик, што мора да се објави на ист начин како и јавниот повик за запишување на акции. Од денот на последното објавување на повикот за свикување на основачкото собрание и денот на одржувањето на основачкото собрание мора да поминат најмалку 15 дена. Основачите се должни во овој рок на запишувачите на кои им се распределени акции во банката во којашто се запишани да им ги ставаат на увид статутот, основачкиот извештај, јавниот повик, списокот на уписниците, извештајот на основачите за трошоците на основањето, списокот за распределбата на акциите и списокот на лицата кои презеле акции без запишување врз основа на јавниот повик со наведување на бројот и родот на акциите коишто секој од нив ги презел и извештајот за ревизија на основањето, ако таков извештај, по барање на основачите, односно на други лица, бил подготвен.***

***Судот на чиешто подрачје се наоѓа седиштето на друштвото може, на предлог на основачите, ако за тоа постојат оправдани причини, рокот за одржување на основачкото собрание да го продолжи за 30 дена. За одржување на основачкото собрание соодветно се применуваат одредбите на овој закон за собранието, ако тоа поинаку не е определено со овој закон.***

***Во повикот за одржување на основачко собрание се одредува датумот, часот и местото на одржување на собранието. Основачкото собрание по правило се одржува во седиштето на друштвото, освен ако со повикот не биде определено некое друго место.***

***На основачкото собрание мора да бидат присутни основачите и запишувачите на акции кои имаат во сопственост мнозинство од сите акции, а ако друштвото издало акции од повеќе родови, тогаш и мнозинство на акции од секој род на акции.***

***Ако на основачкото собрание не се исполнети условите од чл.312 став 2 од ЗТД и ако рокот за одржување на основачкото собрание судот не го продолжил, во согласност со членот 310 став 3 од овој закон, основачите можат повторно да го свикаат собранието и тоа најдоцна во рок од 15 дена од денот на кој требало да се одржи неодржаното основачко собрание. Од денот на повторното свикување на собранието до денот на неговото одржување мора да поминат најмалку 8, а најмногу 15 дена. Повторно свиканото собрание работи и одлучува со кворумот определен во чл.312 став 2 од овој закон.***

---

***<u>Согласно чл. 71 од Законот за нотарското работење</u> нотарот на повик на овластено лице на трговско друштво може да присуствува на собрание или на седница на некој друг орган на правно лице и да води записник од седницата на собранието, односно органот на управување. Во записникот нотарот ќе го внесе денот и времето на седницата, ќе опише се што во негово присуство се случувало, се предлагало и било изјавено, доколку тоа е важно за оценување на правилноста на постапката, а посебно заклучоците и одлуките донесени на седницата. Тој ќе потврди и се друго што со закон е пропишано. Записникот од седницата го потпишуваат нотарот и лицето кое претседавало со седницата како и други лица доколку со закон е пропишано.***

---

*Нотарот присуствува на основачко собрание на акционерско друштво. Согласно чл.312 став 3 од ЗТД присуството на нотарот на основачкото собрание на АД е задолжително.*

*<u>Основачкото собрание го отвора нотар, претходно определен од основачите.</u> <u>Нотарот мора да состави</u>*

***<u>список на присутните основачи и запишувачи на акции кои имаат во сопственост мнозинство од сите акции, а ако друштвото издало акции од повеќе родови, тогаш и мнозинство на акции од секој род на акции.</u>***

***<u>Основачите и запишувачите на акциите, на основачкото собрание може да ги застапуваат полномошници. Полномошното дадено на полномошниците треба да е заверено кај нотар.</u>***

***За да може собранието полноважно да заседава и да донесува одлуки е потребно постење на кворум од основачите и запишувачите на акции. Кворумот за работа не е поврзан со бројот на основачите и запишувачите на акции-акционерите, односно со нивните застапници во собранието, туку за бројот на нивните акции (најмалку една половина во основната главнина на друштвото), доколку со актот за основање на друштвото не е утврдено друго квалификувано мнозинство. На основачкото собрание секоја акција дава право на еден глас.***

***<u>По утврдување на кворумот, односно мнозинството потребно за работа нотарот утврдува дали се исполнети услови за одржување на основачкото собрание.</u>***

**Тек на основачкото собрание**

Член 313

(1) По отворањето на основачкото собрание се избира претседавач на основачкото собрание и двајца бројачи на гласови. Потоа, се чита основачкиот извештај и извештајот за ревизија на основање, ако таков извештај, по барање на основачите, односно други лица, во согласност со овој закон, бил подготвен. Прилозите кон наведените извештаи се читаат само ако тоа го побараат присутните и застапени основачи и запишувачи на акции кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите со право на глас.

***<u>(2) Записникот за работа на основачкото собрание го води нотар. Записникот, освен нотарот, го потпишува претседавачот на основачкото собрание и бројачите на гласови.</u>***

\- - - - - - - - -

***<u>Основачкото собрание го отвора нотар определен од основачите</u>. <u>Нотарот предлага основачите и запишувачите на акции да изберат претседавач на основачкото собрание и двајца бројачи на гласови.</u> Основачите и запишувачите на акции предлагаат лице за претседавач и двајца бројачи на гласовите. По дадените предлози, Нотарот предлага со јавно гласање основачите и запишувачите на акции да гласаат за предложените кандидати. По извршеното јавно гласање, Нотарот ќе констатира за кој од предложените кандидати гласало мнозинството основачи и запишувачи на акции и ќе прогласи кој е избран за претседавач и за бројачи на гласови. По извршениот избор на претседавач и двајца бројачи на гласови собранието продолжува да го води избраниот претседавач .***

***По изборот на претседавач се чита основачкиот извештај и извештајот за ревизија на основање, ако таков извештај, по барање на основачите, односно други лица, во согласност со овој закон, бил подготвен. Прилозите кон наведените извештаи се читаат само ако тоа го побараат присутните и застапени основачи и запишувачи на акции кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите со право на глас.***

***<u>Записникот за работа на основачкото собрание го води нотар</u>. <u>Записникот го потпишува нотарот, претседавачот на основачкото собрание и бројачите на гласови.</u>***

\-----------------------------------------------

***Надлежност на основачкото собрание (Член 314). Собранието го усвојува основачкиот извештај и извештајот за ревизија на основањето, ако таков бил подготвен; -утврдува дали се запишани, односно преземени и распределени сите акции, дали се внесени сите влогови што според закон и според статутот морале да се внесат до одржувањето на основачкото собрание и дали друштвото ќе може слободно да располага со она што е внесено по уписот во трговскиот регистар; -го утврдува износот на трошоците за основање коишто се на товар на друштвото и ги избира оние органи на друштвото што според законот и статутот ги избира собранието, освен ако, во согласност со овој закон, не се назначени со статутот.***

\-----------------------------------------------

***Гласање на основачкото собрание (Член 315). На основачкото собрание секоја акција дава право на еден глас, освен за изборот на одборот на директори, односно надзорниот одбор за којшто право на глас даваат само акциите со право на глас. За прашањата од членот 314 точка 2 на овој закон што се однесуваат на непаричните влогови мора да се гласа одвоено за секој непаричен влог. Основачите и запишувачите на акции врз основа на непарични влогови немаат право на глас. Основачите немаат право на глас ниту кога се гласа за прашањата од членот 314 точки 1 и 3 на овој закон. На основачкото собрание се одлучува со мнозинство гласови од кворумот определен во членот 312 став (2) од овој закон, без акциите застапени на собранието што се изоставени од гласањето, во согласност со ставот (2) од овој член. По исклучок од ставот (3) на овој член, изборот на одборот на директори, односно надзорниот одбор се врши со мнозинство од присутните основачи и запишувачи на акциите со право на глас, ако на основачкото собрание се присутни мнозинството основачи и запишувачи на акциите со право на глас. За измените на одредбите на статутот од членот 287 став (1) на овој закон е потребна согласност на сите основачи и запишувачи на акции.***

\-----------------------------------------------

**Пријава и податоци за упис**

Член 316

(1) Пријава за упис на сукцесивното основање на друштвото во трговскиот регистар се поднесува на начин и според условите од членот 297 на овој закон.
(2) Во трговскиот регистар се запишуваат податоците определени во членот 298 став (1) од овој закон. Секоја промена на запишаните податоци, освен податоците од членот 298 став (1) точка 5 се запишува во трговскиот регистар.
(3) Кон пријавата за упис се приложуваат:
1) статутот;
2) копија од пасош или од лична карта за странски физички лица или од друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во нивната земја, односно доказ за регистрација, ако основач е правно лице;
3) доказ за уплатениот износ од банката во којашто е извршена уплатата на акциите, а ако е внесен непаричен влог во недвижна ствар-со извештајот на проценителот и доказ за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на

недвижни ствари, а ако се внесува подвижна ствар за којашто со закон е определена обврска за евиденција (регистар)-доказ за сопственост над подвижната ствар и по еден примерок од проспектот врз основа на кој е запишана целата или дел од основната главнина;
4) записникот од основачкото собрание со поканата за него и со списокот на учесниците;
5) одлуките за избор на членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор ако тие не се назначени со статутот;
6) основачкиот извештај и извештајот за ревизија на основањето ако таков извештај, по барање на основачите, односно други лица, во согласност со овој закон, бил подготвен;
7) договорите со коишто се утврдени или со коишто се вложени непарични влогови, ако во основањето се вложуваат непарични влогови;
8) дозвола или друг акт на државен орган или на друг надлежен орган, ако таа обврска е определена со закон за упис на друштвото во трговскиот регистар;
***9) изјава од застапникот по закон на правно лице, односно изјава од физичко лице заверена кај нотар, односно приложување доказ дека не постои пречка за да биде основач на друштвото, во согласност со членот 29 од овој закон и***
***10) изјавата, во согласност со членот 32 од овој закон.***
***(4) Извршните членови на одборот на директори, односно членовите на управниот одбор, како и другите лица кои, според статутот, се овластени за застапување поднесуваат потписи-заверени, приложени и дадени во согласност со членот 65 ставови (2) и (3) од овој закон.***
(5) Основачите на друштвото одговараат за веродостојноста, вистинитоста и точноста на податоците, содржани во пријавата и за прилозите за коишто со овој закон е определено дека се приложуваат кон пријавата за упис на основањето на друштвото.

- - - - - - - - -

***По основањето на АД на оснивачкото собрание до регистарскиот суд се поднесува пријава за упис на АД во судскиот регистар на трговски друштва. Пријавата за упис ја поднесува до судот органот на управување, односно овластен член на органот на управување, освен ако со овој закон поинаку не е определено.***
***Кон пријавата за упис пријавата покрај другото, согласно став 3, точка 9 од овој член се поднесува и изјава од застапникот по закон на правно лице, односно изјава од физичко лице заверена кај нотар, односно се приложува доказ дека не постои пречка за да биде основач на друштвото, во согласност со членот 29 од овој закон и согласно точка 10 од овој член изјава , во согласност со членот 32 од овој закон заверена кај нотар.***

---

**Оставка**

Член 364

(1) Член на органот на управување, односно на надзорниот одбор може да поднесе оставка во кое било време со поднесување писмено известување до органот што го избрал, освен кога интересите на друштвото не наложуваат нешто друго.
***(2) Потписот на членот на органот на управување, односно на надзорниот одбор на известувањето за оставката се заверува кај нотар.***
(3) По поднесена оставка не се одлучува за нејзиното прифаќање. Ако интересите на друштвото го наложуваат тоа, органот на управување, односно надзорниот одбор може да го обврзе членот кој дал оставка да продолжи да ја врши функцијата со до изборот на нов член на органот на управување, односно на надзорниот одбор, но не подолго од 60 дена. Се смета дека на членот на органот на управување, односно на надзорниот одбор му престанал мандатот со денот на поднесувањето на известувањето за оставката, во писмена форма, освен ако во известувањето не е наведен некој друг датум. Врз основа на известувањето за оставката, се поднесува пријава за бришење на уписот во трговскиот регистар на членот на органот на управување, односно на надзорниот одбор кој дал оставка.

- - - - - - - - -

***Избраниот член на органот на управување, односно на надзорниот одбор може да во било кое време да поднесе оставка. Оставката се поднесува со писмено известување до органот што го избрал, освен кога интересите на друштвото не наложуваат нешто друго. Потписот на писменото известување со оставката на членот на органот на управување, односно на надзорниот одбор се заверува кај нотар.***

---

**Надлежност на собранието**

Член 383

(1) Собранието одлучува само за прашањата изречно определени со овој закон и со статутот, а особено за:
1) измена на статутот;
2) одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;
3) избор и отповикување на членовите на одборот на директори и на членовите на надзорниот одбор;
4) одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на органот на управување и на надзорниот одбор;
5) промена на правата врзани за одделни родови и класи акции;
6) зголемување и намалување на основната главнина на друштвото;
7) издавање акции и други хартии од вредност;
8) назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи ако друштвото има обврска да ги подготвува;
9) преобразба на друштвото во друга форма на друштво, како и за статусните промени на друштвото и
10) престанување на друштвото.
***(2) Собранието избира претседавач со седницата на собранието, записничар и двајца акционери - заверувачи на записникот, освен ако записникот не го води нотар. Собранието избира и комисија за спроведување тајно гласање и други физички лица (бројачи на гласови и други) ако тоа е потребно за вршење други работи коишто го овозможуваат непреченото одвивање на работата на собранието на начин и според условите определени со овој закон и со статутот.***
***(3) Ако собранието одлучува за измена на податок што во согласност со членот 298 од овој закон се запишува во трговскиот регистар записникот го води нотар.***
(4) Собранието не може да одлучува за прашања од областа на управувањето, односно од областа на

водењето на работењето на друштвото што се надлежност на органите на управување, освен ако тоа со овој закон поинаку не е определено.

\- - - - - - - - -

***Собрание на друштвото (чл.382). Акционерите своите права во друштвото ги остваруваат на собранието, освен ако со овој закон поинаку не е определено. На секој акционер запишан во акционерската книга, од денот на уписот, му припаѓа право на учество во работата на собранието и право на глас, освен ако со овој закон поинаку не е определено. Членовите на органот на управување и на надзорниот одбор учествуваат во работата на собранието без право на глас, освен ако не се акционери.***

***Акционерите своите права во друштвото ги остваруваат на собрание, освен ако со овој закон поинаку не е определено. На секој акционер запишан во акционерската книга, од денот на уписот му припаѓа право на учество во работата на собранието и право на глас, освен ако со овој закон поинаку не е определено. Членовите на органот на управување и на надзорниот одбор учествуваат во работата на собранието без право на глас, освен ако не се акционери.***

***Собранието има надлежности определени со чл.383 од ЗТД.***

***Собранието избира претседавач со седницата на собранието, записничар и двајца акционери - заверувачи на записникот. Собранието избира и комисија за спроведување тајно гласање и други физички лица (бројачи на гласови и други) ако тоа е потребно за вршење други работи коишто го овозможуваат непреченото одвивање на работата на собранието на начин и според условите определени со овој закон и со статутот.***

***На повик на органот на управување записникот може да го води нотар.***

***Ако собранието одлучува за измена на податок што во согласност со членот 298 од овој закон се запишува во трговскиот регистар записникот задолжително го води нотар.***

\-----------------------------------------------------------

**Годишно собрание** (Член 384). Годишното собрание го свикува органот на управување најдоцна три месеца по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, а не подоцна од шест месеца од завршувањето на календарската година или 14 месеца од одржувањето на последното годишно собрание.

На годишното собрание: 1) се разгледуваат и се усвојуваат годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година; 2) се одлучува за употребата на чистата добивка или за покривање на загубата и 3) се одобрува работата на членовите на органот на управување и на надзорниот одбор.

Ако органот на управување не го свика годишното собрание навреме, собранието без одлагање го свикуваат неизвршните членови на одборот на директорите, односно надзорниот одбор.

Ако годишното собрание не го свикаат неизвршните членови на одборот на директорите, односно надзорниот одбор или ако од кои било други причини не се одржи во рокот определен во ставот (1) на овој член, одлука за свикување на годишното собрание може да донесе судот по предлог на кој било акционер.

Годишното собрание по завршувањето на деловната година, задолжително одлучува за одобрување на работата и за водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на органот на управување и за работата на членовите на надзорниот одбор. За одобрување на работата на членовите на органите на друштвото се гласа одделно за секој член на орган. Расправата и одобрувањето на работата на органот на управување, односно на надзорниот одбор, односно за начинот на водењето на работењето на друштвото мора да биде поврзана со расправата за годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година.

Во годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, органот на управување има обврска објективно да ги презентира и да ги објасни главните фактори и околностите коишто влијаеле на определувањето на работењето, вклучувајќи ги и промените во опкружувањето во чиишто рамки друштвото дејствува, одговорот на друштвото на тие промени и нивното влијание, политиката на вложувања за одржување и за поддршка на успешноста во работењето на друштвото, вклучувајќи ја и политиката на дивиденди, изворите на средствата на друштвото, политиката на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина и политиката на управување со ризикот, големите зделки и зделките со заинтересирана страна, како и средствата на друштвото чијашто вредност не е одразена во билансот на состојбата според меѓународните сметководствени стандарди, изгледите за идниот развој на друштвото и неговиот деловен потфат, активностите во сферата на истражувањето и развојот, како и информациите во врска со стекнувањето сопствени удели или акции, во зависност од релевантните околности. Во годишниот извештај на друштвото се објавуваат и примањата на секој извршен член на одборот на директори и на член на управниот одбор (плата, надоместоци на плата, бонус, осигурувања и други права), односно надоместокот на неизвршните членови на одборот на директори и на членовите на надзорниот одбор.

Ако годишното собрание не ја одобри работата на органот на управување, односно на надзорниот одбор или на некои од членовите на овие органи на истата седница, собранието може да одлучи да пристапи кон избор на сите членови на органот на управување, односно на надзорниот одбор или кон избор на нови членови на овие органи на местото на оние на кои собранието не им ја одобрило работата. Собранието може да одлучи членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор на кои им ја одобрило работата да продолжат да ги вршат неодложните работи во друштвото до изборот на полниот состав на овие органи што се врши на продолжена седница што се одржува во рок не пократок од осум дена и не подолг од 15 дена од денот на објавувањето на датумот на којшто ќе продолжи седницата на годишното собрание. Денот на одржувањето на продолжената седница се објавува во дневен весник.

Одлуката за одобрување на работата на сите членови на органот на управување, односно на надзорниот одбор не го исклучува правото да се бара надомест на штета.

Одредбите од овој закон со коишто се уредува собранието се применуваат и на годишното собрание, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

**Свикување на собрание** (Член 385). Кога тоа го бара интересот на друштвото и на акционерите, во времето меѓу две годишни собранија, може да се свика собрание. Органот на управување, надзорниот одбор, односно неизвршните членови на одборот на директори можат, со мнозинство гласови од своите членови, кога тоа е предвидено со овој закон, по своја иницијатива или по барање на акционер, да донесат одлука за свикување собрание. Барање за свикување собрание можат да поднесат акционери кои имаат најмалку една десеттина од сите акции со право на глас. Во барањето што го поднесуваат по писмен пат, акционерите кои бараат свикување собрание мораат да ги наведат целта и причините за свикувањето на собранието, своето име и презиме, местото на живеење и ЕМБГ, односно фирмата, седиштето и МБС ако акционерот е правно лице. Кон барањето акционерите доставуваат и извод од акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите со право на глас коишто ги поседуваат во друштвото. Барањето се доставува до органот на управување во седиштето на друштвото. Барањето може да биде содржано во еден документ или во два или повеќе документа потпишани од акционерите кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите со право на глас. Органот на управување, во рок од осум дена од денот на приемот на барањето на акционерите за свикување собрание, донесува одлука за прифаќање или за одбивање на барањето. Во одлуката за одбивање на барањето мора да се наведат причините поради коишто е така одлучено. Ако по барањето на акционери кои имаат мнозинство од сите акции со право на глас органот на управување, односно надзорниот одбор не свика собрание во рок од 24 часа од денот на поднесувањето на барањето, акционерите можат да поднесат предлог за свикување собрание до судот.

***Свикување собрание врз основа на одлука на суд*** (Член 386). Ако органот на управување, надзорниот одбор, односно неизвршните членови на одборот на директори не донесат одлука во рокот од ставовите (5) и (6) на членот 385 или не го прифатат барањето за свикување собрание, судот по предлог може да донесе одлука да се свика собрание. Судот во рок од осум дена од денот на поднесувањето на предлогот од ставот (1) на овој член, донесува одлука за свикување собрание ако се исполнети условите, начинот и постапката за свикување собрание, определени со овој закон и ако прашањата предложени за дневниот ред, според овој закон или според статутот, се во надлежност на собранието. Во одлуката за свикувањe на собранието од ставот (2) на овој член судот наложува свикување на собранието и преземање други дејствија што се неопходни за остварување на целите заради коишто се свикува собранието, вклучувајќи и определување физичко лице кое ќе го свика собранието. Лицето определено од судот го определува времето и местото на одржување на собранието, датумот за евиденција на акционерите кои имаат право на глас и, во согласност со статутот, испраќа покани за седница на собранието или објавува јавен повик за свикување на собранието. Собранието чиешто свикување ќе биде наложено со одлука од ставот (2) на овој член се свикува најдоцна во рок од осум дена од денот на донесувањето на одлуката на судот со којашто е наложено свикување на собранието. Трошоците за одржување на собранието, како и судските трошоци, ако судот го одобри барањето, паѓаат на товар на друштвото. Ако судот го одбие барањето, сите трошоци паѓаат на товар на предлагачот.

**Покана и јавен повик за свикување собрание** (Член 387). Собранието може да биде свикано со покана или со објавување јавен повик или со покана и со објавување јавен повик до акционерите. Собранието се свикува со праќање покана до сите акционери чиишто акции им даваат право на учество во работата на собранието коешто се свикува. Поканата се испраќа според изводот од акционерската книга, којшто не е постар од три дена до денот на испраќањето на поканата. (3) Јавниот повик се објавува најмалку во еден дневен весник. (4) Испраќањето на поканата се врши на начин којшто овозможува да се потврди датумот кога е испратена и датумот кога е примена од секој акционер. (5) Рокот којшто тече од денот на објавувањето на јавниот повик, односно од денот на испраќањето на поканата за учество на собранието до денот на одржувањето на собранието не може да биде подолг од 50 дена ниту пократок од 21 ден до денот на одржувањето на собранието. (6) Органот на управување го определува денот (датумот на евиденција) којшто ќе го користи за испраќање покани според изводот од акционерската книга, којшто не може да биде подолг од три дена.

***Содржина на поканата, односно на јавниот повик*** (Член 388). Поканата, односно јавниот повик за свикување собрание ги содржи следниве податоци: 1) фирмата и седиштето на друштвото; 2) местото и датумот на одржување на собранието; 3) другите процедурални формалности, пропишани со статутот, што се од значење за присуството на собранието и за начинот на гласање; 4) дневниот ред според кој ќе работи собранието и 5) начинот на којшто се достапни материјалите што се подготвени за собранието коешто е свикано.

Со статутот можат да се определат и другите податоци коишто треба да ги содржи поканата, односно јавниот повик што се од значење за остварување на правата на акционерите во врска со свикувањето и со одржувањето на собранието.

Материјалите мораат да бидат достапни до акционерите од денот на испраќањето на поканата, односно на објавувањето на јавниот повик.

**Начини на известување, доставување и прием на материјали и на други информации** (Член 389). Ако со овој закон и со статутот е определено да се врши известување, односно доставување материјал и друга информација од друштвото до акционерите и до друштвото, тоа мора да биде извршено преку препорачана пратка, телеграма, факс, електронска пошта или дневен весник.

Известувањето, односно доставувањето материјал и друга информација од ставот (1) на овој член од друштвото до акционерите се смета дека е извршено, ако: 1) е испратено со препорачана пратка или со телеграма преку пошта, на местото на живеење пријавено од страна на акционерот во Централниот депозитар за хартии од вредност; или 2) е испратено преку факс, на електронска пошта, или на електронска адреса, пријавена од страна на акционерот; или 3) е објавено во дневен весник.

Известувањето, односно доставувањето материјал и друга информација од ставот (1) на овој член од друштвото до акционерите се смета дека е примено: 1) кога е пристигнато на местото на живеење на

акционерот и запишано во акционерската книга; 2) кога е лично доставно, односно примено од овластено лице на друштвото, член на органот на управување, односно од акционер кој е физичко лице; 3) кога е примено по електронски пат кај којшто може да се потврди испраќањето и приемот и 4) со денот наведен во потврдата за предавање препорачана пратка или испраќање телеграма вклучувајќи ги и случаите на испратена, а не примена и подигната препорачана пратка, односно телеграма.

Известувањето, односно доставувањето материјал и друга информација од акционер до друштвото се смета дека е примено: 1) кога е пристигнато во седиштето на друштвото коешто е запишано во трговскиот регистар; 2) кога лично е примено од овластено лице на друштвото, односно од член на органот на управување; 3) кога е примено по електронски пат кај којшто може да се потврди испраќањето и приемот и 4) со денот наведен во потврдата за предавање препорачана пратка или за испраќање телеграма вклучувајќи ги и случаите на испратена, а не примена и подигната препорачана пратка, односно телеграма.

**Дневен ред и вклучување нови точки на дневниот ред** (Член 390). Собранието може да одлучува само за прашања коишто се уредно ставени на дневен ред. Собранието може да расправа, без право на одлучување, и за прашања коишто не се уредно ставени на дневен ред. Секој акционер има право во кое било време да поднесува иницијатива за вклучување точки во дневниот ред на собрание коешто ќе биде свикано. Акционери кои заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акциите со право на глас можат по писмен пат да бараат дополнување на дневниот ред со вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на собрание коешто веќе е свикано. Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собрание коешто е свикано се испраќа до свикувачот на собранието, односно до лицето определено од судот да свика собрание, во согласност со овој закон, и тоа во рок од осум дена од денот кога е испратена поканата, односно од денот кога е објавен јавниот повик за учество на собранието.

Барањето за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на собрание коешто е свикано не може да се одбие, освен во случаите: 1) ако акционерот, односно акционерите го пропуштиле рокот од ставот (5) на овој член; 2) ако акционерот, односно акционерите не поседуваат доволен број акции со право на глас во друштвото, во согласност со ставот (4) од овој член; 3) ако предлогот не ги исполнува другите услови предвидени со овој закон и 4) ако точката, односно точките коишто се бара да бидат вклучени во дневниот ред на собранието не спаѓаат во надлежност на собранието или не се во согласност со закон и со статутот.

Ако барањето од ставот (5) на овој член не е ставено на дневен ред, освен во случаите од ставот (6) на овој член, конечна одлука по барањето донесува собранието при усвојувањето на дневниот ред.

Барањето за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на свикано собрание, органот што го свикал собранието, односно лицето определено од судот да свика собрание, го испраќа до сите акционери, односно го објавува на ист начин на којшто ги испратил поканите, односно на којшто го објавил јавниот повик за учество на свиканото собрание, најдоцна осум дена пред денот на неговото одржување.

***Пријавување и евиденција за присуство на собрание*** (Член 391). Секој акционер кој има намера да учествува на свикано собрание е должен да го пријави своето учество на собранието (пријава за учество на собранието) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание. Списокот на пријавените акционери го подготвува органот на управување, односно лицето овластено за свикување на собранието. Списокот на пријавените акционери од ставот (1) на овој член се става на увид во седиштето на друштвото. Пред почетокот на одржувањето на собранието, органот на управување, односно лицето овластено за свикување на собранието го споредува списокот на пријавените акционери според состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржувањето на седницата на собранието. Пред почетокот на одржувањето на собранието, списокот од ставот (3) на овој член го потпишува секој присутен акционер, односно полномошник на акционер со што го верификува своето присуство на собранието (верификуван учесник на собранието). Потпишаниот список, со свој потпис, го заверуваат претседавачот со собранието и записничарот. По заверката на списокот претседавачот со собранието го констатира кворумот за работа. Заверениот список од ставот (4) на овој член им се дава на увид на сите учесници на собранието пред првото гласање. Секој верификуван учесник на собранието може да бара копија на потпишаниот список, на свој трошок, којшто не може да биде поголем од вистинскиот трошок.

---

**Полномошник на акционер на собрание**

Член 392

(1) Секој акционер може да овласти, со полномошно, свој полномошник на собранието (во натамошниот текст: полномошник).

***<u>(2) Овластувањето на полномошникот од ставот (1) на овој член се дава со потпишување на писмено полномошно заверено кај нотар.</u>***

(3) За полномошник не може да биде определен:

1) член на органот на управување на друштвото, односно на надзорниот одбор или член на неговото потесно семејство;

2) раководно лице во друштвото или член на неговото потесно семејство;

3) член на органот на управување, односно на надзорниот одбор од поврзани или зависни друштва со друштвото и

4) застапник по закон или друго овластено физичко лице од друштво или од друго правно лице што е во сопственост на друштвото.

(4) Полномошното, по правило, се издава за едно собрание.

(5) Ако полномошното не содржи ограничувања или налог, полномошникот може да гласа по сопствена определба, но секогаш водејќи сметка за интересите на акционерот кој го дал полномошното.

(6) Полномошното може да се откаже еднострано, без наведување на причините, од акционерот или од полномошникот, со доставување писмено известување до другата страна. Ако акционерот лично го евидентира своето присуство на собранието се смета дека полномошното за тоа собрание на полномошникот му е откажано и акционерот може своето право на глас да го остварува без ограничување, лично.

(7) Давањето и откажувањето на полномошното се врши само според одредбите од овој член.

----------

***Секој акционер има право да присуствува на седницата на собранието и рамноправно со останатите акционери да одлучува за прашањата кои согласно ЗТД се во надлежност на собранието. Ова свое право акционерот може со полномошно да го пренесе на друго лице.***

***<u>Овластувањето што го дава акционерот на полномошникот се дава со потпишување на писмено полномошно заверено кај нотар.</u>***

***ЗТД во чл.392 став 3 ограничува кои лица не можат да бидат определени за полномошници.***

***Полномошното, по правило, се издава за едно собрание.***

***Ако полномошното не содржи ограничувања или налог, полномошникот може да гласа по сопствена определба, но секогаш водејќи сметка за интересите на акционерот кој го дал полномошното.***

***Полномошното може да се откаже еднострано, без наведување на причините, од акционерот или од полномошникот, со доставување писмено известување до другата страна. <u>Потписот на полномошникот на писменото известување за откажување на полномошното го заверува нотар.</u> Ако акционерот лично го евидентира своето присуство на собранието се смета дека полномошното за тоа собрание на полномошникот му е откажано и акционерот може своето право на глас да го остварува без ограничување, лично.***

***Давањето и откажувањето на полномошното се врши само според одредбите од овој член.***

----------

**Кворум за работа на собранието** (Член 393). Собранието може да работи (кворум за работа) ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство. Ако на собранието не се обезбеди кворумот од ставот (1) на овој член собранието не може да почне со работа. За време што не е подолго од 15 дена од денот за којшто е закажано одржувањето на собранието коешто немало кворум за работа се закажува нов термин за одржување на собранието (презакажано собрание) коешто и се одржува во овој рок. Новиот термин за одржување на презакажаното собрание се објавува на начин на којшто е објавено свикувањето на собранието коешто немало кворум за работа. Учеството на презакажаното собрание повторно не се пријавува. Пред да се започне со работа на презакажаното собрание се пристапува кон потпишување на списокот, со што секој присутен го верификува своето присуство на презакажаното собрание. Потпишаниот список со свој потпис го заверува претседавачот со собранието и записничарот. По заверката на списокот, претседавачот со собранието го констатира присуството на пријавените акционери, односно на нивните полномошници, односно кворумот за работа на собранието. Секој верификуван учесник на презакажано собрание може да бара копија на потпишаниот список на свој трошок. На презакажаното собрание може да се одлучува само по прашањата утврдени во дневниот ред за првото свикување на собранието без оглед на бројот на присутните акционери и бројот на акциите што ги имаат. На презакажаното собрание не може да се одлучува за прашањата за коишто, според овој закон, се одлучува со поголемо мнозинство од мнозинството од кворумот од ставот (1) на овој член.

***Нотарот, при водењето на записник на собранието, треба да внимава дали на седницата присуствуваат верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство. Ако нема потребен кворум потребен за работа, собранието неможе да почне со работа. Во ваков случај нотарот во записникот констатира дека работата на собранието не започнала поради немање потребен кворум за работа.***

**Мнозинство со кое се одлучува на собранието** (Член 394). Одлуките на собранието се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас претставени на собранието, освен ако со овој закон и со статутот не е определено поголемо мнозинство или не се пропишани други услови во поглед на мнозинството со коешто се донесуваат одлуките на собранието.

**Водење собрание** (Член 395). Со седницата на собранието претседава претседавач (во натамошниот текст: претседавач со собрание). Претседавачот со собранието го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата на собранието, а може да утврди и правила за водење на седницата на собранието. Претседавачот со собранието се избира за секое одделно собрание. Мандатот на претседавачот со собранието трае до изборот на претседавачот на наредното собрание коешто треба да биде одржано. За претседавач со собранието може да биде избран секој акционер или лице коешто застапува акционер. За претседавач со собранието не може да биде избран член на орган на управување или член на надзорен одбор.

**Продолжување прекината седница на собрание** (Член 396). Ако дојде до прекин на седница на собрание што започнало со работа, присутните акционери на седницата на собранието можат да одлучат собранието да продолжи со работа во време и место коешто се определува со мнозинство гласови од кворумот за работа на собранието, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство (продолжување на прекината седница на собранието). Одложувањето не може да биде подолго од осум дена од денот на прекинот.

Ако дојде до прекин на седница на собрание што започнало со работа, а собранието не донело одлука за продолжување со работа, во согласност со ставот (1) од овој член, претседавачот со собранието го определува времето и местото на продолжувањето на прекинатата седница на собранието, освен ако со статутот поинаку не е определено.

Учеството на продолжувањето на прекината седница на собранието повторно не се пријавува. Акционерот кој не го пријавил учеството на собранието чијашто седница е прекината има право да го пријави своето учество пред почетокот на продолжената седницата според состојбата во акционерската книга. На почетокот од работата на продолжената седница на собранието се пристапува кон повторно потпишување на списокот на пријавените акционери, односно на полномошниците, со што секој присутен го верификува своето присуство на продолжението на прекинатата седница на собранието. Потпишаниот список, со свој потпис, повторно го заверуваат претседавачот со собранието и записничарот. По заверувањето на списокот претседавачот со собранието го констатира кворумот за работа на продолжението на прекината седница на собранието.

Заверениот список од ставот (3) на овој член им се дава на увид на сите учесници на продолжението на прекинатата седница на собранието пред првото гласање. Секој верификуван учесник на собранието може да бара копија на потпишаниот список на свој трошок.

Ако на продолжената седница на собрание нема кворум за работа или таа не се одржи во рокот од ставот (1) на овој член, се закажува ново собрание според условите, начинот и постапката определени со овој закон и со статутот.

Одлуките донесени на собранието коешто по започнувањето со работа ја прекинало работата, без разлика на тоа дали ќе продолжи со работа, се сметаат за полноважни. На седницата на којашто собранието продолжило да работи, собранието расправа и одлучува само по точките коишто не се разгледувани и по коишто не е одлучувано.

**Услови за остварување на правото на глас** (Член 397). Правото на глас се стекнува со целосна уплата на паричен влог, односно со целосно внесување непаричен влог. По исклучок од ставот (1) на овој член, со статутот може да се определи правото на глас да се стекнува и кога за акцијата ќе се уплати најмалиот износ на влогот определен со законот или со статутот. За акцијата за којашто ќе се уплати најмалиот износ на влогот определен со законот и со статутот се стекнува право на еден глас. За поголемите влогови соодносот на стекнатите права се определува сразмерно на износот на она што е уплатено. Во овие случаи, деловите на гласовите се групираат само во полни гласови.Ако со статутот не е определено дека правото на глас се стекнува пред целосната уплата на влогот, а ниедна акција не е уплатена во целост, правото на глас се определува сразмерно на износот на уплатените влогови. Притоа уплатата на најмалиот износ на влогот дава право на еден глас. Во овие случаи, деловите на гласовите се земаат предвид само тогаш ако на акционерот кој има право на глас му даваат полни гласови. Одредби во статутот на друштвото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член што се применуваат само на одделни акционери или на одделни родови акции, се ништовни.

---

**Остварување право на глас во определени случаи**

Член 398

(1) Со давањето на акциите во залог, акционерот не го губи правото на глас.

***(2) За акциите во сопственост на малолетник или на друго деловно неспособно лице, правото на глас го остварува неговиот законски застапник, односно старател, лично или преку полномошник, определен со писмено полномошно заверено кај нотар.***

***(3) За акциите во сопственост на починато лице, до завршувањето на оставинската постапка, правото на глас го остварува заедничкиот застапник определен од наследниците на починатиот со писмено полномошно заверено кај нотар.***

***(4) За друштво во ликвидација или во стечај коешто има акции во друго правно лице, гласа ликвидаторот, односно стечајниот управник или од нив определениот полномошник со писмено полномошно заверено кај нотар.***

\- - - - - - - - - - -

***Ако малолетник или друго деловно неспособно лице поседува акции, тој правото на глас го остварува преку неговиот законски застапник, односно старател. Законскиот застапник или старателот може лично да учествува на собранието или да го пренесе правото на глас на полномошник. Полномошникот се определува и овластува со писмено полномошно заверено кај нотар.***

***Доколу акции поседува починато лице-акционер, до завршувањето на оставинската постапка, правото на глас го остварува заедничкиот застапник определен од наследниците на починатиот акционер со писмено полномошно заверено кај нотар.***

***За друштво во ликвидација или во стечај коешто има акции во друго правно лице, гласа ликвидаторот, односно стечајниот управник или од нив определениот полномошник со писмено полномошно заверено кај нотар.***

---

**Ограничувања при остварувањето на правото на глас** (Член 399). На собранието акционер не може да гласа за одлука што го ослободува лично од обврска, од некое побарување коешто друштвото го има спрема него или од одговорност или кога му се признава некаква предност или привилегија на сметка на друштвото, односно кога се гласа за одлука да се поведе судска или друга постапка против него, освен ако со овој закон поинаку не е определено. Во овие случаи, акционерот не може да го остварува правото на глас, ниту лично ниту преку полномошник. Одредбите во статутот што се во спротивност со ставот (1) на овој член се сметаат за ништовни. Ако акционерот постапи спротивно на ставот (1) од овој член, одговара за штета којашто друштвото ќе ја претрпи, освен ако докаже дека мнозинството би било постигнато и без неговиот глас. Ништовен е договорот со кој акционерот се обврзува да го врши правото на глас според упатство на органот на управување или на надзорниот одбор. Ништовен е и договорот со кој акционерот се обврзува да гласа за секој предлог на органот на управување или на надзорниот одбор на друштвото.

**Начин на гласање на собранието** (Член 400). Ако со законот и со статутот поинаку не е определено, а собранието самото не определи посебен начин на гласање или тајно гласање, начинот на гласањето го определува претседавачот со собранието. За броењето на гласовите собранието избира најмалку еден бројач на гласови.

За сите избори на член на орган на управување на друштвото, односно за член на надзорниот одбор или за отповикување на членовите на овие органи гласањето е тајно, освен ако со статутот не е определено гласањето да биде јавно.

Ако со статутот е определено на собранието акционерите да гласаат јавно, по барање на еден или на повеќе акционери кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите со право на глас, се пристапува кон тајно гласање.

Со статутот може да се определи начинот на којшто акционерите можат да гласаат на свикано собрание преку телефон или преку друго соодветно електронско средство, коешто е дел од јавна комуникациска мрежа и преку којшто може, на сигурен начин да се утврди идентитетот на секој акционер, правото на глас, начинот на воспоставување на комуникациска врска меѓу друштвото и акционерите и тоа така што гласањето ќе биде достапно на секој акционер и ќе може, со сигурност, да се евидентира извршеното гласање. Акционерот кој гласа преку телефон или

преку друго електронско средство се смета за присутен на собранието, односно го сочинува кворумот за работа и за одлучување на собранието.

Ако на сигурен начин не може да се утврди идентитетот на секој акционер, начинот на воспоставување на комуникациска врска меѓу друштвото и акционерот и ако гласањето не биде достапно на секој акционер и не може со сигурност да се евидентира кворумот и извршеното гласање, гласањето е ништовно.

**Начин на спроведување тајно гласање** (Член 401). Тајното гласање го спроведува комисија за спроведување тајно гласање избрана со одлука на собранието, освен ако со статутот поинаку не е определено. Комисијата мора да биде составена од најмалку три члена од редот на акционерите. Во комисијата не може да се избере акционер, односно друго лице кое е член на орган на управување на друштвото, односно на надзорен одбор ниту претседавачот со собранието на коешто се врши тајното гласање. Комисијата за спроведување тајно гласање е должна да работи непристрасно и праведно.

Комисијата ја определува содржината на гласачките ливчиња, се грижи за умножување на гласачките ливчиња, ги нумерира гласачките ливчиња, ги пребројува гласовите и поднесува писмен извештај за спроведеното тајно гласање во којшто утврдува колку ливчиња биле употребени за спроведеното тајно гласање, колку ливчиња останале неупотребени и ги утврдува резултатите од гласањето. Извештајот за спроведеното тајно гласање го потпишуваат сите членови на комисијата.

Гласачкото ливче мора да ги содржи имињата и презимињата на сите кандидати кои се избираат со тајно гласање.

Кога се врши тајно гласање, ливчето за гласање мора да ги содржи прашањата за коишто ќе се гласа, опцијата за гласање "за", "против", "воздржани" за секое прашање или група на прашања или друга јасна опција, како и објаснување за начинот на којшто се врши тајното гласање.

Гласачките ливчиња (употребените и неупотребените), извештајот за спроведеното гласање и другиот изборен материјал се чуваат на ист начин како и записниците од собранијата.

**Влегување во сила на одлуките на собранието** (Член 402). Одлуките на собранието влегуваат во сила со денот на донесувањето, освен ако во одлуката не е утврден друг датум на влегување во сила.

**Посебно собрание и одвоено гласање** (Член 403). Кога со одлука на собранието, односно со одлука за измена на статутот се менува, односно ограничува кое било право врзано за некој род акции, таа одлука се смета за полноважна ако акционерите кои го претставуваат соодветниот род акции дадат согласност со донесување одлука за согласност со мнозинството определено во овој закон и во статутот.

Акционерите од ставот (1) на овој член донесуваат одлука за согласност на одделна седница на овие акционери (посебно собрание) или на исто собрание со другите акционери но со одделно гласање (одвоено гласање), освен ако со закон поинаку не е определено. За свикувањето на одделна седница на посебно собрание и за учеството на неа, за правото на известување, како и за донесувањето на посебните одлуки, важат одредбите на овој закон што се однесуваат на одлучувањето на собранието. Свикување посебно собрание или одвоено гласање можат да побараат акционери кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите кои можат да учествуваат во гласањето за донесување одлука за согласност.

**Права на приоритетни акции без право на глас** (Член 404). Ако износот што треба да се плати од дивидендата за приоритетните акции без право на глас не е платен или не е целосно исплатен за една година и ако тоа не се плати дополнително во наредната година, покрај полниот износ на дивидендата за таа година, приоритетните акции без право на глас даваат право на глас се додека не се исплатат тие износи. Во тој случај, приоритетните акции учествуваат и при пресметувањето на кворумот за работа и за одлучување како и акциите со право на глас.

**Одлука со којашто се укинува првенствено право** (Член 405). За одлука со којашто се укинува повластено право, е потребна согласност на сопствениците на приоритетните акции.

За издавање на приоритетни акции кои при распределбата на добивката или при исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на друштвото имаат првенство е потребна согласност на сопствениците на приоритетни акции.

Сопствениците на приоритетни акции ја даваат согласноста со посебна одлука. Одлуката се донесува со мнозинство гласови коешто не може да изнесува под две третини од претставените приоритетни акции, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство. Со статутот можат да се определат и други услови за усвојување на одлуката.

Ако повластените права бидат укинати, приоритетните акции без право на глас стекнуваат право на глас.

**Право на известување** (Член 406) Секој акционер може на собранието да бара известување за состојбата на друштвото и за неговите односи со други друштва, ако известувањето е поврзано со точките на дневниот ред на собранието.

Акционерот на кој му е ускратено известувањето може да побара, во писмена форма, неговото прашање, барање и причините поради коишто тој е лишен од известувањето да бидат внесени во записникот од расправата.

Акционер кој нема добиено известување може да бара заштита на своето право на известување од судот. Предлогот се поднесува во рок од 15 дена од денот на одржувањето на собранието.

---

**Записник од собранието**

Член 407

(1) За работата на собранието се води записник којшто содржи податоци за:

1) фирмата и седиштето на друштвото;

2) датумот, времето и местото на одржувањето на собранието;

3) името на претседавачот со собранието, односно името на записничарот и имињата на членовите на комисијата за гласање, ако се избираат;

4) дневниот ред на собранието;

5) бројот на присутните акционери, односно полномошниците на акционери и кворумот за работа;

6) расправата водена на собранието;

7) значајните настани на собранието, како и поднесените предлози;

8) одлуките, бројот на гласови ,,за,, и ,,против,, и бројот на воздржаните гласови и

9) оградувањата, односно противењата на акционер, член на органот на управување, односно на над-

зорниот одбор против некоја одлука ако е изјавено оградување, односно противење.

(2) За записничар и заверувачи на записник не може да биде избран член на орган на управување на друштвото, односно на надзорен одбор, ниту претседавачот со собранието.

(3) Записникот се подготвува најдоцна во рок од осум дена од денот на одржувањето на собранието и него го потпишуваат записничарот и претседавачот со собранието, а го заверуваат заверувачи на записник.

(4) Секој акционер може да бара од извршните членови на одборот на директорите, односно од управниот одбор, издавање копија на записникот од собранието, на негов трошок. Трошокот не може да биде поголем од стварните трошоци.

***(5) Кога записникот го води нотар, записникот се подготвува најдоцна во рок од три дена од денот на одржувањето на собранието и него го потпишува нотарот и претседавачот со собранието. Копијата од ставот (4) на овој член ја дава нотарот кој го водел записникот.***

(6) Записниците заедно со прилозите се чуваат најмалку десет години.

- - - - - - - - -

***По барање на органот на управување записникот на собранието да го води нотар. По одржаното собрание нотарот е должен во рок од три дена го подготви записникот. Записникот го потпишува нотарот и претседавачот со собранието. Нотарот предава извод од записникот на претседавачот на собранието.***

***Секој акционер може да бара копија од записникот. Ако записникот го водел нотар акционерот може да бара копија од записникот од нотарот што го водел записникот. За издадената копија Нотарот наплатува трошок кој не може да биде поголем од стварните трошоци.***

---

**Упис на зголемувањето на основната главина со влогови**

Член 433

(1) По извршеното зголемување на основната главнина со влогови, во рок од осум дена од извршеното зголемување на основната главнина, се поднесува пријава за упис во трговскиот регистар на зголемувањето на основната главнина.

(2) Кон пријавата за упис на зголемувањето на основна главнина со влогови се приложуваат:

1) одлуката за зголемување на основната главнина со влогови, а ако постојат повеќе родови акции и одлуката за согласност од акционерите од секој род акции;

***2) изводот од записникот од седницата на собранието на којашто е донесена одлуката за зголемување на основната главнина со влогови, заверен од нотар;***

3) одобрението од Комисијата за хартии од вредност за издавањето акции;

4) извештајот за процена ако зголемувањето на основната главнина на друштвото се врши со внесување непарични влогови и доказот за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари, а ако се внесува подвижна ствар за којашто со закон е определена обврска за евиденција (регистар) - доказ за сопственост над подвижната ствар;

5) договорот за внесување на секој непаричен влог;

6) пресметката на трошоците од издавањето на новите акции;

7) пречистениот текст на статутот;

8) доказот за оствареното право на првенство за запишување на издадените акции, како и списокот на лицата кои го оствариле тоа право, со назначување на бројот на акциите што ги стекнале и влоговите што ги уплатиле, односно што ги внеле за нивното стекнување, потпишан од претседателот на органот на управување, ако правото на првенство за запишување не е исклучено и

9) одобрението од надлежен орган ако за зголемувањето на основната главнина тоа е определено со закон.

(3) Известувањето за уписот на зголемувањето на основната главнина се објавува во трговскиот регистар.

- - - - - - - - - - - -

***Акционерите донесуваат одлука за зголемување на основните влогови во друштвото на седница на собрание на акционерското друштво. По извршеното зголемување на основната главнина со влогови, во рок од осум дена од извршеното зголемување на основната главнина, се поднесува пријава за упис во трговскиот регистар на зголемувањето на основната главнина.***

***Кон пријавата за упис на зголемувањето на основна главнина со влогови се приложува меѓу другите документи од чл.433 од ЗТД и извод од записникот од седницата на собранието на којашто е донесена одлуката за зголемување на основната главнина со влогови, заверен од нотар;***

---

**Упис на зголемувањето на основната главнина**

Член 435

(1) Се смета дека зголемување на основната главнина е извршено со издавањето на акциите и ако е остварена некоја од целите од членот 434 став (1) на овој закон.

(2) По извршеното зголемување на основната главнина, во рок од осум дена, се поднесува пријава за упис во трговскиот регистар за вкупниот износ за којшто е зголемена основната главнина.

(3) Кон пријавата од ставот (2) на овој член, покрај прилозите од членот 433 став (2) точки 3, 4, 5, 6, 7 и 9 од овој закон се приложува и:

1) одлуката за условно зголемување на основната главнина;

***2) извод од записникот од седницата на собранието на којашто е донесена одлуката за условно зголемување на основната главнина, заверен од нотар и***

3) изјава со која органот на управување тврди дека обврзниците и акциите биле издадени само заради остварување на целта определена во одлуката за условно зголемување на основната главнина.

- - - - - - - - - -

***По извршеното зголемување на основната главнина со влогови, во рок од осум дена од извршеното зголемување на основната главнина, се поднесува пријава за упис во трговскиот регистар за вкупниот износ за којшто е зголемена основната главнина.***

***Кон пријавата за упис на зголемувањето на основна главнина со влогови се приложува меѓу другите документи од членот 433 став (2) точки 3, 4, 5, 6, 7 и 9 од овој закон се приложува и: одлука за условно зголемување на основната главнина, извод од записникот од седницата на собранието на којашто е донесена одлуката за условно зголему-***

***<u>вање на основната главнина, заверен од нотар</u> и изјава со која органот на управување тврди дека обврзниците и акциите биле издадени само заради остварување на целта определена во одлуката за условно зголемување на основната главнина.***

---

**Пријава за упис на зголемувањето на основната главнина со средства на друштвото**

Член 441

(1) Во рок од осум дена од денот на издавањето на акциите, според одлуката за зголемување на основната главнина со средства на друштвото, се поднесува пријава за упис во трговскиот регистар на зголемувањето на основната главнина.

(2) Кон пријавата од ставот (1) на овој член, покрај прилозите од членот 433 став (2) точки 6, 7 и 9 на овој закон се приложува и:

1) годишната сметка, потврдена од страна на овластен ревизор;

2) одлуката за зголемување на основната главнина со средствата на друштвото;

***<u>3) изводот од записникот од седницата на собранието на којашто е донесена одлуката за зголемување на основната главнина со средствата на друштвото, заверен од нотар</u>*** и

4) изјава потпишана од претседателот на одборот на директорите, односно од претседателот на управниот одбор со којашто гарантира дека според билансот за состојбата што е земен како основа за зголемување на основната главнина, потврден од овластениот ревизор, до денот на поднесувањето на пријавата за упис во трговскиот регистар на зголемувањето на основната главнина, не дошло до намалување на имотот на друштвото, кое би било пречка за зголемување на основната главнина со средства од друштвото, ако за зголемувањето би се одлучувало на денот на поднесувањето на пријавата.

- - - - - - - - - - - -

***Во рок од осум дена од денот на издавањето на акциите, според одлуката за зголемување на основната главнина со средства на друштвото, се поднесува пријава за упис во трговскиот регистар на зголемувањето на основната главнина. Кон пријавата од ставот (1) на овој член, покрај прилозите од членот 433 став (2) точки 6, 7 и 9 на овој закон се приложува и: 1.годишната сметка, потврдена од страна на овластен ревизор; 2. одлуката за зголемување на основната главнина со средствата на друштвото; <u>3) изводот од записникот од седницата на собранието на којашто е донесена одлуката за зголемување на основната главнина со средствата на друштвото, заверен од нотар и</u> изјава потпишана од претседателот на одборот на директорите, односно од претседателот на управниот одбор со којашто гарантира дека според билансот за состојбата што е земен како основа за зголемување на основната главнина, потврден од овластениот ревизор, до денот на поднесувањето на пријавата за упис во трговскиот регистар на зголемувањето на основната главнина, не дошло до намалување на имотот на друштвото, кое би било пречка за зголемување на основната главнина со средства од друштвото, ако за зголемувањето би се одлучувало на денот на поднесувањето на пријавата.***

**Упис на одлуката намалување на основната главнина**

Член 444

(1) На одлуката за намалување на основната главнина се врши предбележба во трговскиот регистар. За предбележбата се поднесува пријава за упис.

(2) Кон пријавата за упис се приложуваат:

1) одлуката на собранието за намалување на основната главнина и

***<u>2) изводот од записникот од седницата на собранието на којашто е донесена одлуката за намалување на основната главнина, заверен од нотар.</u>***

(3) Претседателот на одборот на директори, односно претседателот на управниот одбор, наредниот работен ден по уписот на предбележбата на одлуката за намалувањето на основната главнина во трговскиот регистар, ја објавува намерата за намалување на основната главнина во ,,Службен весник на Република Македонија" и најмалку во еден дневен весник. Во огласот друштвото објавува дека е согласно на секој доверител кој ќе поднесе барање да му исплати пристигнато побарување или да му даде обезбедување за побарувањето. Ако по истекот на 90 дена од денот на објавувањето на огласот не биде поднесено барање за исплата на побарување, се смета дека сите доверители се согласни со одлуката за намалување на основната главнина.

(4) Познатите доверителите чиишто побарувања надминуваат 10.000 ЕВРА во денарска противвредност, се известуваат по писмен пат, поединечно, во местото на живеење, односно седиштето на доверителот запишани во трговскиот регистар.

- - - - - - - - - - - -

***На одлуката за намалување на основната главнина се врши предбележба во трговскиот регистар. За предбележбата се поднесува пријава за упис. Кон пријавата за упис се приложуваа:1) одлуката на собранието за намалување на основната главнина и <u>2) изводот од записникот од седницата на собранието на којашто е донесена одлуката за намалување на основната главнина, заверен од нотар.</u>***

---

**Основи за престанување на друштво од едно лице**

Член 454

(1) Друштвото од едно лице, во коешто сопственик на акциите е физичко лице, престанува со смртта на тоа лице ако по спроведената оставинска постапка наследниците не бараат друштвото да продолжи со работа.

(2) За акциите во сопственост на починато лице, до завршувањето на оставинската постапка, правото на глас го остварува заедничкиот застапник определен од наследниците на починатиот со ***<u>писмено полномошно, заверено кај нотар</u>***.

(3) Ако сопственик на акции на друштво од едно лице е правно лице, друштвото од едно лице престанува со престанувањето на правното лице, освен ако во стечајната постапка акциите ги презема друго лице.

- - - - - - - - - - - -

**Друштвото од едно лице, во коешто сопственик на акциите е физичко лице, престанува со смртта на тоа лице ако по спроведената оставинска постапка наследниците не бараат друштвото да продолжи со работа. За акциите во сопственост на починато лице, до завршувањето на оставинската постапка, правото на глас го остварува заедничкиот застапник определен од наследниците на починатиот со писмено полномошно, заверено кај нотар.**

**Договор за командитно друштво со акции**

Член 462

(1) Договорот за командитно друштво со акции (во натамошниот текст: договор за друштво) го склучуваат сите основачи **со заверка на потписите на договорот кај нотар.**

(2) Комплементарите мораат да учествуваат во склучувањето на договорот за друштвото. Во склучувањето учествуваат и лицата кои ги преземаат акциите за извршените вложувања во својство на акционери.

- - - - - - - - - - - - -

***Поим*** (Член 461). ***Командитно друштво со акции е трговско друштво чијашто основна главнина е разделена на акции и во коешто еден или повеќе содружници одговараат неограничено и солидарно за обврските на друштвото, со сиот свој имот (во натамошниот текст: комплементари) и неколку содружници кои имаат својство на акционери и кои одговараат до износот на нивните влогови и кои не одговараат за обврските на друштвото (во натамошниот текст: комплементари).***

***Бројот на командиторите не може да биде помал од три. Командитното друштво со акции се основа со договор за основање. Договорот за командитно друштво со акции го склучуваат сите основачи. Потписите на основачите на договорот се заверуваат кај нотар.***

---

**Преземање удел, односно акции**

Член 513

***(1) Преземање удели се врши со изјави заверени кај нотар, а преземањето акции се врши со уписница.***

***(2) Ако одлуката за преобразба чиј составен дел е и договорот за друштвото, односно статутот биде усвоена на собирот на содружниците, односно собранието на коешто се одлучува за неговата преобразба во друга форма на друштво, на барање на мнозинството, содружници, односно акционери кои учествуваат во работата на собирот на содружниците, односно собранието можат на собирот на содружниците, односно на самото собрание да дадат изјави за преземање удел, односно акции што се внесуваат во записникот на собирот на содружниците, односно на собранието, под услов записникот да го води нотар и нивната содржина да одговара на одредбите на овој закон.***

***(3) Содружниците, односно акционерите кои не присуствувале на собирот на содружниците, односно на собранието, во рок од три дена по одржувањето на собирот на содружниците, односно на собранието, се повикуваат со јавен повик, во рок кој не може да биде покус од еден месец, но не подолг од два месеца од денот на објавувањето на јавниот повик да дадат изјава дали се согласуваат да преземат удели, односно акции во друштвото што ќе настане со преобразбата. Јавниот повик се објавува најмалку во еден дневен весник. Содружниците, односно акционерите изјавата за преземање удел, односно акции, заверена кај нотар, можат да ја дадат најдоцна во рокот утврден во јавниот повик.***

***(4) Сите содружници, односно акционери кои се согласиле да бидат содружници во друштво со ограничена одговорност, содружници како командитори, односно комплементари во командитно друштво, командитно друштво со акции, односно содружници во јавно друштво мораат да дадат изјава во писмена форма дека го прифаќаат договорот за друштвото. Потписот на изјавата се заверува кај нотар.***

(5) Сите содружници кои се согласиле да бидат акционери во преобразеното друштво мораат да потпишат уписница за бројот на акциите што ги преземаат.

(6) Кога се врши пребразба на друштво со ограничена одговорност, односно на акционерско друштво во јавно друштво, содружниците, односно акционерите кои не присуствувале на собирот на содружниците, односно на собранието можат изјавата од ставот (4) на овој член да ја дадат во рок не подолг од 30 дена од денот на одржувањето на собирот на содружниците, односно на собранието.

(7) Одредбите на овој закон за основната главнина, влоговите во друштвото, уделите, односно акциите соодветно се применуваат во случај на преобразба на друштво од една во друга форма на друштво.

---

**Упис на преобразбата**

Член 514

(1) Преобразбата од една во друга форма на друштво се запишува во трговскиот регистар.

(2) По донесувањето на одлуката за преобразба се поднесува пријава за упис во трговскиот регистар. Пријавата ја потпишуваат членовите на органот на управување, управителот, претседателот на надзорниот одбор, односно контролорот на друштвото кои се назначени со договорот за друштвото, односно со статутот.

***(3) Кон пријавата за упис на преобразбата во трговскиот регистар се приложуваат во оригинал, препис или заверена копија кај нотар:***

***1) записникот од собирот на содружниците, односно од собранието на кое е донесена одлуката за преобразба, заверен кај нотар;***

2) изјава на сите членови на органот на управување, односно на управителот, а ако друштвото има орган на надзор и изјава на членовите на надзорниот одбор, односно на контролорот, односно на содружниците во јавното друштво и комплементарите во командитното друштво и командитното друштво со акции дека се исполнети условите за преобразба на друштвото во друга форма на друштво, пропишани во овој закон;

3) одлуката за преобразба со прилозите определени со овој закон;

4) список со името и презимето на секој содружник, односно акционер, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта или на друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во неговата земја ако содружникот, односно акционерот е странско физичко лице и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, МБС ако содружникот, односно акционерот е правно лице, со назначување на големината на уделот, односно на бројот на акциите што ги презема секој содружник, односно акционер сразмерно на номиналната вредност на уделот на содружникот, односно номиналната вредност на акциите на секој акционер што ги поседуваат во основната главнина на друштвото што настанува со преобразбата;

5) список во којшто поименично се наведуваат содружниците, односно акционерите кои гласале за усвојување на одлуката за преобразба;

6) одлуката за избор на органот на управување, на надзорниот одбор или на контролорот, ако друштвото

има орган на надзор, односно одлука за назначување на содружниците, односно лицата кои според договорот за друштвото се овластени за застапување, којашто е прилог кон одлуката за преобразба и е нејзин составен дел;

7) изјавите на содружниците за преземање на уделите и за прифаќање на договорот за друштвото, без разлика дали се внесени во записникот, или се дадени на друг начин, определен со овој закон, односно уписниците за преземање акции;

8) годишната сметка до денот на одлучувањето за преобразба на друштвото, заедно со извештајот од овластениот ревизор и

9) изјавата во согласност со членот 32 од овој закон.

(4) Со уписот на преобразбата во трговскиот регистар, друштвото продолжува да работи како друштво во формата во којашто се преобразило.

(5) Ако пријавата од ставот (2) на овој член не биде поднесена во рок од 90 дена од денот кога на собирот на содружниците, односно на собранието ја донело одлуката за преобразба, се смета дека одлуката не е донесена.

- - - - - - - - - - - -

***Преобразбата од една во друга форма на друштво се запишува во трговскиот регистар. По донесувањето на одлуката за преобразба се поднесува пријава за упис во трговскиот регистар. Пријавата ја потпишуваат членовите на органот на управување, управителот, претседателот на надзорниот одбор, односно контролорот на друштвото кои се назначени со договорот за друштвото, односно со статутот. Кон пријавата за упис на преобразбата во трговскиот регистар се приложуваат во оригинал, препис или заверена копија кај нотар: записникот од собирот на содружниците, односно од собранието на кое е донесена одлуката за преобразба, заверен кај нотар. Во оригинал, препис или заверена копија кај нотар кон пријавата за упис се приложуваат и останатите прилози од став 3 опишани во точките од 1 до 9 на овој член***

---

**ПРИСОЕДИНУВАЊЕ, СПОЈУВАЊЕ И ПОДЕЛБА НА ДРУШТВАТА (СТАТУСНИ ПРОМЕНИ)**

***Во Глава X од Законот за трговските друштва во членовите 517 до 538 се обработени одредбите за Статусните промени во трговските друштва (присоединување, спојување и поделба). Со овој закон за прв пат се даде надлежност на нотарите да изготвуваат записници, спогодби и план за поделба во форма за потврдување на одлуките донесени на Собрание на акционери, при оснивање на акционерски друштва, како и при статусните промени на друштвата.***

***Присоединување, спојување и поделба на друштвата*** (Член 517). Едно или повеќе друштва може да се присоединат (друштво што се присоединува) кон друго друштво (друштво што презема), со пренос на целокупниот имот и на обврските на друштвото коешто се присоединува без да се спроведе негова ликвидација, во замена за удели, односно за акции од друштво што презема.

Две или повеќе друштва можат да се спојат, без да се спроведе ликвидација, со основање на едно ново друштво - корисник на коешто преминува целокупниот имот и обврските на друштвата што се спојуваат, во замена на уделите, односно на акциите од новото друштво - корисник.

Едно друштво може, преку поделба, истовремено, да го пренесе сиот имот и обврските на две или повеќе новоосновани друштва (во натамошниот текст: раздвојување со основање) или на две или повеќе постојни друштва (во натамошниот текст: раздвојување со преземање), при што друштвото што се дели престанува без спроведување на ликвидација. Едно друштво може, преку поделба, дел од својот имот и од обврските да ги пренесе на едно или на повеќе новоосновани друштва (во натамошниот текст: издвојување со основање) или на едно или на повеќе постојни друштва (во натамошниот текст: издвојување со преземање), при што друштвото не престанува.

Поделбата може да се спроведе со истовремено пренесување на сиот имот или на дел од имотот и на обврските на друштвото што се дели на нови друштва и на постојни друштва (комбинирана поделба со раздвојување со основање, раздвојување со преземање, издвојување со основање и со издвојување со преземање).

Содружниците, односно акционерите на друштвата во рамките на дејствијата наведени во ставовите (1), (2), (3) и (4) на член 517 примаат удели или акции од друштвата што ги преземаат, односно од новооснованите друштва - корисници и, по потреба, разлика во пари чијшто износ не надминува 10% од номиналниот износ на примените удели, односно акции.

Присоединувањето, спојувањето, односно поделбата од ставовите (1), (2), (3) и (4) на член 517 може да се спроведе и кога е донесена одлука за престанување на друштвото со ликвидација, под услов содружниците, односно акционерите да не ја започнале распределбата на имотот и обврските на друштвото, односно кога се запира отворена стечајна постапка заради спроведување реорганизација на стечајниот должник, односно кога тоа е утврдено во планот за реорганизација на стечајниот должник.

Дејствијата предвидени во овој член можат да се вршат и меѓу друштва со различни форми.

**Одлучување за статусни промени** (Член 518). За присоединување одлучуваат друштвото што се присоединува и друштвото кон коешто се врши присоединувањето (друштво што презема).

За спојување одлучуваат друштвата коишто се спојуваат.

За поделба на друштвото што се врши со раздвојување со основање и со издвојување, со основање нови друштва, одлуката ја донесува друштвото коешто се дели. Кога поделбата на друштвото се врши со раздвојување со преземање и со издвојување со преземање, одлуката ја донесува друштвото коешто се дели и друштвото на коешто се пренесува дел од имотот и од обврските на друштвото коешто се дели (друштво што презема).

Одлука за присоединување, спојување и поделба донесуваат содружниците, собирот на содружниците, односно собранието на секое друштво што учествува во присоединувањето, во спојувањето и во поделбата, според условите и начинот, предвидени со овој закон за измена на договорот за друштвото, односно на статутот.

Ако со спојување или со поделба се основа ново друштво, основањето се врши според одредбите на овој закон што се однесуваат на основањето на соодветната форма на друштво, освен ако со одредбите од оваа глава поинаку не е определено.

Ако како последица од присоединување, спојување и поделба се зголемат обврските на содружниците или на акционерите на едно или на повеќе друштва, одлуката за присоединување, спојување или поделба

се донесува со согласност на сите содружници, односно акционери.

Претседателот на одборот на директори, односно претседателот на управниот одбор, најдоцна во рок од осум дена од денот на уписот на присоединувањето на друго друштво кон акционерско друштво, односно на спојувањето или на поделбата на акционерското друштво го известува Централниот депозитар за хартии од вредност за извршената статусна промена и дава налог за промените коишто треба да бидат извршени во акционерската книга, односно за отворање нова акционерска книга.

**Универзален пренос на целиот имот или на дел од него** (Член 519). (1) Со присоединување, со спојување и со поделба на друштвото со раздвојување со основање и со раздвојување со преземање, друштвото престанува без ликвидација и се врши универзален пренос на целиот негов имот и на обврските врз новоосnованите друштва и врз друштвата што преземаат, со состојба на денот определен со спогодба во којашто ги усогласуваат условите под коишто ќе се изврши присоединувањето, спојувањето, односно поделбата (во натамошниот текст: спогодба) или со планот за поделба на друштвото со раздвојување со основање и со издвојување со основање (во натамошниот текст: план за поделба).

(2) Новоосnованите друштва коишто настанале со спојување и со поделба со раздвојување со основање и со издвојување со основање и друштвата коишто преземаат со присоединување и со поделба со раздвојување со преземање и со издвојување со преземање се солидарни должници на доверителите на друштвата коишто се присоединиле, се споиле или се поделиле.

(3) Новоосnованите друштва и друштвата коишто преземаат со поделбата можат да се договорат обврските на друштвото коешто се дели (што ќе им бидат ставени на товар) да бидат уредени без солидарна одговорност, односно да ги преземе новоосnованото друштвото коешто презема. И во овој случај, новоосnованите друштва и друштвата коишто преземаат и друштвото што се дели со издвојување со основање или со издвојување со преземање се супсидиерни солидарни должници на доверителите на друштвото коешто се дели.

(4) Издавањето, односно повлекувањето акции, односно преземањето и повлекувањето удели се врши во согласност со спогодбата, односно со планот за поделба.

---

**Содржина на спогодбата**

чл.520

***(1) <u>Органот на управување на друштвото коешто се присоединува и органот на управување на друштвото коешто презема</u>, органите на управување на друштвата коишто се спојуваат, односно органот на управување на друштвото коешто се дели со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање и органот на управување на друштвото коешто презема <u>склучуваат спогодба во која ги усогласуваат условите под коишто ќе се изврши присоединувањето</u>, спојувањето, односно поделбата. <u>Спогодбата се составува во форма на нотарски акт.</u>***

*(2) Спогодбата од ставот (1) на овој член ги содржи следниве податоци:*

1) формата, фирмата и седиштето на друштвото што се присоединува и на друштвото коешто презема, односно на друштвата коишто се спојуваат, односно на друштвото коешто се дели со раздвојување со преземање и со издвојување со преземање и на друштвата коишто преземаат;

2) начинот на којшто ќе се изврши пренос на имотот и на обврските од друштвото што се присоединува на друштвото коешто презема, односно на друштвото коешто презема дел од имотот и од обврските од друштвото коешто се дели со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање, како и замената за удели, односно акции што се добиваат од новото друштво - корисник коешто настанува со спојувањето;

3)целта и условите под коишто се врши присоединувањето, спојувањето или поделбата со раздвојување со преземање и со издвојување со преземање;

4) вредноста на активата и на пасивата којашто се пренесува од друштвото што се присоединува на друштвото коешто презема и детален опис на распределбата на имотот и на обврските коишто се пренесуваат, односно преземаат (делбен биланс), од друштвата коишто се спојуваат на новото друштво - корисник, односно од друштвото што се дели со раздвојување со преземање и со издвојување со преземање на друштвото коешто презема;

5) соодносот според којшто ќе се врши размена на уделите, односно на акциите, а ако е потребно, и висината на доплатата во пари, односно уделите или акциите коишто треба да се стекнат од зголемената основна главнина на друштвото коешто презема, односно од новото друштво - корисник и правата и обврските коишто тие ги даваат;

6)правата коишто им се признаваат на содружниците, односно на акционерите како и посебните погодности коишто ги стекнале, односно коишто им ги даваат уделите, односно акциите;

7) начинот на преземање на уделите, односно на акциите и датумот од коишто преземените удели, односно акции им даваат право на учество на содружниците, односно на акционерите во добивката на друштвото коешто презема, односно на новото друштво - корисник и сите подробности коишто се од значење за остварување на тоа право;

8)датумот на којшто ќе бидат запрени деловните активности на друштвото што се присоединува и друштвата коишто се спојуваат;

9) датумот од кога зделките на друштвото коешто се присоединува, на друштвата коишто се спојуваат, односно на друштвото што се дели со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање од сметководствена гледна точка ќе се сметаат како да се извршени за сметка на друштвото коешто презема, односно на новото друштво - корисник што настанува со спојувањето;

10) секоја посебна погодност ако се дава на некој член на органот на управување или на надзорниот одбор, односно на контролорот на друштвата коишто учествуваат во присоединувањето, спојувањето, односно поделбата со раздвојување со преземање и со издвојување со преземање, ако друштвата имаат орган на надзор;

11) условите под коишто на вработените ќе им продолжи работниот однос во друштвата коишто преземаат, односно друштвата - корисници;

12) рокот до кој ќе се подготват годишните сметки и

13)други прашања од заеднички интерес за остварување на присоединувањето, спојувањето, односно поделбата со раздвојување со преземање и со издвојување со преземање.

(3) Составен дел на спогодбата од ставот (2) на овој член се:

1) кај присоединувањето, односно кај поделбата со раздвојување со преземање или издвојување со преземање

мање се предлог на одлуките на измените и дополнувањата на договорот за друштвото, односно кај спојувањето предлогот на договорот за друштвото односно предлогот на статутот на новото друштво - корисник;

2) листа на содружниците, односно акционерите на друштвото коешто се присоединува, односно на друштвата коишто се спојуваат, односно се делат со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање со номиналните износи на уделите, односно на акциите коишто веќе постојат во друштвото што презема како и уделите, односно акциите коишто тие треба да ги стекнат во друштвото коешто презема, односно во новото друштво - корисник во коешто стануваат содружници, односно акционери и

3) список на вработените кои го продолжуваат работниот однос во друштвото коешто презема, односно во новото друштво - корисник.

- - - - - - - - - - - -

***Органот на управување на друштвото коешто се присоединува и органот на управување на друштвото коешто презема,* органите на управување на друштвата коишто се спојуваат, односно органот на управување на друштвото коешто се дели со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање и органот на управување на друштвото коешто презема *склучуваат спогодба во која ги усогласуваат условите под коишто ќе се изврши присоединувањето,* спојувањето, односно поделбата. *Спогодбата се составува во форма на нотарски акт.* Во членот 520 од Законот за трговски друштва таксативно се набroom податоците кои треба да ги содржи Спогодбата.**

***Составен дел на Спогодбата во форма на нотарски акт се:***

***1.Предлог-Одлуките за измените и дополнувањата на договорот на друштото, а кај спојувањето предлогот на договорот на друштвото односно статутот на новото друштво(корисник)***

***2.Листа на содружници односно акционери на друштото коешто се присоединува, односно на друштвата коишто се спојуваат односно се делат со номиналните износи на уделите односно на акциите коишто веќе постојат во друштвото што презема како и уделите односно акциите коишто треба да ги стекнат во друштвото коешто презема, односно во новото друштво и***

***3.Список на вработени кои го продолжуваат работниот однос во друштвото што презема односно новото друштво.***

---

**План за поделба**

Член 521

***(1) Ако се врши поделба со раздвојување со основање или со издвојување со основање на нови друштва, органот на управување на друштвото коешто се дели донесува план за поделба. Планот за поделба, со сите негови прилози, мора да биде составен во форма на нотарски акт.***

(2) Планот за поделба од ставот (1) на овој член мора да ги содржи следниве податоци:

1) формата, фирмата и седиштето на друштвото што се дели со раздвојување со основање и со издвојување со основање, односно на новоснованите друштва- корисници;

2) начинот на којшто ќе се изврши преносот на имотот и на обврските од друштвото што се дели на друштвата коишто се основаат, во замена за удели, односно за акции од овие друштва;

3) целта и условите под коишто се врши поделбата со раздвојување со основање и со издвојување со основање;

4) вредноста на активата и на пасивата којашто се пренесува (делбен биланс) од друштвото што се дели со раздвојување со основање и со издвојување со основање на новооснованите друштва и детален опис на распределбата на имотот, правата и обврските;

5) соодносот според којшто ќе се врши размена на уделите, односно на акциите, а ако е потребно и висината на доплатата во пари, односно уделите или акциите коишто треба да се преземат, односно да се стекнат во новооснованите друштва и правата и обврските коишто ги даваат тие;

6) правата коишто им се признати на содружниците, односно на акционерите, како и посебните погодности коишто ги имале стекнато, односно им ги даваат уделите, односно акциите;

7) начинот на преземање на уделите, односно на акциите и датумот од којшто тие им даваат право на учество во добивката на содружниците, односно на акционерите во новооснованите друштва и сите подробности коишто се од значење за остварување на тоа право;

8) датумот на којшто ќе бидат запрени деловните активности на друштвото што се дели;

9) датумот од кога зделките на друштвото што се дели со раздвојување со основање и со издвојување со основање од сметководствена гледна точка ќе се сметаат како да се извршени за сметка на нооснованите друштва;

10) секоја посебна погодност ако се дава на некој член на органот на управување или на надзорниот одбор, односно на контролорот на друштвото што се дели и на новооснованите друштва, ако друштвата имаат орган на надзор;

11) условите под коишто на вработените ќе им продолжи работниот однос во новооснованите друштва;

12) рокот до којшто ќе се подготви годишната сметка и

13) други прашања од заеднички интерес за остварување на поделбата со раздвојување со основање и со издвојување со основање.

(3) Составен дел на планот за поделба од ставот (2) на овој член се:

1) предлог на договорот за друштвото, односно статутот на новоснованите друштва;

2) листа на содружниците, односно на акционерите на друштвото коешто се дели со раздвојување со основање и со издвојување со основање со номиналните износи на уделите, односно на акциите кои треба да ги стекнат во новооснованите друштва во кои стануваат содружници, односно акционери и

3) список на вработените кои го продолжуваат работниот однос во новооснованите друштва.

- - - - - - - - - - - - - -

***Согласно член 521 од Законот за трговски дрштва кај поделбата со развојување со оснивање или со издвојување со оснивање на нови друштва органот на управување на друштовто кое се дели донесува План за поделба. Планот за поделба мора да биде составен во форма на нотарски акт, со внесување на задолжителни податоци наброени во став 2 од чл. 521 и со составни делови кон истиот наброени во став 3 од чл.521 од ЗТД.***

---

**Обврска за објавување на известување за статусна промена** (Член 522). Најдоцна еден месец пред одлучувањето на содружниците, односно пред одржу-

вањето на собирот на содружниците или собранието на коешто се донесува одлука за прифаќање на спогодбата, односно на планот за поделба, органите на управување на друштвата што ја склучиле спогодбата или органот на управување на друштвото што се дели со раздвојување со основање и со издвојување со основање заеднички објавуваат во „Службен весник на Република Македонија" и најмалку во еден дневен весник известување за склучената спогодба, односно донесениот план за поделба. Во известувањето мора да ги објават следниве податоци:

1) формата, фирмата и седиштето на друштвата кои учествуваат во присоединувањето, спојувањето или поделбата;

2) причините, намерите, целта и условите на присоединувањето, спојувањето или поделбата;

3) вредноста на активата и на пасивата којашто се пренесува, односно се презема;

4) соодносот според којшто ќе се врши размената на уделите, односно на акциите, а ако е потребно, и висината на доплатата во пари, односно уделите или акциите коишто треба да се стекнат од зголемената основна главнина на друштвото што презема и правата и обврските што ги даваат тие;

5) правата коишто им се признати на содружниците, односно на акционерите како и посебните погодности коишто ги имале стекнато, односно им ги даваат уделите, односно акциите;

6) начинот на преземање на уделите, односно на акциите и датумот од којшто тие им даваат право на учество во добивката на содружниците, односно на акционерите во новооснованите друштва и сите подробности коишто се од значење за остварување на тоа право;

7) датумот на којшто ќе бидат запрени деловните активности на друштвото коешто се присоединува, друштвата коишто се спојуваат, односно друштвото што се дели;

8) секоја посебна погодност ако се дава на некој член на органот на управување или на надзорниот одбор, односно на контролорот на друштвата коишто учествуваат во присоединувањето, спојувањето, односно поделбата, ако друштвата имаат орган на надзор и

9) условите под коишто на вработените ќе им продолжи работниот однос во друштвото коешто презема, во новото друштво - корисник и во новооснованото друштво.

Спогодбата, односно планот за поделба и прилозите коишто се нивни составни делови се ставаат на увид на сите содружници, односно акционери во седиштето на друштвата што учествуваат во присоединувањето, спојувањето, односно поделбата. Во објавувањето од ставот (1) на овој член се наведуваат времето и другите подробности коишто се од значење секој содружник, односно акционер да може да изврши увид.

Во рокот од ставот (1) на овој член спогодбата, односно планот за поделба се доставуваат до трговскиот регистар за да изврши предбележба. По извршената предбележба во „Службен весник на Република Македонија" се објавува дека е извршена предбележба во трговскиот регистар и дека спогодбата, односно планот за поделба се дозволени за увид.

Ако со закон е утврдена обврска да се извести надлежен орган за намерата да се изврши статусна промена, спогодбата, односно планот за поделба се доставува до надлежниот орган.

---

**Известување на доверителите** (Член 523). Познатите доверители чии побарувања надминуваат 10.000 ЕВРА во денарска противвредност се известуваат по писмен пат, поединечно, во местото на живеење, а ако доверителот е правно лице во неговото седиште.

Доверителите кои не можат да бараат намирување на побарувањата, бидејќи побарувањата не се пристигнати од друштвата кои учествуваат во присоединувањето, спојувањето или поделбата, а кои сметаат дека присоединувањето, спојувањето, односно поделбата ќе го загрози намирувањето на нивните побарувања, поднесуваат барање за обезбедување на побарувањата до друштвото коешто се присоединува, друштвата коишто се спојуваат и друштвото што се дели, во рок од 30 дена од денот на објавувањето на известувањето од членот 522 на овој закон. Ако друштвото што се присоединува, друштвата коишто се спојуваат и друштвото што се дели не одговорат на барањето на доверителот во рок од 15 дена од денот на поднесеното барање или не го дадат бараното обезбедување, доверителот може во наредните осум дена да поднесе предлог до судот за запирање на постапката за спојување, присоединување, односно поделба. Ако судот утврди дека во постапката за присоединување, спојување, односно поделба на доверителот не му е одговорено на барањето, односно не му е дадено бараното обезбедување, на предлог на доверителот, судот може привремено да ја запре постапката, додека друштвото коешто се присоединува, друштвата коишто се спојуваат и друштвото што се дели не му поднесат на судот во определениот рок доказ дека се дадени обезбедувања за побарувањето на доверителот.

Доверителите кои во случај на стечај имаат првенствено право на намирување од стечајната маса, немаат право да бараат обезбедување.

---

**Биланс на состојбата пред статусна промена** (Член 524). Друштвото пред да се присоедини, спои или подели, составува годишна сметка, заклучно со рокот утврден во спогодбата, односно во планот за поделба.

Рокот од ставот (1) на овој член не може да биде покус од три месеца од денот на склучувањето на спогодбата, односно од денот на донесувањето на планот, ако годишната сметка за последната деловна година не е постара од шест месеца.

Вредностите искажани во годишната сметка на друштвото што се присоединува, на друштвата коишто се спојуваат или на друштвото што се дели се пренесуваат и се искажуваат соодветно во билансите на друштвото коешто презема, новото друштво - корисник и новооснованото друштво.

---

**Ревизија на спогодбата, односно планот за поделба** (Член 525). Спогодбата, односно планот за поделба мора да го прегледа еден или повеќе овластени ревизори. Овластените ревизори за секое друштво одделно ги назначуваат органите на управување на друштвата кои учествуваат во присоединувањето, спојувањето, односно поделбата. Овластените ревизори можат да извршат ревизија за сите друштва коишто учествуваат во присоединувањето, спојувањето и поделбата ако овластените ревизори се назначени од судот на нивен заеднички предлог.

Извештајот за извршената ревизија мора да го содржи мислењето на ревизорите дали индексот на размената на акциите, односно на уделите е праведен и разумен.

Во изјавата ревизорите мораат да наведат:

1) кој метод, односно кои методи биле употребени за да се процени предложениот индекс на размена и кој метод е примарен;

2) каков соодност на размена би настанал со употреба на различни методи и која е релативната важност на секој од методите коишто се користени при утврдувањето на индексот на размената;
3) дали користениот метод, односно методи се соодветни за размената и
4) кои тешкотии, ако ги имало, се јавиле при процената и при вршењето на ревизијата.
Секој од овластените ревизори има право од органите на управување да бара да ги добие сите информации и документи потребни за ревизијата и, ако е потребно, да спроведе и посебно испитување.
На одговорноста на овластените ревизори се применуваат одредбите на овој закон и на другите прописи со коишто се уредува ревизијата.

---

**Извештај за статусна промена** (Член 526). Органите на управување што ја склучиле спогодбата, односно го донеле планот за поделба составуваат извештај во писмена форма, во којшто во подробности:
1) ќе ги образложат причините, односно целта којашто треба да се постигне со присоединувањето, спојувањето и поделбата;
2) ќе ги образложат правните и деловните прашања, како и предложените правни и економски основи под коишто ќе се врши присоединувањето, спојувањето и поделбата;
3) ќе ги објаснат критериумите и методите со коишто е утврден соодносот според којшто ќе се врши замена на уделите, односно на акциите и критериумите за нивната распределба;
4) ќе ги образложат содржината на документите и на предлогот на актите за присоединувањето, спојувањето и поделбата;
5) ќе ги опишат тешкотиите коишто се појавиле во текот на постапката при процената на имотот и на обврските;
6) ќе ги наведат непаричните влогови, како и проблемите коишто произлегле при нивната процена што се врши според членот 35 од овој закон, и ќе се упати на извештаите според кои овие непарични влогови биле проценети и на начинот на којшто извештаите се достапни за увид;
7) ќе ги образложат промените на имотот и на обврските настанати од денот на склучувањето на спогодбата, односно на донесувањето на планот за поделба до денот на одлучувањето на содружниците, односно на одржувањето на собирот на содружниците или на собранието на коешто ќе се одлучува за присоединувањето, спојувањето и поделбата и
8) ќе ги објаснат измените што се извршени во спогодбата, односно во планот за поделба заради нивната обврска да постапат според укажувањата на овластениот ревизор.

---

**Подготовка за свикување собир на содружниците, односно собрание** (Член 527). Најмалку еден месец пред денот определен за одлучување на содружниците, односно за одржување на собирот на содружниците или на собранието на коешто треба да се одлучува за потврдувањето на спогодбата, односно на планот за поделба, секое друштво коешто учествува во присоединувањето, спојувањето и поделбата е должно на содружниците, односно на акционерите да им овозможи во седиштето на друштвото да се запознаат со документацијата за остварувањето на присоединувањето, спојувањето, односно поделбата, а особено со:
1) спогодбата, односно со планот за поделба, со сите нивни прилози;
2) годишната сметка и со годишниот извештај за работењето на секое од друштвата коешто учествува во присоединувањето, спојувањето, односно поделбата за последните три години, односно за секоја година од постоењето на друштвото ако тоа постои помалку од три години;
3) годишната сметка подготвена во согласност со членот 524 од овој закон;
4) извештајот подготвен од органот на управување на друштвата за присоединувањето, спојувањето, односно поделбата;
5) извештајот на овластениот ревизор и
6) други значајни информации и известувања коишто се од значење за одлучувањето за присоединувањето, спојувањето, односно поделбата.
Годишните сметки од ставот (1) точка 2 на овој член се составуваат во согласност со прописите коишто важеле во времето кога се составувани.

---

**Одлука за статусна промена**

Член 528

(1) Спогодбата, односно планот за поделба станува полноважен откако ќе го прифатат содружниците, собирот на содружниците, односно собранието на друштвата што учествуваат во присоединувањето, спојувањето и поделбата.
(2) Одлуката за потврдување на спогодбата, односно на планот за поделба се донесува на начинот на којшто со овој закон, со договорот за друштвото, односно со статутот се донесува одлука за измена на договорот за друштвото, односно на статутот.
(3) Одлуката за потврдување на спогодбата, односно на планот за поделба од ставот (1) на овој член се смета за одлука за присоединување, спојување, односно поделба.
(4) Содружинците, односно собирот на содружниците или собранието истовремено со одлуката за присоединување, спојување, односно поделба со раздвојување со преземање и со издвојување со преземање донесуваат и одлука за измена на договорот за друштвото, односно за измена на статутот, а со одлуката за поделба со раздвојување со основање и со издвојување со основање донесуваат одлука за усвојување на договор за друштвото, односно на статутите на новооснованите друштва.
***(5) Записникот од состанокот на содружниците, од собирот на содружниците, односно на собранието од ставот (1) на овој член го води нотар. Спогодбата, односно планот за поделба се приложува кон записникот од состанокот, од одржаниот собир на содружниците, односно одржаното собрание како негов составен дел.***

---

***Спогодбата односно Планот на поделба во форма на нотарски акт од член 520 и 521 од ЗТД станува полноважен откако ќе го прифатат содружниците односно Собирот на содружниците односно Собранието на друштвата кои што учестуваат во статусните промени.***
***Одлуката за потврдување на Спогодбата односно Планот на поделба во форма на нотарски акт се смета за Одлука за присоединување, спојување односно поделба. Со ваквата одлука Собирот на содружници односно собранието донесува истовремено и одлука за усвојување на договорот за друштвото односно статутите на новоосновaните друштва.***
***Записникот од состанокот на Собирот на содруж-***

***ниците односно Собранието го води нотар. Спогодбата односно Планот на поделба во форма на нотарски акт се приложува кон Записникот како негов составен дел.***

---

**Присоединување, односно поделба во посебни случаи** (Член 532). Ако најмалку 90% од уделите, односно од акциите во коишто е претставена основната главнина на друштвото коешто се присоединува, односно на друштвото што се дели со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање ги држи друштвото коешто презема, не е потребна согласност на содружинците, собирот на содружниците, односно на собранието на друштвото коешто презема.
Ако сите удели, односно акции на друштвото што се присоединува ги поседува друштвото коешто презема во спогодбата за присоединување, не се внесуваат податоците за замена на уделите, односно акциите и не се врши ревизија и одобрување на спогодбата од собирот на содружниците, односно од собранието на друштвото што се присоединува и друштвото коешто презема.
Содружниците, односно акционерите на друштвото коешто презема, чиишто удели, односно акции заедно изнесуваат 5% од основната главнина, можат да бараат да се свика собир на содружниците, односно собрание на коешто ќе се потврди присоединувањето.
Во основната главнина не влегуваат сопствените удели, односно сопствените акции на друштвото коешто презема како и уделите, односно акциите коишто ги поседува некој друг, но за сметка на друштвото коешто презема.
Друштвото од ставовите (1) и (2) на овој член е должно да ги објави условите за присоединување, односно за поделба со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање најдоцна 30 дена пред денот на одржувањето на собирот на содружниците, односно на собранието и во овој рок да им овозможи увид на содружниците, односно на акционерите во документите коишто со овој закон се определени за остварување на присоединувањето, односно за поделбата.
(5) Содружниците, односно акционерите од друштвото коешто се присоединува од ставот (1) на овој член кои не се согласиле со присоединувањето ги остваруваат правата во согласност со одредбите од оваа глава.

---

**Права на содружниците, односно на акционерите** (Член 535). На содружник, односно акционер кој се изјаснил дека не сака за неговиот удел, односно акции да преземе удел, односно акции во друштвото што презема, во ново друштво - корисник коешто настанало со спојување, во новоосновано друштво, друштвото е должно да му го откупи уделот, односно акциите според цена утврдена во одлуката за присоединување, спојување, односно поделба.
Ако содружникот, односно акционерот не ја прифати понудената цена од ставот (1) на овој член, најдоцна во рок од триесет дена од денот на одбивањето на понудата, може да поднесе предлог до судот да ја утврди вредноста на уделот, односно на акциите. Содружникот, односно акционерот ги губи сите права од уделот, односно од акциите, освен правото на надомест за неговиот удел, односно акции.
Судот, врз основа на извештајот за процена, подготвен од овластен проценител кој е назначен од судот со одлука, ја определува вредноста на уделот на содружникот, односно на акциите на акционерот. Трошоците паѓаат на товар на друштвото, а ако проценителот утврди дека цената на уделот, односно на акциите што ја определило друштвото е иста или помала од онаа што ја утврдило друштвото, трошоците за процената паѓаат на товар на содружникот, односно на акционерот кој го поднел предлогот. Содружникот, односно акционерот, со предлогот може да бара и камата.
Друштвото може, врз основа на одлуката на судот, да им исплати зголемен износ на сите содружници, односно на акционери кои поседуваат удели, односно акции од ист род и класа во износ што бил исплатен врз основа на одлука на суд од ставот (3) на овој член.
По правосилноста на одлуката на судот од ставот (3) на овој член, друштвото што се присоединува, се спојува, односно се дели го определува рокот за подигање на исплатата што не може да биде пократок од 30 дена. По истекот на овој рок парите се полагаат кај судот, уделите се поништуваат, а акциите се огласуваат за неважечки, за што се известува Централниот депозитар за хартии од вредност. Врз основа на поништените удели, односно огласени неважечки акции може да се подигне износот којшто е положен за нив кај судот во депозит.
Содружникот, односно акционерот од друштвото што се присоединува, се спојува, односно се дели не може да има други барања од имотот на друштвото што презема, односно од новото друштво - корисник ниту од друштвото што презема дел од имотот и од обврските на друштво поделено со раздвојување со преземање или издвојување со преземање, односно од новооснованото друштво основано со поделба на друштвото со раздвојување со основање или со издвојување со основање.
Друштвото што презема, новото друштво - корисник, односно новооснованото друштво на сопствениците на конвертибилни обврзници на присоединетото, споеното, односно поделеното друштво, мора да им ги даде сите права коишто ги имале во друштвото што се присоединило, во друштвата кои се споиле, односно друштвото што се поделило.
(8) Ако содружниците, односно акционерите од друштвото што се присоединува, односно споените друштва или друштвото што се дели имале обврска да извршат доплата во пари, присоединувањето, спојувањето, односно поделбата може да се запише во трговскиот регистар откако на судот ќе му се достави доказ дека доплатата во пари е извршена.

---

**Пријава за упис во трговскиот регистар**

Член 536

(1) Секое друштво мора да поднесе пријава за упис на присоединувањето, на спојувањето, односно на поделбата со раздвојување со преземање или поделбата со издвојување со преземање во трговскиот регистар.
***(2) При поднесување на пријава, управителот, односно членовите на органот на управување, мораат да дадат изјава дека одлуките за присоединување, за спојување односно за поделба со раздвојување со преземање или поделба со издвојување со преземање не се побивани во пропишаниот рок или дека побивањето е одбиено со правосилна одлука на суд. Кон пријавата за упис во трговскиот регистар на присоединување, на спојување, односно на поделба со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање во оригинал, препис или заверена копија кај нотар, се приложуваат:***
1) спогодбата;
2) измените на договорот за друштвото, односно стату-

тот на друштвото коешто презема, односно договорот за друштвото или статутот на новото друштво - корисник што настанало со спојувањето;
3) одлуката за потврдувањето на спогодбата;
4) записниците од собирите на содружниците, односно од собранијата на кои се донесени одлуките за потврдување на спогодбата и се усвоени измените на договорот за друштвото, односно на статутот на друштвата коишто преземаат, односно договорот за друштвото или статутот на новото друштво - корисник што настанува со спојувањето, во коишто се назначени и органите на управување, односно органот на надзор, ако друштвото има орган на надзор;
5) извештајот на овластениот ревизор;
6) извештајот за присоединувањето, спојувањето, односно поделбата со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање;
7) списокот на содружниците, односно на акционерите коишто ги презема друштвото што презема, односно новото друштво - корисник, потпишан од страна на управителот, односно на членовите на органот на управување;
8) одобрението од државен, односно од друг надлежен орган ако за присоединувањето, спојувањето, односно поделбата со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање тоа е определено со закон;
9) списокот на вработените кои преминуваат во друштвото што презема или во новото друштво - корисник и
10) изјавата на управителот, односно на членовите на органите на управување на друштвата коишто учествуваат во присоединувањето, во спојувањето, односно во поделбата со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање според член 32 од овој закон.
***(3) Кон пријавата за поделба на друштвото со раздвојување со основање и со издвојување со основање на новоосновани друштва, во оригинал, препис или заверена копија кај нотар, покрај прилозите од ставот (2) точки 5, 7, 8, 9 и 10 на овој член се приложуваат и:***
1) планот за поделба;
2) одлуката за потврдувањето на планот за поделбата;
3) записник од собирот на содружниците, односно од собранието на којшто е донесена одлука за потврдување на планот за поделба и се усвоени договорот за друштвото, односно статутот на друштвата што се основаат со раздвојувањето со основање и со издвојувањето со основање;
4) договорот за друштвото, односно статутот на новооснованото друштво што се основа со поделбата со раздвојување со основање и со издвојување со основање;
5) одлука за избор на управителот, членовите на одборот на директори, односно на органот на надзор на друштвата што настануваат со поделбата со раздвојување со основање и со издвојување со основање ако тие не се назначени во статутот, односно на договорот за друштвото и
6) извештајот за поделбата со раздвојување со основање или со издвојување со основање.
(4) Кон пријавата за упис во трговскиот регистар се поднесуваат за секое присоединето, споено, односно поделено друштво со поделба со раздвојување со преземање или со поделба со издвојување со преземање и годишна сметка подготвена и усвоена, најмногу шест месеца пред денот на поднесување на пријавата за упис.
(5) По уписот во трговскиот регистар, недостатоците во постапката на присоединување, на спојување, односно на поделба не влијаат на валидноста на присоединувањето, на спојувањето, односно на поделбата.

---

***Правните последици од уписот*** (Член 537). Правните последици од присоединувањето, од спојувањето, односно од поделбата настапуваат истовремено од денот на објавувањето на уписот во трговскиот регистар на присоединувањето, на спојувањето, односно на поделбата.
Со присоединувањето, имотот и обврските на друштвото што се присоединува преминуваат на друштвото што презема. Истовремено со уписот на присоединувањето во трговскиот регистар, се брише и друштвото што се присоединува. Содружниците, односно акционерите на друштвото што се присоединило, стануваат содружници, односно акционери на друштвото што презема.
Со спојувањето, имотот и обврските на друштвата коишто се спојуваат преминуваат на новото друштво - корисник. Истовремено со уписот на новото друштво корисник, се бришат друштвата коишто се споиле. Во договорот за друштвото, односно во статутот на новото друштво - корисник, мора да се преземат определените посебни погодности, трошоците за основање и непаричните влогови. Содружниците, односно акционерите на друштвата коишто се споиле, со уписот на спојувањето стануваат содружници, односно акционери на новото друштво - корисник.
Со поделбата на друштвото со раздвојување со основање и со раздвојување со преземање сиот имот и обврски преминуваат на новооснованото друштво, односно на друштвото што презема. Истовремено со уписот се брише друштвото што се дели. Содружниците, односно акционерите на друштвото што се дели со раздвојување со основање и со раздвојување со преземање стануваат содружници, односно акционери на новооснованото друштво.
Со поделбата на друштвото со издвојување со основање и со издвојување со преземање дел од неговиот имот и дел од неговите обврски преминуваат на друштвото што се основа, односно на друштвото што презема. Друштвото што се дели не престанува. Содружниците, односно акционерите на друштвото што се дели со издвојување со основање и со издвојување со преземање, со преземањето удели, односно акции во новооснованото друштво, односно во друштвото што презема, стануваат нивни содружници, односно акционери.
(6) Кога со закон е пропишано исполнување посебни дејствија во поглед на преносот на ствари, права и обврски од страна на друштвото што презема, новото друштво - корисник и новооснованото друштво, нивниот пренос има дејство спрема трети лица кога за преносот на овие ствари, права и обврски ќе се исполнат пропишаните дејствија. Овие дејствија друштвото мора да ги изврши во рок не подолг од шест месеца.

На стручните советувања на тема "Улогата на нотарот во Законот за трговски друштва" одржани по Апелационите подрачја Штип, Битола и Скопје под покровителство на USID - Проект за корпоративно управување и Законот за трговските друштва со свое излагања настапи Професор Др. Арсен Јаневски. Во делот на советувањата, кој се однесуваше на водење записници на акционерско собрание и записник во форма на нотарски акт за статусни промени на трговски друштва, со свои излагања со конкретни примери на обрасци настапија нотарите: Нотар Виолета Ангеловска од Битола и Нотар Васил Кузмановски од Охрид за Апелационо подраче Битола, Нотар Нада Палиќ и Нотар Зорица Пулејкова за Апелационо подрачје Скопје и Нотар Чедо Иванов за Апелационо подрачје Штип. Во прилог на темата "Улогата на нотарот во Законот за трговски друштва" се прикажуваат практични обрасци од некои од дејствијата што ги врши нотарот согласно Законот за трговски друштва.

**Образец бр.1 : Записник од Основачко собрание на трговско друштво**

Република Македонија
НОТАР
______________________

Кочани, _________2005 (_____ двеилјадиипета)година, ____,00 часот и ____ минути ------------------

**НОТАРСКИ АКТ**

Јас, Нотар _______________, со службено седиште во _________________, денес, на ____________2005(____двеилјаиипета) година , на писмена Покана број ______ од __________2005( __ двеилјадиипета) година ( прилог "А" кон овој акт) од основачите на Акционерското друштво "_____________________________________" , со седиште во ___________, присуствував на седница на Основачкото Собранието на акционерите на Друштвото која се одржа на денешен ден во седиштето на Друштвото во __________ на ул." _______" бр.___, со почеток во ________ часот, при што, согласно член 71 од Законот за вршење на нотарските работи (Службен весник на Република Македонија, број 59/96 и 25/98), и член 407 во врска со член 312 и 313 од Законот за трговските друштва (Службен весник на Република Македонија број 28/2004), го составив следниот: -----------------------------------------------------------------------------------------------

**ЗАПИСНИК ОД ОСНОВАЧКО СОБРАНИЕ**
**НА АКЦИОНЕРИТЕ на Акционерското друштво "________"**

Пред отпочнување со работа на Основачкото собрание побарав од основачите на акционерското друштво да ми ја достават целокупната документација за основање на Акционерското друштво. --
Од приложената документација на увид констатирав дека е :---------------------------------------------
- Објавен јавен повик за одржување на Основачко собрание во дневното гласило _____________, на _________ година, со кој се повикуваат основачите и запишувачите на акции да присуствуваат на седницата на собранието на акцинерите на Акционерското друштво_____________________, на ден __________ година, со почеток во _________ часот, во седиштето на Друштвото во ___________________ на ул." __________" бр.___. -------------------------------------------------------
- изработен Статут на акционерското друштво( прилог "Б" кон овој акт) ---------------------------------
- составен Основачкиот извештај( прилог "В" кон овој акт) -----------------------------------------------
- составен Списокот на основачи( прилог "Г" кон овој акт) ---------------------------------------------
- составен Списокот на запишувачи на акции( прилог "Д" кон овој акт)---------------------------------
- составен Извештајот на основачите за трошоците на основањето( прилог "Ѓ" кон овој акт)-----------
- составен списокот за распределбата на акциите и списокот на лицата кои презеле акции без запишување врз основа на јавниот повик со наведување на бројот и родот на акциите коишто секој од нив ги презел ( прилог "Е" кон овој акт)и-------------------------------------------------------------
- составен Извештајот за ревизија на основањето( прилог "Ж" кон овој акт)----------------------------

Седницата ја отворив Јас, Нотар _______________ и предложив да се избере верификациона комисија како би се утврдило дали постои кворум за работа на Собранието. За членови на верификационата комисија се предложени _____________, _______________ и _____________. Предлогот едногласно е усвоен од присутните . Верификационата комисија, откако изврши увид во Списокот на основачите и запишувачите на акции , утврди дека на седницата на Собранието се присутни________ основачи и нивни застапници и ___________запишувачите на акции и нивни застапници и утврди дека постои кворум за работа и одлучување на Собранието.------------------------

Врз основа на Извештајот на Верификационата комисија констатирав дека на седницата на Основачкото собранието на Акционерското друштво "____________" се присутни ____ основачи и __________запишувачите на акции или нивни застапници кои имаат во сопственост мнозинство од сите акции со што утврдив дека постои кворум за работа и одлучување на Основачкото собрание и го составив Списокот на присутни : .------------------------------------------------------------------------
- Основачи:------------------------------------------------------------------------------------------------
1)_______________, со број на гласови ____; ----------------------------------------------------------
2)_______________, со број на гласови ____ ; ----------------------------------------------------------
3)_______________ ,со број на гласови____, преку овластен застапник _______________________, со нотарски заверено полномошно;-------------------------------------------------------------------------
4) _______________,со број на гласови ____ ,преку овластен застапник _______________________, со нотарски заверено полномошно; -----------------------------------------------------------------------
5)_______________, со број на гласови ____; ----------------------------------------------------------
6)_______________, со број на гласови ____ ; ----------------------------------------------------------
- Запишувачи на акции: ----------------------------------------------------------------------------------
1)_______________, со број на гласови ____; ----------------------------------------------------------
2)_______________, со број на гласови ____ ; ----------------------------------------------------------
3)_______________ ,со број на гласови____, преку овластен застапник _______________________, со нотарски заверено полномошно;-------------------------------------------------------------------------
4) _______________,со број на гласови ____ ,преку овластен застапник _______________________, со нотарски заверено полномошно; -----------------------------------------------------------------------
5)_______________, со број на гласови ____; ----------------------------------------------------------
5.ПОДЕЛБА НА ПОБАРУВАЊАТА ---------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
Побарувањата на друштвата кои се основаат со поделбата како и Друштвото кое останува да работи, се врши на следниот начин:-------------------------------------------------------------
Побарувањата од ДДВ во вкупен износ од ___________________евра, во денарска противвредност износ од ______________________ денари, се пренесуваат на новооснованото друштво ____________ ДОО .------------------------------------------------------------------------------
Побарувањата од купувачи во вкупен износ од ________ евра во денарска противвредност износ од ______ денари, дел и тоа во износ од ________ се пренесуваат на новооснованото друштво ______________ ДОО дел во износ од ________ денари на новоснованото друштво ______________ ДОО а останатото во износ од _________ останува кај друштвото на поделбата,------------------------
поконкретно кои побарувања од купувачите се пренесуваат на новоосновани друштва, а кои остануваат кај друштвото на поделбата е определено со делбениот биланс, кој претсавува составен дел од овој план,-------------------------------------------------------------------
Паричните средства на жиро сметка во износ од ____________денари, по поделбата остануваат кај друштвото на поделбата __________________ ДОО .------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
ПОДЕЛБА НА ОБВРСКИТЕ ----------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
Обврските на друштвото на поделбата вкупно по сите основи изнесуваат_____________ евра во денарска противвредност. ---------------------------------------------------------------------------
Обврските на друштвото на поделбата се делат помеѓу него и новоосновани друштва на следниот начин:-------------------------------------------------------------------------------------
- Од обврските за примени позајмици од банки и други правни лица и тоа во износ од _____________ на новоосновани друштва и тоа на Друштвото ___________________ДОО , се пренесува износ од ______ евра во денарска противвредност, на Друштвото ____________ДОО износ од ____________ евра во денарска противвредност _________________, а на друштвото на поделбата износ од ______________ евра во денарска противвредност.-----------------------------------
Поточно кои обврски за позајмици се пренесуваат на новоосновани друштва, а кои остануваат кај друштвото на поделбата е одредено со делбениот биланс, кој преставува составен дел од овој Нотарски акт - план на поделба.--------------------------------------------------------------------
- Од обврските за нето плати во вкупен износ од __________ денари , износ од __________ денари на новоосновани друштва и тоа на Друштвото ______________ ДОО износ од __________ денари , на Друштвото ___________ ДОО износ од _________ денари, а остатокот во износ од __________ денари останува како обврска на друштвото на поделбата.-------------------------------
- Од обврските за персонален данок во вкупен износ од _____________ денари на новооснованото друшто ________________ се пренесува износ од ____________ денари , на __________________ , износ од ____________евра во денарска противвредност износ од __________________денари, а остатокот останува како обврска на друштвото на поделбата.---------------------------------------
- од вкупната загуба од тековната година во износ од ____________евра во денарска противвредност износ од ____________________ денари, на новоосновани друштва и тоа на

_____________________ износ од _____________, на ________________________ износ од ______________, а остатокот е обврска на друштвото на поделбата.--Непресметана камата по тужби останува како обврска на друштвото на поделбата.--------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
6. ДАТУМ НА ПРЕВЗЕМАЊЕ НА УДЕЛИТЕ И ДАТУМ ОД КОЈ СМЕТКОВОДСТВЕНИТЕ ОПЕРАЦИИ ЌЕ СЕ СМЕТААТ ЗАВРШЕНИ--------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Основната главнина на друштвото на поделбата ________________ е поделена на ______________ удели. Вредноста на секој од уделите е одредена во книгата на удели. Бројот на уделите кој ќе се пренесе на новоосnованите друштва ќе биде пропорционален на учеството на капиталот кој му е пренесен во вкупниот капитал на друштвото на поделбата така што на друштвото ______________________ ќе му се пренесат _____ удели, во вкупна вредност од __________ ЕУР во денарска противвредност износ од ___ денари. Кои удели и на кои содружници ќе се пренесат на ново основаните друштва е одредено со делбениот биланс и со предлогот на Договорот на друштвото, кои се составни делови на овој план. Уделите ќе се преземаат на начин што истите од книгата на удели кај друштвото на поделбата ќе се пренесат во книгите на удели во новоосnованите друштва. Датум до кој уделите ќе се пренесат на новоосnованите друштва и даваат право на добивка од друштвото на поделбата е заклучно со ____________ година, а од ____________ година, даваат право на добивка од новоосnованите друштва, без оглед на тоа кога ќе биде завршена постапката за поделба.-----------------------------------
Сите сметководствени операции ќе се сметаат за завршени на ден _______________ година до кога друштвото на поделбата ќе го прикажува во целост своето работење, а од _______________ година, правните работи на друштвото на поделбата и друштвата-корисници ќе се сметаат како да се превземени на сметка на друштвото на поделбата и друштвата корисници. ---------------------------
Друштво односно субјектот на поделбата _________________ ќе подготви завршна сметка заклучно со _____________ година.---------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
7. РЕШАВАЊЕ НА СТАТУСОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ПО ПОДЕЛБАТА-----------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
По поделбата од вкупно _____________ вработени кај друштвото на поделбата ______________, (бр. на вработени), ќе превземе новоосnованото друштво _______________, (бр. на вработени), ______________, а останатите _____ вработени го продолжуваат својот работен однос во друштвото на поделбата.-------------------------------
Кои вработени го продолжуваат својот работен однос во друштвата корисници, а кои остануваат кај друштвото на поделбата е одредено со делбениот биланс и списокот на вработените кои го продолжуваат работниот однос во новоосnованите друштва и друштвото што се дели, кои се составен дел на овој Нотарски акт - план на поделба.---------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
8.ПОСЛЕДИЦИ ОД ПОДЕЛБАТА---------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
По завршувањето на постапката за поделба спрема овој план на друштвото на поделбата _______________ не му пртестанува правниот субјективитет и истиот продолжува да работи со намалена основна главнина поради поделбата и извршениот пренос на дел од имотот и обврските на новоосnованите друштва.------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
9. УПИС И ОБЈАВУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ПОДЕЛБА-------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Согласно член 522 од ЗТД ќе се објави известување за донесената спогодба за поделба во Службен весник на РМ и во еден од дневните весници.--------------------------------------------------
Најдоцна еден месец пред одлучувањето на содружниците односно пред одржувањето на собирот на содружниците намкое што се донесува одлика за прифаќање на планот на поделбата се доставува до трговскиот регистар за да се изврши предбележба. По извршената предбележба во Службен весник на РМ се објавува дека е извршена предбележба во трговскиот регистар и дека планот на поделбата е дозволен за увид .------------------------------------------------------------------
Познатите доверители чии побарувања надминуваат десет илјади евра во денарска противвредност се известуваат по писмен пат поединечно во местото на живеење, а доверителите-правни лица во нивните седишта.--------------------------------------------------------------------------------
Сите заинтересирани доверители и други лица можат да извршат увид во овој план и прилозите кои се негов составен дел во просотриите на _________________(друштвото кое се дели), на ул." ____" бб..-----------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
10. СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА ОВОЈ ПЛАН --------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Составни делови на овој план се следниве прилози: ------------------------------------------------------

- предлог Договор за основање на ______________________ (друштво кое се основа)--------
- предлог Договор за основање на ______________________(друштво кое се основа)---------

- предлог за измена и дополнување на Договорот за ______________________, преку донесување на нов Договор (друштвото кое продолжува со работа)--------------------------------
- листа на содружници со номинални износи на удели кои треба да ги стекнат во ново основаните друштва -----------------------------------------------------------------------------------------------------
- список на вработените кои го продолжуваат работниот однос во новооснованите друштва и друштвото кое се дели--------------------------------------------------------------------------------------------
- финансиски показатали од билансот на состојбата со-делбен биланс-----------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој акт лично го составив и лично и го прочитав на странката заедно со прилозите на актот и го предупредив на правните последици од ваквата правна работа .---------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Странката изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегувва од оваа правна работа и дека содржината на овој акт во целост одговара на нејзината волја. -------------------------------------------

Овој Нотарски акт е составен од ___страни на ____ листови. Од актот се издава за сите три друштва по еден извод. Еден извод за регистарскиот суд, а изворникот се чува во архивата на Нотарот. ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Нотарска такса по тарифен бр.32 од ЗСТ, е наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање во износ од __ денари и нотарска награда согласно чл.12 од ПНТ е пресметана во износ од __денари.--------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

ОДУ бр._______/05

____________, ____ 2005 ( __ двеилјадиипета) година

Нотар ______________

*Образец бр. 5 :* **Записник од собир на содружници за прифаќање на Спогодба за присоединување**

Република Македонија
Н О Т А Р

____________________

Кочани, _________2005 (_____ двеилјадиипета)година ----------------------------------------------------------

**НОТАРСКИ АКТ**

Јас, Нотар __________, со службено седиште во _________________, денес, на ____________2005(____двеилјаиипета) година, на писмена Покана број ______ од ___________2005( __ двеилјадииипета) година ( прилог А кон овој акт) од лицето овластено за застапување на ДОО "____________________________________" , со седиште во ___________ и ДОО "__________________________________" , со седиште во ___________, присуствував на седница на Собир на содружници на Друштвата која се одржа на денешен ден во седиштето на ДОО _______________, со почеток во ________ часот, при што, согласно член 71 од Законот за вршење на нотарските работи (Службен весник на Република Македонија, број 59/96 и 25/98), и член 528 од Законот за трговските друштва (Службен весник на Република Македонија број 28/2004), го составив следниот: ------------

--------------------------------------- **ЗАПИСНИК ОД СОБИР НА СОДРУЖНИЦИ** ---------------------------------------

-------------------------**за прифаќање на Спогодба за присоединување на друштва** -----------------------

Пред да отпочне Собирот на содружници со работа на содружници на мое барање ми беше предочена: ---------------------------------------------------------------------------------------------------

1. Регистрација на Друштвото _________________ДОО (друштво што се присоединува) со седиште во __________ во Трговскиот регистар што го води Основниот суд во _________, од која утврдив дека ДОО _______________друштво со седиште во ___________, е запишно во Трговскиот регистар на Основниот суд во ____________ со Решение Трег бр.___/04 на ___ 2004 ( ___двеилјадиичетврта) година во регистарската влошка на регистраки суд ____________________; -----------------------------------------------------------------

2. Регистрација на Друштвото _________________ДОО (друштво што презема) со седиште во ______________ во Трговскиот регистар што го води Основниот суд во _________, од која утврдив дека ДОО _______________друштво со седиште во ___________, е запишно во Трговскиот регистар на Основниот суд во ____________ со Решение Трег бр.___/04 на ___ 2004 ( ___двеилјадиичетврта) година во регистарската влошка на регистраки суд ____________________; -----------------------------------------------------------------

3.Книга на удели на Друштвото __________________ДОО _______________ (друштво што се присоединува) со состојба на ден _____________ година, во ______ часот, во која се евидентирани сите сопственици на удели на Друштвото, од која се види висината на уделот на секој содружник со процентот на гласови ______ %. ---------------------------------------------------------------------------

4.Книга на удели на Друштвото ________________ДОО ___________ (друштво што презема) со состојба на ден ______________ година, во ______ часот, во која се евидентирани сите сопственици на удели на Друштвото, од која се види висината на уделот на секој содружник со процентот на гласови ______ %.----------------------------------------------------------------------------

- Известување во Службен Весник на Република Македонија број____од___________година за склучената напредцитирана спогодба, страна број____, кое е прилог на овој Записник спис **Д** и Известување во Дневното гласило__________, стана ________, кое е прилог на овој Записник спис ѓ;----------------------------------------------------------------------------------------------

5.Известување во Службен Весник на Република Македонија број____од___________година за склучената Спогодба за присоединување

6.Известување во Дневното гласило__________ број ___ од ______ година ;-------------------------------

---------------------------------------------------------------

7.Јавен повик објавен во дневното гласило _____________, објавен на _________ година, со кој се повикуваат содружниците да присуствуваат на Собирот на содружници на Друштвото _____________ ДОО __________ (друштво што се присоединува) и собирот на содружници на ДОО

__________________ на ден __________ година, со почеток во _________ часот, во седиштето на Друштвото __________________ДОО _______________(друштво што презема); ---------------------------
8.Предбележба на Спогодбата за присоединување во Трговскиот регистра при Основниот суд ______________, видно од__________, кое е прилог на овој записник спис Е, и Објава во Службен Весник на Република Македонија број____од _______година ја објавиле извршената предбележба, страна број____, која е прилог на овој Записник спис Ж------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
9.Извештај од овластен ревизор________________на Друштвото__________________ДОО ______ (Друштво што се присоединува) од _____________година, кој е прилог на овој Записник спис З и Извештај од овластен ревизор________________на Друштвото__________________ДОО ______(Друштво што презема) од _____________година, кој е прилог на овој Записник спис С--------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-------------------10.Извештај од Друштвото__________________ДОО ______(Друштво што се присоединува) и Друштвото__________________ДОО ______(Друштво што презема) од _____________година, а согласно член 526 од законот за трговски друштва, кој е прилог на овој Записник спис И------------------------------------------------------------------------------------------
11. Список на присутни содружници и застапници на содружници , со висината на нивните удели во друштвата . Од наведениот список, по неговата верификација, утврдив дека на седницата на собранието се: -----------------------------------------------------------------------------------------------

- Од Друштвото ___________________ ДОО _____________ присутни вкупно ___________ содружниици и нивни застапници, и тоа: ----------------------------------------------------------------------
  1)______________, со вредност на удел од ____ %. ; ----------------------------------------------
  2)______________, со вредност на удел од ____ %. ; ----------------------------------------------
  3)______________, со вредност на удел од ____ %. ; ----------------------------------------------
  4)______________, со вредност на удел од ____ %. преку овластен застапник ________________, со нотарски заверено полномошно;---------------------------------------------
- Од Друштвото ___________________ДОО _____________(друштво што презема) присутни вкупно ___________ содружниици и нивни застапници, и тоа: ----------------------------------------
  1)______________, со вредност на удел од ____ %. ; ----------------------------------------------
  2)______________, со вредност на удел од ____ %. ; ----------------------------------------------
  3)______________, со вредност на удел од ____ %. ; ----------------------------------------------
  4)______________, со вредност на удел од ____ %. преку овластен застапник ________________, со нотарски заверено полномошно;---------------------------------------------
  5)______________, со вредност на удел од ____ %. преку овластен застапник ________________, со нотарски заверено полномошно;---------------------------------------------

Утврдив дека сите застапници на содружниците имаат уредни полномошна заверени кај нотар. -------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Седницата ја отвори управителот на Друштвото _____________ ДОО ___________ (друштво што презема) ________________ кој предложи да се избере верификациона комисија како би се утврдило дали постои кворум за работа на Состанокот на содружници на друштвата. За членови на верификационата комисија беа предложени _____________, ______________ и ____________. Предлогот беше едногласно усвоен од присутните содружници . Верификационата комисија, откако изврши увид во Списокот на присутни содружници и нивни застапници, утврди дека на Собирот на содружници на Друштвото _____________ ДОО _____________ (друштво што презема) се присутни _____ содружници кои имаа удели со вредност од 94% од вредноста на уделиоте на друштвото и утврди дека на Собирот на содружници на Друштвото ________________ ДОО ____________ (друштво што се присоединува) се присутни _____ содружници кои имаа удели со вредност од 94% од вредноста на уделите на друштвото и утврди дека постои кворум за работа и одлучување на Собирот на содружници . --------------------------------------
По однос на втората точка од процедуралниот дел на седницата-Избор на записничар и двајца оверувачи на записникот, присутниот адвокат на Друштвото-_______________, појасни дека записникот согласно чл.528 став 5 од Законот за трговски друштва ќе го води нотар, така што нема потреба од избор на записничар и двајца оверувачи на записникот. ------------------------------------
По однос на третата точка од процедуралниот дел од седницата, за председавач со седницата беше предложен управителот на Друштвото ________________ДОО _____________(друштво што презема). Предлогот беше едногласно усвоен од присутните содружници и застапници на содружници , после што претседавачот ____________, констатира дека има кворум за работење на Собирот на содружници на Друштвото __________________ ДОО ______________ (друштво што презема) и Собирот на содружници на Друштвото ________________ ДОО ____________________ (друштво што се присоединува). ----------------------------------------------------
Претседавачот констатира на Собирот на содружници е присутен нотар ______________, со службено седиште во _____________ , кој согласно чл. 528 став 5 од Законот за трговски друштва ќе го води записникот, го прочита огласот и објави дека гласањето на седницата ќе биде јавно. ------
Откако заврши процедуралниот, за материјалниот дел на работа на Собирот на содружници Претседавачот го предложи следниот: ------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

ДНЕВЕН РЕД

1.Одлука за потврдување на Спогодба за присоединување на Друштво ________________ ДОО ______________ (друштво што се присоединува) со седиште во _________________ кон Друштво ________________________ДОО со седиште во _________________ (друштво што презема).---------------------------------------------------------------------------------------------------

Предложениот дневен ред едногласно е прифатен од страна на содружниците . -------------------------
Претседавачот на Собирот на содружници _____________________ наведе дека од страна на друштвата и нивните органи се преземени сите правни дејствија за донесување на Одлука за потврдување на Спогодба за присоединување на Друштво ________________ ДОО ______________ (друштво што се присоединува) со седиште во _________________ кон Друштво ____________________ДОО со седиште во _________________ (друштво што презема).
Содружниците изјавија дека се запознати со содржната на Спогодата, Извештаите и останатата целокупна документација значајна за ова присоединување . ---------------------------------------------------
Претседавачот на собирот ја стави Спогодбата на гласање . ------------------------------------------------
Содручниците гласаа со јавно гласање и "ЗА" усвојување на спогодбата гласаа ____содружници, "ПРОТИВ" не гласаше ниеден содружник а " ВОЗДРЖАНИ" немаше. Претседавачот по извршеното гласање и преброените гласови констатира дека на Собирот на содружници на двете друштва, содружниците едногласно донесоа : ---------------------------------------------------------------

**------------------------------------------------------------О Д Л У К А------------------------------------------------------------**

**1.Се прифаќа Спогодба за присоединување на друштвата составена во форма на нотарски акт од страна Нотар______________, заведена под ОДУ.бр.__________/__од __________година.-----**

**2.Составен дел на оваа Одлука е Спогодбата за присоединување на друштвата составена во форма на нотарски акт од страна Нотар______________, заведена под ОДУ.бр.__________/__од __________година.-----------------------------------------------------------------------------------------------------**

**3.Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.------------------------------------------**

Седницата на Собранието заврши во 16:00 (шеснаесет)часот .-------------------------------------------------

Овој записник лично го составив, го следев целокупниот тек на Собирот на содружници и истиот содржи опис на сите дејствиа што се случија на Собирот, а кои се од важност за донесување на Одлуката, по што содружниците на друштвата потврдија дека неговата содржина одговара на фактичката состојба па во знак на согласност со неговата содржина своерачно ја потпишаа.-----------

1. Од Друштвото _____________________ ДОО _____________ (Друштво што се присоединува - ---
   -содружниици и нивни застапници : -----------------------------------------------------------------
   1)________________ --------------------------------------------------------------------------------
   2)________________ --------------------------------------------------------------------------------
   3)________________ --------------------------------------------------------------------------------
   4)________________ --------------------------------------------------------------------------------

2 Од Друштвото ______________________ДОО _____________(друштво што презема) -------------------
   1)________________ --------------------------------------------------------------------------------
   2)________________ --------------------------------------------------------------------------------
   3)________________ --------------------------------------------------------------------------------
   4)________________ --------------------------------------------------------------------------------

Овој записник е составен на три страници, од три листа.------------------------------------------------

При составување на записникот се издадени изводи по еден за секој учесник, еден за упис во иот регистар при Основниот суд _______________, а изворникот се чува во архивот на Нотарот.------------

Нотарска награда по член 31 и 44 од Правилникот за нотарска тарифа е пресметана во износ од __________денари и трошоци/денари.-----------------------------------------------------------------------

ОДУ.бр._____/05 ------------------------------------------------------------------------------------------
Во ________ , _____ 2005 ( ___ двеилјадиипета) година .----------------------------------------------

НОТАР______________

# СТАТУСОТ НА НОТАРОТ ВО ЕВРОПСКАТА И ВО СВЕТСКАТА РЕАЛНОСТ

**Нотар Ленка Панчевска - Скопје**

Морал, компетенции и активности на нотарите:
1. Компетенции за заверување, потврдување на нотарски акти во разни балкански земји
2. Моралот во односите нотар-нотар
3. Моралот во односите нотар-странка
4. Моралот во односите нотар нотарска комора
5. Историската улога на нотарот во својство на довереник мандатор) на странките и промотер на законскиот развој на односите во граѓанското право.

Современиот поим на нотар подразбира образуван правник, со значајна улога во конкретно остварување на правниот поредок преку примена на позитивното законодавство на една земја. Благодарејќи на фактот што во денешен свет им се признава правна сила на нотарските исправи, како јавни исправи со доказна вредност, нотаријатот добил замав. Нотарите се експерти во својот домен, лица од јавна доверба, а нивната работа е организирана така да може да гарантира евиденција на актите како и безбедно архивирање и чување.

Може да се каже дека Р.Македонија е земја со одуство на позначајна традиција во постоење на нотаријат. На територија на Социјалистичка федеративна Република Југославија, (во чиј состав до 1991 г. беше и Р.Македонија) била забележана нотарска дејност, но сепак повеке во оние републики во чии соседни земји функционирале нотарски служби. Пред Втората Светска војна институт нотар воведен е во Кралството Југославија со Закон за јавни бележници од 1930 година кој бил на снага до 1946. Модифициран поради развојните промени и промените на државните уредувања, тогашната власт со одлука на АВНОЈ - го укинила.

Нотаријат постоел во рамките на правосудниот систем, како орган со овластувања од државната власт за составување на јавни исправи во правните работи, заверување на потписи, преписи, преводи, за прием на пари и други вредни предмети заради врачување на друг субјект и др. Во одредени случаи нотарот можел да застапува пред суд, да биде полномошник, судски доверител.

Модифициран поради развојните промени и промените на државните уредувања, тогашната власт со одлука на АВНОЈ - го укинила.

Потребата од устројство на нотарската дејност во Македонија согледана е многу години пред Донесување на Законот за вршење на нотарски работи од 1996г. Следени се и проучувани компаративни искуства од многу европски земји. Но, дури во Законот за судовите од 1995 г. постои одредба дека судовите судат вонпроцесни работи освен ако со Закон не определена надлежност на други органи и институции.

При определувањето кои јавни овластувања да се дадат во делокруг на нотарот, основна идеја беше тоа да се неспорни правни работи, за кои постои консенсус помеѓу учесниците. Во одредени правни области востановен е дуализам во постапувањето; така на пр: Физички делби на ствари помеѓу сосопственици, уредување на меѓи, стварни права на туѓа ствар (службеност, плодоуживања..), заложно право, реализација на залог, изјави на последна волја, депозит на пари и хартии од вредност, може да се остварат како пред нотар така и пред основните судови. Праксата покажува дека, кога постои можност за избор, клиентите му даваат предност на нотарот, а не на судот. Тоа ја потврдува довербата во квалитетот при извршувањето на доверените работи, ефикасноста и ажурноста .

Во Р.Македонија се во тек уставни промени, поради што нашата комора настојува нотаријатот соодветно да се дефинира во Уставот, како што е тоа направено во другите поранешни републики на СФРЈ, кои нотаријатот го признаваат како јавна служба, уредена со закон.

Од основањето на Унијата на латински нотаријата и во 1948 г. до денес, членуваат повеќе од 70 држави меѓу кои 19 се членки на Европската унија. Македонија е примена како членка на конгресот на Унијата одржан во Атина- Р.Грција во 2001 г.

***1.Компетенции за заверување, потврдување на нотарски исправи во Македонија***

Нотарот, според законските овластувања составува нотарски акти потребни за правна важност на:
- договори за уредување на имотните односи меѓу брачните другари и меѓу лицата кои живеат во вонбрачна заедница.

Брачните другари можат за истата работа да се обратат и во основниот суд, но во тој случај постапката ќе трае подолго. Со оваа нотарска компетенција судот се растеретува од неспорни постапки.
- договори за дар без предавање на предметот во владение на даропримачот
- сите правни работи кои ги превземаат слепи или глуви лица кои не знаат да читаат или неми кои не знаат да пишуваат.

Нотарот е должен да го наведе во актот недостатокот на клиентот, да објасни како постапил во конкретниот случај како недостатокот не би се одразил на утврдување на правно релевантната волја на клиентот. На тој начин нотарот има улога да спречи појава на спорови за оспорување на склучените договори поради мани на волја, поврзани со фактот дека лицето е слепо, глуво, неписмено и сл...
- акт за основање, организирање престанок, статусни и други промени на правните лица кои вршат стопанска дејност, институции, фондации и други органи освен трговските друштва.
- составува изјава за последна волја-тестамен??
- потврдува приватни исправи за пренос на право на сопственост, за размена ако постојат услови да им се даде сила на нотарски акт.

Нотарот е секогаш подготвен да укаже на најсоодветниот вид на договор кога клиентот е во дилема како да постапи во одредена правна ситуација
- издава потврди со сила на јавна исправа
- прима изјави под заклетва
- потврдува факти

Преку компетенцијата да потврдува факти, нотарот ја има всушност улогата која ја има судот кога на лице место составува записник за обезбедување на

докази. Нотарските записници за констатирање на факти имаат иста доказна вредност, и претставуваат брз и добар начин да се обезбеди доказ за една променлива состојба, која треба да се констатира во дадениот момент. На тој начин се спречува спор во кој ќе треба да се докажува конкретна состојба, затоа што за предметната состојба постои доказ на кој му се верува; записник од нотарот за констатирање на факти.

- Заверува: верност на копијата (фотокопир-преписот) со оригинал; вистинитост на податоци од изводи од трговски и деловни книги; потпис или ракознак на писмена;
- 5. Издава потврди:
- за времето кога исправата е предочена;
- за живот;
- Протестира меница
- Чува заради предавање на друго лице исправи, пари и хартии од вредност.

По оваа своја компетенција нотарот во своето постапување е изедначен со постапката на судот при оставање на предмети во судски депозит. Овој вид услуги не е многу застапен .

- соопштува изјави :
- по налог на судот може да обавува и други доверени работи
- врши други работи предвидени со Закон.

Нотарските акти се и извршни исправи, така да непочитување на договорените одредби по однос на давање, чинење или не чинење, овозможува другата договорна страна да може непосредно врз основа на нотарскиот акт пред надлежниот суд да бара присилно извршување. Својството на извршност на нотарскиот акт исто така придонесува за одбегнување на судски спорови за докажување на постоење на правниот однос.

Нотарската улога во одбегнување на судските спорови посебно е ефикасна во постапките за обезбедување на парични побарувања со ставање на подвижни и недвижни ствари во залог. Се формира свест дека залогот може да се реализира во стриктните законски рокови, така да постои опрез при склучување на ваков вид договори, кои пред востановување на нотаријатот се одвивале пред судовите во долги постапки кои биле во интерес на должникот во крајна линија.

Компетенциите на нотарите се прошируваат со тоа што се изнаоѓаат надлежности во законите од граѓанската област.Во иднина се очекува нотарите да бидат застапени со свои надлежности во одредени сегменти од семејното право, наследното право како и во извршната постапка.

**2. Морал во односите нотар-нотар**

Нотарска комора на РМ на 20.12.1999 г. го донесе Кодексот на професионална етика на нотарите како збир на начела кои нотарите во својата работа треба да ги почитуваат.

Тој постојано се надополнува и надоградува преку искуство, преку општоприфатени правила на однесување, на кои нотарите се придржуваат во обавување на својата служба..

Секој нотар поединечно настојува неговото однесување да биде такво да го штити угледот на нотарскиот позив во склад со етичките начела на правна држава.

Правилата на однесување се однесуваат како на нотарите, така и на лицата кои се вработени како нотарски службеници и приправници. Тие се задолжителни, а нивната примена е во интерес на нотарите.

Предлозите за определување на одредени постапки како етички недопуштени потекнуваат од самите нотари и тие се предмет на расправа на нотарските средби.

Почитувајки ја функцијата нотар, нотарот го почитува својот колега, а со тоа нотарот се почитува себе си.

Однесувањето кон колегата треба да е засновано на принципите на професионална етика, чесност, воздржаност од критизерство, да се одбегнуваат ексцесни ситуации. Нотарите помеѓу себе треба да негуваат љубезен однос, затоа што со нотарската работа, како професионална определба за цел живот, тие ќе бидат упатени едни на други, на заеднички средби, семинари, професионални усовршувања.

Неетички е користење на сопствена позиција во органите и телата на комората да се злоупотреби заради зголемување на обемот на клиентелата.

Однесување на нотарот не смее да биде такво да го омаловажува својот колега, ниту смее да нуди погодности, како клиентите би се приклониле кон нотарот кој ги предлага бенифициите.

Со одбележување на својата канцеларија на стандарден начин, нотарот придонесува да не создава кај својот колега чувство на нелојална конкуренција.

Неетички е нотарот да суди за постапките на своите колеги, да ги пореди со себе, истакнувајќи се себе како повеќе стручен. Не смее да се доведе во ситуација да постапува под притисок или со зла намера во однос на својот колега. Секогаш треба да има предвид дека нотарот не треба да создава спорни ситуации туку напротив, таквите да ги спречува.

Нотарите треба да почитуваат фер-плеј, да ја ценат својата професија, да ја обавуваат квалитетно, да се образуваат.

За жал, има појави на девијантно однесување кога се има чувство дека нотарот создал монополски однос во некоја банка, акционерско друштво и сл. така да клиентите се насочуваат исклучиво кон нивната канцеларија дури и тогаш кога лично направиле друг избор.

Професионалната етика во односот нотар-нотар е темел на здрав нотаријат, растеретен од страв дека нотарот, и покрај својата чесна и законита работа е загрозен од нелојалната конкуренција на својот колега.

**3. Моралот во односите нотар-странка**

Не постои наметнато, задолжително однесување, но секој нотар според својата свест и совест мора да го прилагоди своето однесување на конкретната ситуација така да неговиот однос не иритира ниту еден од учесниците во правната работа, да не остава впечаток на несигурност во личното познавање на законите, да ја применува стриктно јавно објавената тарифа, да се однесува со почит и уважување кон секој клиент, без оглед на обемот на услугата која ја бара.

Никој не треба да замине од нотарската канцеларија со впечаток дека погрешил во изборот на нотарот, дека платил повеќе отколку друг нотар би наплатил за истата правна работа, дека не му било посветено очекувано внимание.

Би можело да се каже дека примарно начело е дека нотарот ги врши јавните овластувања одговорно, гарантирајќи материјален надомест на штета за секое свое незаконито постапување. Секое поинакво однесување би било неморално.

Нотарот и без кодифицирана забрана знае дека е должен да се однесува и надвор од нотарската канцеларија на начин кој го чува како неговиот личен углед така и угледот на нотаријатот. Тоа значи дека кодексот на нотарската етика го засега донекаде и неговиот личен живот.

Нотарот е свесен дека во однос на клиентот, во своето службено постапување е независен но во рамките на Уставот и законите.

Никој не смее да се посомнева во неговата непристрасност.

Нотарот не смее да обавува посреднички работи за странките, за својата работа може да прими само нотарска награда но не смее да прима провизија ниту да ја нуди на физички лица, агенции за промет со недвижност или други субјекти за бенефиции или услуги на насочување на идните клиенти кон нотарот.

Нотарот мора да го штити како службена тајна тоа што странката му го доверила во врска со правната работа, односно дејствието кое тој го извршил за неа. Без согласност на клиентот нотарот не смее да дава податоци за правната работа на трети лица, а тоа може да го прави по службено обраќање на судот, за лица во спор во врска со актот кој го направил.

Нотарот може да достави податоци за своите службени работи без согласност на странка само во случај кога на тоа е обврзан со Закон ( на пр. Закон за перење на пари) ако тоа е потребно нотарот да се заштити од кривична, граѓанска, дисциплинска или друга одговорност.

Сите набројани етички норми, за странката се гаранција дека со влегување во канцеларијата на нотарот може да очекува стручен пристап кон неговата правна работа, професионален однос, непристрасен став, задолжително предупредување кога се во прашање штетни договори, одбивање да се постапува кога се во прашање забранети договорои, што е се заедно придонес за одбегнување на неекономични и пролонгирани судски постапки.

**4.Моралот во односите нотар - Нотарска комора**

Сите нотари во РМ се организирани во единствена комора со седиште во градот Скопје. Според определбата во Статутот на Комората, основна задача на комората е да ја штити самостојноста и независноста на нотарите како јавни службеници во вршењето на јавните овластувања, да ја унапредува, координира и развива нотарската дејност во РМ и на меѓународно ниво. Комората ги претставува нотарите и ги штити нивните интереси. Постапувањето на комората треба да биде во склад со Уставот, законите, ратификуваните меѓународни договори подзаконските акти, актите на Комората.

Нотарот е должен да го усклади своето однесување според принципите на комората. Тој редовно плаќа членарина, утврдена со закон од својот бруто приход. Со тоа придонесува нотарската комора да има паричен фонд за финансирање на заедничкте потреби. Ги почитува работното време, договорените стандарди за просторните услови за работа, опременост, огноотпорни архивски складишта, пропишана тарифа, одлуките како на пр. За одбележување на нотарските канцеларии, изглед и број на патокази, редовен надзор од самите нотари и сл.

Секој нотар во нотарската комора ја препознава својата професионална организација, своето прибежиште каде може да комуницира со луѓе со исти интереси: да ја афирмира професијата преку законита, чесна, одговорна, непосредна и непристрасна работа со клиентите. Со досегашното кратко постоење на нотарската комора на РМ, очигледно е дека таа добива општествено значење како организација која тежнее кон ред и организираност во своите редови, како придонес за јакнење на правната држава.

Нотарите се воздржуваат од самостојни јавни настапи, не координирани од комората.

За прашањата од нотарската дејност, изјави во јавноста дава Претседателот на комората или друг нотар, по договор со Управниот одбор на комората.Не постои хиерархија, сите нотари се помеѓу себе еднакви, но постои свест дека интересите на граѓаните и интересите на комората се еднакви, и може да се остваруваат не стихијно, туку координирано, со свест дека секој јавен настап побудува внимание и треба да биде на ранг на професијата.

Нотарите го најавуваат користењето на своите годишни одмори однапред, како Комората би можела навремено да ги извести заинтересираните граѓани.

Веќе и кај граѓаните е формирана свест дека за секоја информација во врска со работното време, седиште и др. можат да се обратат во Комората и таму да добијат точен и љубезен одговор.

Нотарската комора ги прима извештаите за бројот на завршените предмети и остварените приходи годишно од секој нотар, а потоа ги доставува до Министерството за Правда. Со тоа се обезбедува транспарентност во тој дел од работата.

Нотарот е должен да ги почитува Одлуките на Органите на управување на комората. Тие најчесто имаат за цел да ги упатат нотарите да ги унифицираат актите, да ја запазат нивната законска форма, да ги следат законите, да организираат надзор. Надзорот не е од репресиваен карактер, туку има за цел усовршување во областа на нотарството.

**5.Историската улога на нотарот во својство на довереник мандатор) на странките и промотер на законскиот развој на односите во граѓанското право.**

Можам да зборувам само за Р.Македонија, која и во својата мала историја на постоење на нотаријат, може да ја согледа неговата неспорно позитивна улога во развој на односите во граѓанското право.

Со законот за вршење на нотарски работи, донесен во РМ во 1996 г.определен е обемот на нотарските јавни овластувања, произлезен од дотогашните вонпроцесни судски надлежности, уредени со Законот за вонпроцесна постапка. Јавните овластувања значат дека работите кои нотарот ги врши имаат дејство према сите, исто дејство кое го имале и дејствијата на вонпроцесниот суд.

Со изготвување на изјави во форма на нотарски актвсушност е превземен дел од вонпроцесните судски надлежности. Тие се големо олеснување како за судот така и за странките, бидејќи се одбегнува процедурата преку поднесување на предлог, закажување на рочиште во случаи кога преку изјавите се изразува правно релевантна волја. На тој начин се остварува процесна економија, затоа што се одбегнува доставување на судски покани, за кои се потребни и повеќе месеци, во случај кога доставувањето треба да се изврши во странство.

Законот предвидел и давање на изјави под заклетва, што значи дека во одредени судски постапки, изјавата на странка дадена пред нотар под заклетва може да има иста доказна сила со непосредно сведочење.

Делба на заеднички предмет или имот, доколку не постои спор може да ја направи нотарот во форма на нотарски акт или да го солемнизира договорот направен од странките.

Тоа е исто така јавно овластување кое и денес го врши судот а произлегува од чл.215 од Законот за вонпроцесна постапка според кој, ако во текот на постапката учесниците се спогодат за начинот на делбата, таквата спогодба судот ќе ја внесе во записник,водејќи сметка да не бидат повредени прописите.

Разликата помеѓу судската и нотарската работа е во квалитетот на извршената работа и брзината. Судот не ги советува странките, не им укажува на последиците од правната работа, нема доволно време од сите аспекти да го согледа проблемот на странките, да им ги покаже можните решениа и да чека странките да се определат за најповолното Решение. Сето тоа нотарот го врши, свесен дека е одговорен за секој искажан збор и не само декларативно, туку морално, граѓански и кривично.

Нотарот составува и потврдува исправи. Тоа се дејствија кои во судот ги обавувал исклучиво судија.

Нотарот составува и тестамент.

Нотарот е доволно доверлив и доволно почитуван за да една личност се определи за него, а не пред судот да му ја довери последната волја, со која всушност конечно одлучува за вкупниот свој имот стекнат во животот, кажува лични работи, открива постоење на вонбрачни деца, ги лишува своите деца од наследство како недостојни, ја образложува својата одлука со лични ставови, со полна увереност дека неговите искажувања се тајна, и ќе бидат грижливо чувани како тајна од нотарот се до прогласување на тестаментот.

Од каде потекнува довербата во нотарот? Нотарот не е застапник на странката. Тој е на подеднаква дистанца од сите странки, кога тие се договараат.

Неговата цел е да помогне со својата стручност и искуство, за да склученото правно дело нема за последица никаков спор и тоа како помеѓу присутните така ни во иднина помеѓу нивните наследници.

Нотар кој постапува етички и законито е гаранција за правна сигурност и само во определени случаеви може да одбие да превземе службено дејствие. Како во ретко која професионална област, за евентуална повреда на службена должност, која има штетни последици, нотарот е лично материјално одговорен а странката е сигурна дека надоместокот ќе биде и исплатен, затоа што уплата на премијата за осигурување во осигурителна компанија за нотарот е законска обврска.

Овој текст нема за цел да ја обезвредни улогата на судот а да го велича нотарот. Напротив, судот е незаменлив при пресудување а нотарот ја има значајната улога да биде медијатор, кој познавајќи го законот работите ги става на свое место со што се одбегнува склучување на симулирани, фиктивни, непостоечки и други видови апсолутно или релативно ништовни договори. Нотарот е сведок на волјата и тој со непосредни прашања може да насети дали се работи за недостаток во волја кој би бил причина нотарот да одбие да состави таков договор.

Нотарот целосно се грижи за законито окончување на имотниот договор. Тој ја застапува странката пред Управата за јавни приходи, поднесувајќи даночна пријава за наплата на данок на промет на предмети и права, а потоа поднесува барање за упис на промената на правото на сопственост во катастарот на недвижностите, врши упис на залог, на хипотека, го реализира заложното право, со што целосно ја заокружува јавната работа за која со законот е овластен.

Придонесува за уредна евиденција на правата на сопственост, за одбегнување на недоречени или двосмислени одредби во договорите кои од секогаш биле генератор на судски спорови. Со таквото свое постапување ја развива свеста за законито обавување на правниот промет и ја носи сопствената земја на ранг на правна држава .

# МОДЕРНИ ТЕХНОЛОГИИ И ПРАВНА БЕЗБЕДНОСТ

**Нотар Зорица Пулејкова**

Вовед

Развојот на информатиката и електрониката како глобален процес кој навлегува не само во професионалниот, туку и во приватниот живот на секој човек, не ја заобиколува нотарската служба, напротив, ја исправа пред бројни предизвици поврзани од една страна со погодностите кои ваквиот начин на работење ги носи, но и со потребата да се обезбеди максимална сигурност во работењето на нотарите во доменот на работите кои им се доверени. Истовремено, присутна е и тенденција за одржување на status quo во оваа област при донесувањето дури и на поновата законска регулатива која, иако предвидува можност за признавање на доказната сила на електронските податоци, сепак како најсигурен го преферира материјалниот облик на документите. Нотарската служба во Република Македонија уште од своето основање во 1998 година со внимание ги следи проектите поврзани со електронскиот пренос на податоци и во секоја прилика укажува на погодностите од прифаќањето на ваквиот начин на работење. Факт е дека постојните законски прописи го условуваат водењето на нотарските канцеларии преку креирање на документи и водење на архиви во материјален облик. Сепак, неколку закони донесени во последниве години со кои се предвидува создавање електронски бази на податоци на национално ниво, јасно укажуваат дека нема да помине долго време пред да се премине на ваквиот начин на проток на информации кој момент нотарската служба ќе мора спремно да го дочека и да даде свој придонес во поглед на правната безбедност на протокот на информациите, а особено во поглед на доказната сила на електронските документи.Во овој труд накратко ќе биде даден приказ на постојните законски прописи кои го условуваат начинот на работењето на нотарската служба во Република Македонија, и на законите со кои се основаат електронски бази на податоци на национално ниво, а кои се од значење за нотарското работење.

**1.Работењето на нотарската служба во Република Македонија во рамките на постојните законски прописи**

Со Законот за вршење на нотарските работи и со неколку подзаконски прописи стриктно е уреден начинот на составување, заверување, издавање и чување на нотарските акти и документите кои нотарот ги заверува, како и начинот на водењето на евиденцијата за составени и заверени нотарски документи и за водење на нотарската архива.

Сите акти и документи кое се составени или заверени од нотарот мораат да бидат лично потпишани од нотарот и оверени со неговиот службен печат. Според Законот за вршење на нотарските работи, нотарот може да има само еден печат. Отпечатокот од печатот и потписот на нотарот ги одобрува и заверува претседателот на основниот суд на чие подрачје нотарот има седиште, а заверените отпечатоци и потписи се депонираат во Нотарската комора и во судот. Нотарот е должен својот печат да го чува со посебно внимание, а ако го изгуби должен е веднаш да го извести судот на чие подрачје е неговото седиште и Нотарската комора.

Нотарот е должен сите списи и книги да ги чува во материјален облик. Нотарските акти и книги се чуваат трајно. Ако на нотарот му престане функцијата, или ако го премести своето седиште на подрачјето на друг надлежен суд, неговите списи и книги, како и документите кои службено му се предадени, ќе ги преземе на чување надлежниот суд. Во ваков случај, преписи и изводи од списите на нотарот издава надлежниот суд.

Нотарските акти се чуваат кај нотарот кој ги составил, а на странките им се издаваат изводи. Изводот има иста важност како и оригиналот. Кога се издава извод или препис на нотарски акт, на него ќе се назначи дека е споредем со изворникот или преписот што го чува нотарот и дека тоа е извод или препис. Изводот и преписот мораат во целост да се совпаѓаат со изворникот. Секој извод мора да биде заверен. Забелешката за заверка се става на крајот на изводот и мора да содржи: потврда дека тој извод е идентичен со изворникот кој се наоѓа во актите на нотарот, напомена за кого е изводот составен, место и време на издавање на изводот, и своерачен потпис и службен печат на нотарот. Изводот на нотарскиот акт нема сила на јавна исправа ако не е составен на погоре наведениот начин.

Во своето работење нотарот е должен уредно да води книги и уписници заради евидентирање на составените акти и заверените исправи. Согласно Закон за вршење на нотарските работи, нотарот е должен да ги води следните уписници и книги: Општ деловен уписник во кој ги заведува сите нотарски акти, записници за потврди и докази, записници за преземење на пари, исправи и хартии од вредност, како и други нотарски дејствија; Уписник за протести на меници и чекови; Именик на лицата кои пред нотарот предале некое располагање во случај на смрт со назнака на бројот на соодветниот акт; Депозитна книга; и Заеднички именик на странките во кои се внесуваат податоци за странките од сите погоре наведени уписници и книги. Уписниците и книгите мораат да бидат поврзани, нивните листови да бидат назначени со редни броеви, прошиени со конец и заверени со печат на Нотарската комора.Уписите се внесуваат без одлагање, по ред како ќе стигне предметот, читливо, без празни растојаниа, без прецртување, бришење и исправки, а во општиот деловен уписник нотарот секоја страна ја оверува со свој потпис и печат. Формата и начинот на чување на уписниците и книгите ги пропишува министерот за правда со посебен правилник.

- - - - - - - - -

Во Република Македонија од мај 2001 година е во сила Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис, со кој се уредува и регулира електронското работење кое вклучува употреба на информатичка и телекомуникациска технологија и употреба на податоци во електронски облик и електронски потпис во судски, управни постапки и во платниот промет. Според наведениот Закон, податок во електронски облик не може да се одбие или да не се прифати како доказ само затоа што е во електронски облик. Ако со закон или друг пропис се бара информацијата да биде во писмена форма, овој услов

е исполнет кога се работи за податоци во електронски облик ако податоците содржани во електронскиот докумет или запис се достапни и се на располагање за подоцнежна употреба, освен ако се работи за докумети кои задолжително се заверуваат пред суд или нотар. Според истиот Закон, општо прифатлив електронски потпис со квалификуван сертификат даден во врска со електронски податоци, е изедначен со своерачен потпис и затоа има еднаква вредност и сила на доказ како и своерачниот потпис даден во врска со хартиени документи, меѓутоа, електронскиот потпис не важи таму каде што се бара своерачен потпис пред нотар или суд.

- - - - - - - - -

Анализирајќи ги погоре наведените законски одредби кои се однесуваат на начинот на составување, заверување и чување на нотарските исправи, очигледно е дека моменталната законска регулатива во Република Македонија го преферира материјалниот облик на составување и чување на нотарските акти, заверени документи и нотарската евиденција. Законската обврската за составување, чување и издавање на документи и водење на нотарската евиденција во материјален облик, нотарите во Република Македонија во целост ја почитуваат, и покрај бројните проблеми поврзани со гломазни архиви и многу време поминато во рачно пишување на уписниците и книгите.

Меѓутоа, соочени со реалноста на информатичкото општество и електрониката, и погодностите кои тие ги нудат, дел од нотарите во своите нотарски канцеларии имаат воведено електронска евиденција (која служи за нивна лична евиденција), и во дел, електронско изготвување на документите, што значително го олеснува нотарското работење и придонесува кон поефикасно вршење на нотарските работи.

Така, дел од нотарите, заради своја лична евиденција и брзо пребарување на податоците, општиот деловен уписник и заедничкиот именик на странки ги водат во електронски облик, со релативно едноставни но ефикасни програми кои овозможуваат брзо и лесно пребарување во базата на податоци било според идентификација на странката или според предметот на договорот. Ваквите програми најчесто овозможуваат внесување на следните податоци: реден број на нотарската исправа, датум на составувањето или заверката на исправата, архивски знак на исправата, име и презиме на странката или назив на фирмата, адреса или седиште на странката, единствен матичен број на странката, вид на преземеното правно дело, податоци за недвижноста-доколку предмет на договорот е недвижност, или податоци за друг предмет на договорот, како и дополнителни податоци, на пример податоци за полномошникот доколку правното дело е преземено преку полномошник, и слично.

Ваквите бази на податоци се покажуваат мошне корисни во ситуација кога нотарот за кратко време треба да пронајде документ во својата архива за кој странката не го знае редниот број, или пак нотарот од причини на правна сигурност сака да провери дали лицето кое пристапило во неговата канцеларија заради преземање на определено правно дело веќе има заверувано во неговата канцеларија слично или исто правно дело.

По однос на автоматското составување на нотарските акти, досега не е отидено подалеку од користењето на електронски креирани обрасци за заверка на потписи, преписи и преводи, во кои потоа комјутерски се внесуваат податоците за странката и другите соодветни податоци.

**2.Електронски бази на податоци на национално ниво од значење за нотарското работење_**

**Централен регистар**

Во Република Македонија од јули 2001 година е во сила Законот за Централен регистар. Централниот регистар е основан како централна информативна база на правни и друг вид релевантни податоци кои се внесуваат во него согласно закон. Централниот регистар има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со закон. Во централниот регистар се внесуваат со закон утврдени податоци каде што електронски се обработуваат, обединуваат, селектираат, чуваат и прават достапни за заинтересираните корисници. Во Централниот регистар се внесуваат податоци од основните регистри и податоци од други правни и физички лица. Податоците кои се однесуваат на конституираните права на сопственост и стварните права врз туѓи ствари-како што се: залог, хипотека, службеност, реални товари, долгорочен закуп и пренос на сопственост на предмети и права заради обезбедување, стекнат статус на трговско друштво или статус на друг вид на правно лице, како и завршни сметки, задолжително се внесуваат во централниот регистар. Внесувањето на други видови на податоци, како што се: кредитни информации, брачни договори, разни видови осигурувања и слично, се врши врз основа на договор, освен ако за одреден вид податоци не е нешто друго предвидено со закон.

Внесувањето на податоците во Централниот регистар, основните регистри и другите субјекти и Централниот регистар, ги вршат врз основа на единствени постапки и обрасци во електронски или друг облик, заради постигнување на рационалност во работењето и нивна полесна и побрза достапност до заинтересираните корисници. Податоците внесени во Централниот регистар можат да се менуваат, дополнуваат, ажурираат и бришат само во основните регистри и другите правни и физички лица кои ги внеле истите во него.

Податоците од Централниот регистар можат да ги користат сите физички и правни лица, домашни и странски, освен ако за некои од нив не е нешто друго определено со закон или со договор. Заинтересираните корисници можат да добијат информации од податоците внесени во регистрите, а за податоците од одделенијата со стаус на регистри можат да побараат и заверен препис кој задолжително им се издава. Овие информации може да се добијат лично и по електронски пат, со исклучок на заверениот препис кој се добива исклучиво лично.

Централниот регистар и основните регистри и другите правни и физички лица се должни меѓусебно да соработуваат и да си ги доставуваат податоците со кои располагаат, како и да даваат објаснувања и помош во врска со вршењето на работите од нивна надлежност. Органите кои ги водат основните регистри и другите правни субјекти, се должни да овозможат непречено користење на податоците од страна на Централниот регистар заради остварување на неговите функции определени со закон. Усни и писмени информации за конституирани права запишани во основните регистри, односно во Централниот регистар, можат да даваат како Централниот регистар,

така и основните регистри. Писмената информација издадена од Централниот регистар има само информативно дејство. За точноста на внесените податоци во Централниот регистар одговара оној кој ги внесува податоците според општите правила на граѓанското право. Во случај на несовпаѓање на податоците содржани во Централниот регистар со податоците внесени во од основните регистри, правно валидни се податоците од основните регистри.

**Заложен регистар**

Во рамките на Централниот регистар функционира Заложниот регистар како вид на основен регистар, без својство на правно лице, во кој што задолжително се запишува невладетелскиот залог врз подвижни ствари. Податоците содржани во Заложниот регистар се јавни и никој не може да се повикува на нивно непознавање. Секое лице има право да изврши увид и да добие податоци лично или на друг начин (телефонски, по електронски пат и слично). Издадената исправа од Заложниот регистар има карактер на јавна исправа.

Уписот во Заложниот регистар се врши по барање на заинтересирано лице на пропишан образец, кој содржи податоци за договорните страни, опис на залогот со доволна спецификација да може тој да се идентификува, и датум, час и место на поднесување на барањето.

За извршениот упис, настанатите промени и престанокот на заложното право се издава исправа. Исправата за упис мора да ги содржи битните елементи од договорот за залог, денот и чсот на приемот на барањето во регистарот, како и времето на издавањето на исправата.

На секое пристигнато барање одговорниот службеник во Заложниот регистар мора веднаш да го потврди денот и часот на приемот и бројот под кој се заведува во Заложниот регистар. Барањето веднаш по приемот се снима на микрофилм и се става во регистарска влошка која се води на име на залогодавачот, а оригиналното барање му се враќа на подносителот на барањето. За бришење на залогот од Заложниот регистар се издава посебна потврда.

По извршениот упис на правото на залог, неговата промена или престанок, органот надлежен за водење на Централниот регистар, односно јавната книга во која се врши уписот, промената или престанокот на залогот, по службена должност со електронска пошта или на друг соодветен начин ги внесува сите релевантни правни податоци во врска со залогот во Централната база на податоци, односно во Централниот регистар, на начин и под услови определени со Законот за Централниот регистар.

**Централен депозитар за хартии од вредност**

Со Законот за хартии од вредност е предвидено основање на Централен депозитар за хартии од вредност, заради водење на регистар на хартиите од вредност и трансакциите кои со нив се вршат. Истиот е основан како акционерско друштво кое работи на непрофитна основа.Негови основни функции се водење регистар на хартиите од вредност, давање на меѓународен број за идентификација на хартиите од вредност и евидентирање на трансакциите со хартиите од вредност. Централниот депозитар води евиденција за хартиите од вредност исклучиво во форма на електронски запис. Сите акционерски друштва во Република Македонија акционерските книги задолжително ги водат во Централниот депозитар за хартии од вредност, кој, како централна информациона база, содржи електронски податоци за издадените хартии од вредност, за правата од хартиите од вредност, за сите иматели на тие права, како и за правата кои од тие хартии од вредност можат да ги имаат трети лица кои не се нивни сопственици. Податоците содржани во Централниот депозитар за хартии од вредност имаат статус на претпоставена точност и вистинитост. Уписот на правата од хартиите од вредност во Централниот депозитар има конститутивно дејство. Правата на имателот на хартијата од вредност настануваат со запишување на хартијата од вредност на сметка на сопственикот во централниот депозитар за хартии од вредност и се пренесуваат со запишување на хартијата од вредност на сметката на новиот сопственик во централниот депозитар за хартии од вредност. Сметка на хартии од вредност претставува збирна состојба на сите хартии од вредност во сопственост на секој одделен сопственик на хартии од вредност запишан во Централниот депозитар за хартии од вредност. Сметките на хартиите од вредност ги содржат следните податоци: количина на хартиите од вредност, правата на хартиите од вредност на имателот, единствен матичен број на сопственикот, евентуални ограничувања на правата на сопственикот, права на трети лица кои произлегуваат од хартиите од вредност (залог и слично), и други податоци во врска со правата од хартиите од вредност, ограничувањата на нивниот пренос и забрана за располагање. Право за добивање на податоци за сопственоста кои се чуваат во Централниот депозитар за хартии од вредност има сопственикот на нематеријалните хартии од вредност, издавачот на хартиите од вредност и со закон овластени органи и институции, ако тие податоци им се потребни во постапката што ја водат во рамките на своите овластувања или за потребите на нивното редовно работење во согласност со закон. Начинот и постапката за добивање податоци од Централниот депозитар ги утврдува и пропишува Комисијата за хартии од вредност.

**Катастар на недвижности**

Еден од изворите на информации од кој во Централниот регистар се пренесуваат податоци за конституирани права на сопственост, хипотека, стварни и лични товари, долгорочен закуп, и други информации кои се однесуваат на недвижности, а кои информации се од големо значење за работата на нотарите во Република Македонија, е Катастарот на недвижностите кој го води Државниот завод за геодетски работи.

Согласно Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, Катастарот на недвижностите е јавна книга. Увидот во податоците на катастарот на недвижностите е достапен до заинтересираните лица, доколку за одредени податоци со закон или со друг пропис не е определено поинаку. Правата на недвижностите се стекнуваат, пренесуваат, ограничуваат и престануваат со запишување во катастарот на недвижностите, ако со закон не е определено поинаку. Податоците во катастарот на недвижностите се сметаат за точни и лицата кои се потпираат на запишаните состојби не можат да имаат штетни последици во односите во кои овие податоци се користат.

Во катастарот на недвижностите се запишуваат следните права: право на сопственост; стварни и лични

службености; товари и ограничувања (реални товари, право на залог-хипотека, и лични ограничувања); и други права за кои запишувањето е определено со закон.

Катастарскиот операт на недвижностите се изготвува и се одржува со автоматска обработка на податоците во еден механографски центар. Податоците кои ги содржи катастарскиот операт на недвижностите се запишуваат, обработуваат и се чуваат на магнетски медии или на друг начин погоден за автоматска обработка на податоците.

Републичката геодетска управа е должна по барање на заинтересирано лице да издаде исправа за фактите што произлегуваат од податоците за премерот и катастарот на недвижностите, ако за определени податоци не е определено поинаку.

**Трговски регистар**

Друг извор на податоци кои се пренесуваат во Централниот регистар е трговскиот регистар. Овој регистар е востановен со Законот за трговските друштва како јавна книга која содржи податоци, исправи и докази за субјектите на уписот во трговскиот регистар, односно на субјектите кои вршат трговска дејност. Трговскиот регистар се состои од регистарска влошка во која се запишуваат податоците за упис и збирка на прилози во којашто се приложуваат исправите и доказите за секој запишан субјект. Запишаните податоци, и доставените исправи и докази, во трговскиот регистар се чуваат трајно.

Трговскиот регистар се води на единствен начин на територијата на Република Македонија. Министерот за правда донесува акт со кој го уредува водењето на трговскиот регистар во писмена и во електронска форма, начинот на упис, формата, содржината и бројот на обрасците за упис во трговскиот регистар и на електронските записи, врската на судот со Централниот регистар заради водење на трговскиот регистар од страна на Централниот регистар во електронска форма и за остварување на едношалтерски систем, како и за други прашања од значење на уредно водење на трговскиот регистар.

Како начин на водење на трговскиот регистар, Законот за трговските друштва пропишува уписите во овој регистар да се вршат во писмена форма и во електронска форма. Трговскиот регистар во електронска форма е дел од централната информативна база на Централниот регистар, кој што е одговорен за нејзино воспоставување, водење и администрирање. Електронскиот документ, електронскиот потпис и печат, архивирањето, протокот на електронскиот документ и на оригиналните документи во процесот на регистрацијата се уредуваат во согласност со Законот за Централниот регистар и законите со кои што се уредува правната важност на електронскиот запис.

Податоците запишани во трговскиот регистар се јавни. Секое лице, на свој трошок може да бара да му се издаде фотокопија или заверен препис од податоците запишани во регистарката влошка.

**Матична евиденција**

Според Законот за матичната евиденција, кој е во сила во Република Македонија од февруари 1995 година, основните лични податоци на граѓаните се водат во: матична книга на родените, матична книга на венчаните и матична книга на умрените.

Матичните книги и изводите и уверенијата што се издаваат врз основа на јавните книги претставуваат јавни исправи. Матичните книги ги води Министерството за внатрешни работи или други служби определени со закон. Матичните книги се чуваат, заштитуваат и користат во согласност со закон. Изводи од матичните книги се издаваат на барање на лицето на кое се однесуваат податоците во тие исправи, како и на друго заинтересирано лице кога за тоа има правен интерес утврден со закон.

***Пристап на нотарите до националните бази на податци***

Пристапот на нотарите до регистрите кои се погоре споменати не е привилегиран, ниту пак постои практична можност за нотарите да прибават податоци од овие регистри по електронски пат. Нотарот може да ги прибави саканите информации од регистрите како и било кое друго физичко или правно лице, под услов таквото прибавување да не е ограничено на точно определен круг лица, како што е тоа на пример со податоците за сметките на имателите на хартии од вредност во Централниот депозитар за хартии од вредност.

***Доказна сила на податоците во електронски облик***

По однос на доказната сила на документот, се преферира материјалниот облик. Според Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис, податок во електронски облик не може да се одбие или да не се прифати како доказ само затоа што е во електронски облик. Ако со закон или друг пропис се бара информацијата да биде во писмена форма, овој услов е исполнет кога се работи за податоци во електронски облик ако податоците содржани во електронскиот докумет или запис се достапни и се на располагање за подоцнежна употреба, освен ако се работи за докумети кои задолжително се заверуваат пред суд или нотар.

***Обезбедување на податоците во електронски облик***

Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис предвидува стриктни правила за обезбедување на сигурни и доверливи податоци во електронски облик и за електронско потпишување. Обврската за преземање на мерки за обезбедување е предвидена како за издавачот така и за носителот на сертификатот кој му овозможува електронско потпишување. Издавачот е должен да употребува системи и опрема која обезбедува техничка и криптографска сигурност и која ќе гарантира максимална безбедност и доверливост на податоците со стандардите на Европската унија и светските стандарди, додека носителот на сертификатот е должен податоците и средствата за електронско потпишување да ги чува како добар домакин и да ги употребува во согласност со закон, како и да го спречи секој неовластен пристап до тие податоци.

*******

Во очекување наведените бази на податоци да бидат комплетирани и донесените закони кои овозможуваат електронски проток на податоци и признавање на електронскиот потпис да почнат практично да функционираат, на нотарската служба во Република Македонија и преостанува спремно да го дочека тој момент и со своето работење да придонесе кон зголемување на правната сигурност во оној дел во кој е вклучена во секојдневниот живот на општеството.

# ЗАКЛУЧОЦИ ОД СТРУЧНО СОВЕТУВАЊЕ ОДРЖАНО НА 18 ЈУНИ 2005 ГОДИНА ВО СТРУГА ВО ВРСКА СО ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ДРУГИ ПРИНОСИ ОД КАЗНИВО ДЕЛО

***Заклучоци усвоени на седница на Управниот одбор на НКРМ од 22.10.2005 година.***

1. Нотарот ќе го прифати како валиден доказ дека плаќањето е извршено преку финансиска институција документот во кој се потврдува дека купувачот го уплатил на сметка или штедна книшка на продавачот износот на купопродажната цена, доколку во истиот е наведено од страна на финансиската институција дека уплатата е извршена од име на купувачот на име на продавачот заради плаќање на купопродажната цена на предметот на продажбата (цел на дознака).

2. Нотарот не е должен да достави до Дирекцијата за спречување на перење пари информација за заверена правна работа со вредност од 15.000,00 ЕУР или повеќе во денарска противвредност во вид на една или повеќе поврзани трансакции, доколку плаќањето е извршено преку финансиска институција овластена за вршење на платен промет, бидејќи во ваквите случаи Дирекцијата добива информации за извршената трансакција од страна на финансиската институција.

3. При заверката на правните работи за кои странките тврдат дека исплатата на паричниот износ од 15.000,00 ЕУР или повеќе е извршена пред влегувањето во сила на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело, нотарот е должен самиот да процени дали ќе ги прифати како веродостојни доказите кои странките ги поседуваат за докажување на овој факт, ценејќи ги истите од аспект на законските прописи кои ја пропишуваат формата и содржината на исправите.

4. Нотарот може да изврши заверка на договор за купопродажба во кој плаќањето на купопродажната цена е определено на рати. При заверката на договор за купопродажба во кој плаќањето на купопродажната цена е определено на рати, доколку вкупната купопродажна цена е определена во износ од 15.000,00 ЕУР или повеќе, нотарот е должен да внимава дали ратите кои треба да се исплатат до денот на заверката на договорот се исплатени преку финансиска институција овластена за вршење на платен промет, без оглед на висината на поединечната рата, бидејќи се работи за поврзана трансакција.

5. Кога во договорот за купопродажба купопродажната цена е определена несразмерно ниско во однос на вистинската вредност на предметот на продажбата, нотарот ќе го завери таквиот договор, и за истиот ќе ја извести Дирекцијата за спречување на перење пари, бидејќи во ваков случај се работи за сомнителна трансакција во смисла на тоа што продавачот го продава предметот на продажбата со економска загуба. (Ќе се смета дека купопродажната цена во договорот е определена несразмерно ниско во однос на вистинската вредност на предметот на продажбата доколку вредноста на предметот на продажбата утврдена од надлежниот орган во постапката за даночење дупло или повеќе го надминува износот на купопродажната цена наведена во договорот).

# ЗАКЛУЧОЦИ ОД СТРУЧНО СОВЕТУВАЊЕ ОДРЖАНО НА 18 и 19 ЈУНИ 2005 ГОДИНА ВО СТРУГА ВО ВРСКА СО ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ

1.Во членот 23 став 4 од Законот за договорен залог се предвидува во кој случај и под кои услови друг заложен доверител врз ист предмет на залог (врз кој предмет на залог заложниот доверител од прв ред има прибележано право на избор да се стекне со сопственост) може да бара реализација на неговото заложно право (по истекот на 8 дена од достасаноста на побарувањето на заложниот доверител од прв ред ако тој не побарал да се стекне со сопственост). Истата одредба упатува на член 62 став 7 и член 64 став 8 од Законот за договорен залог. Меѓутоа, во овие одредби е уредена постапка за реализација кога врз предметот на залогот НЕ Е ВПИШАН ДРУГ ЗАЛОГ-што значи дека не кореспондираат со одредбата од член 23 став 4 од Законот за договорен залог. Логично би било членот 23 став 4 од Законот за договорен залог да упатува на членот 63 од истиот Закон.

Заклучок:

Единствено доверител од прв ред може да се стекне со право на избор да стекне право на сопственост врз предметот на залогот доколку должникот ни во рок од 8 дена не го исплати обезбеденото побарување.

2.Во членот 23 став 5 од Законот за договорен залог предвиден е услов под кој согласноста на заложниот должник доверителот да може да се стекне со сопственост врз предметот на залогот може да се прибележи дополнително откако веќе е впишан залогот, под услов врз истата недвижност да не е воспоставен друг залог. Дали ваквата можност се однесува само кога предмет на залогот е недвижност, или може да се толкува и пошироко?

Заклучок:

Членот 23 став 5 од Законот за договорен залог, се однесува само на недвижност.

3.Не е јасно дали одредбата од член 62 став 7 (истото важи и за одредбата од член 64 став 8 од Законот за договорен залог) дава можност за заложен доверител кој нема претходно прибележана согласност на заложниот должник доверителот да може да се стекне со сопственост врз предметот на залогот, во постапката за реализација на неговото заложно право не може на негово еднострано барање и без согласност на заложниот должник да бара да стекне право на сопственост врз предметот на залогот доколку должникот ни во рок од 8 дена не го исплати обезбеденото побарување, и таквото негово барање да се прибележи во заложен регистар или јавна книга, а се тоа под услов да нема впишан друг залог врз истиот заложен предмет, или ја предвидува постапката според која ќе се врши реализација на заложното право во случаите кога заложниот доверител веќе има прибележано ваква согласност?

Заклучок:

Единствено доверител од прв ред и единствено врз основа на согласност на заложниот должник може да се стекне со право на избор да стекне право на сопственост врз предметот на залогот доколку должникот ни во рок од 8 дена не го исплати обезбеденото побарување.

4.Дали може да се прифати да се прибележи согласност на заложниот должник заложниот доверител да може да се стекне со сопственост врз предметот на залогот кога предметот на залогот веќе еднаш е заложен во корист на истиот заложен доверител, односно кога се запишува заложно право од втор приоритет врз ист заложен предмет во корист на ист заложен доверител, при состојба кога со уписот на заложното право од прв приоритет веќе е прибележана ваква согласност?

Заклучок:

При запишување заложно право од втор приоритет врз ист заложен предмет во корист на ист заложен доверител, не може да се прибележи согласност на заложниот должник заложниот доверител да може да се стекне со сопственост врз предметот на залогот, бидејќи тоа е спротивно на член 23 од Законот за договорен залог кој предвидува дека ваква согласност заложниот должник може да даде само кога се воспоставува залог од прв ред.

5.Во врска со член 23 став 5 од Законот за договорен залог, дали може да се даде и да се прибележи согласност на заложниот должник заложниот доверител да може да се стекне со сопственост врз предметот на залогот и кај запишаните заложни права пред стапувањето во сила на Измените на Законот за договорен залог?

Заклучок:

Може да се даде и да се прибележи согласност на заложниот должник заложниот доверител да може да се стекне со сопственост врз предметот на залогот и кај запишаните заложни права пред стапувањето во сила на Измените на Законот за договорен залог.

6.Член 22а од Законот за договорен залог ја не ја има регулирано територијалната надлежност на нотарот при засновање на заложно право ниту пак при реализација на заложно право врз нематеријални хартии од вредност. Како ќе се утврди територијалната надлежност за овој вид на предмет на залог?

Заклучок:

Заложното право може да се заснова кај нотар кој е територијано надлежен според седиштето на заложниот должник.

7.Член 64 став 4 од Законот за договорен залог-што се смета за висина на обезбедено побарување-дали износот кој е запишан како висина на обезбеденото побарување во јавна книга, зголемен со трошоци и камати, или износот на неплатениот дел од обезбеденото побарување, зголемен со трошоци и камати?

Заклучок:

Како висина на обезбеденото побарување во смисла на членот 64 став 4 од Законот за договорен залог ќе се смета вносот кој е запишан како висина на обезбеденото побарување во јавна книга, зголемен со трошоци и камати.

8.Кога постапката за реализација нотарот ја запрел заради изречена привремена мерка, во смисла на член 68 став 3 од Законот за договорен залог, по

престанувањето на важењето на привремената мерка нотарот, на барање на заложниот доверител, ќе ја отпочне постапката за реализација од почеток како нова постапка.

9.Кога во постапката за реализација на заложното право предметот на залогот не е продаден во рокот од три месеци од дадената изјава за продажба, ниту заложниот доверител се стекнал со право на сопственост врз предметот на залогот, така што постапката за продажба е продолжена по цена определена од нотарот по претходно прибавено мислење од вешто лице (Член 65 став 6 од Законот за договорен залог), не може повеќе да се применува одредбата од член 163 од Законот за извршната постапка за намалување на почетната цена на предметот на залогот за најмногу една третина, туку за секоја натамошна продажба за цена пониска од проценетата ќе треба да се прибави писмено мислење на вешто лице.

Издавач:
**НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Жиро сметка: 240010000006382
Даночен број: 4030998346127
Депонент на "УНИ Банка" ад Скопје

Главен и одговорен уредник:
**Нотар Виолета Ангеловска**
со службено седиште во Битола

Редакциски одбор:

**Нотар Вилоета Ангеловска**
со службено седиште во Битола
**Нотар Зорица Пулејкова**
со службено седиште во Скопје
**Нотар Чедо Иванов**
со службено седиште во Кочани
**Нотар Весна Стојчева**
со службено седиште во Скопје

Адреса:
**Нотарска Комора на Република Македонија**
Скопје, ул.Даме Груев бр. 28/V
Тел: 02 3115-816
Тел/Факс: 02 3239-150
E-mail: nkrm@mol.com.mk

Печати:
Печатница "Европа 92"- Кочани

Носител на материјалните права на написите е издавачот. Забрането е препечатување, копирање и умножување на написите или нивни делови без претходно обезбедена согласност од издавачот.